**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# И З В Е Ш Т А Ј

**ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2025 ГОДИНА**

**Скопје, април 2026 година**

# СОДРЖИНА

**Тема ............................................................................................... страница**


Вовед ........................................................................................................ 1
I.Положба, надлежност и одговорност ............................................................ 3
I.1.Уставна положба и законска рамка ........................................................ 3
I.2.Организација на Јавното обвинителство ................................................ 3
I.2.Органограм на Јавното обвинителство .................................................. 5
I.3.Надлежност на Јавното обвинителство .................................................. 6
I.4.Одговорност на јавните обвинители ........................................................ 7
II.Постапување на јавните обвинителства ........................................................ 9
II.А.Вкупен обем на постапување .................................................................. 9
II.А.1.Обем на постапување за полнолетни сторители ........................ 11
II.А.1.1.Подносители на кривични пријави ................................... 12
II.А.1.2.Ажурност во постапувањето ............................................. 14
II.А.1.3.Барање за собирање потребни известувања ................... 21
II.А.1.4.Истражни дејствија ................................................................... 22
II.А.1.5.Примена на посебни истражни мерки .................................... 24
II.Б.Одлуки по кривични пријави и истраги ................................................ 27
II.Б.1.Број и структура ................................................................................ 27
II.Б.1.1.Отфрлени кривични пријави и жалби ................................ 27
II.Б.1.2.Наредби за спроведување истрага .................................... 29
II.Б.1.3.Одлуки по спроведена истрага .......................................... 30
II.Б.1.4.Предлог спогодби .................................................................. 31
II.Б.1.5.Обвиненија ............................................................................. 32
II.Б.1.6.Примена на мерката притвор ............................................. 34
II.В.Застапување и одлуки по обвинение ..................................................... 35
II.В.1.Присуство на главна расправа ...................................................... 35
II.В.2.Одлуки на суд .................................................................................. 36
II.Г.Обезбедување, одземење и конфискација ........................................... 39
II.Г.1.Привремено обезбедување на средства и имот ......................... 39
II.Г.2.Одземени предмети ....................................................................... 41
II.Г.3.Конфискација .................................................................................. 42
II.Д.Кривични дела извршени од сторители – Деца .................................. 45
II.Ѓ.Кривични дела извршени од непознати сторители ............................ 47
III.ПРАВНИ ЛЕКОВИ ........................................................................................ 49
III.1.Редовен правен лек - Жалба на пресуда ............................................. 49
III.1.1.Постапување на ВЈО Битола ...................................................... 52
III.1.2.Постапување на ВЈО Гостивар ................................................... 53
III.1.3.Постапување на ВЈО Скопје ....................................................... 54
III.1.4.Постапување на ВЈО Штип .......................................................... 55

IV.Вонредни правни лекови ..... 56
IV.1.Постапување по Барање за заштита на законитоста ..... 56
IV.2.Постапување по Барање за вонредно преиспитување на правосилна судска пресуда ..... 57
IV.3.Постапување по Жалба во ЈО РСМ ..... 58
IV.4.Постапување по други предмети во ЈО РСМ ..... 59
IV.5.Постапување по Вонредно ублажување на казна ..... 59
IV.6.Постапување во управно-судска и управна постапка ..... 60
V.Структура на криминалитетот ..... 61
V.1.Статистички преглед структурата на криминалитетот ..... 61
V.2.Анализа на структурата на криминалитетот за познати полнолетни сторители ..... 66
VI.Меѓуинституционална соработка ..... 74
VI.1.Јавното обвинителство и другите институции ..... 74
VI.1.Соработка со НВО ..... 75
VII.Комуникација со јавноста ..... 76
VII.1.Транспарентност на јавното обвинителство ..... 76
VII.2.Слободен пристап до информации од јавен карактер ..... 78
VIII.Меѓународна соработка ..... 79
VIII.1.Положба, правна рамка, организација на ЈО РСМ..... 79
VIII.2.Меѓународна правна помош преку Одд. за МПП ..... 80
VIII.3.Активност на АРО Канцеларијата за поврат на имот ..... 81
VIII.4.Активност на Канцеларијата за врски во Европравда ..... 82
VIII.5.Меѓународна активност на Јавното обвинителство ..... 82
IX.Капацитети на јавното обвинителство ..... 84
IX.1.Кадровска состојба ..... 84
IX.1.1.Јавни обвинители ..... 85
IX.1.2.Јавнообвинителска стручна служба ..... 90
IX.2.Просторни капацитети ..... 93
IX.3.Информатичка опрема и други услови за работа ..... 95
X.Буџет и јавни набавки ..... 99
X.1.Буџет ..... 99
X.1.2.Соодност помеѓу баран и одобрен буџет ..... 99
X.1.3. Процент и проблеми при реализација на Буџетот ..... 101
X.1.4.Трошоци за ЗКП ..... 105
X.1.5.Финасиска отчетност, јавни набавки ..... 106
Заклучок..... 108

## ВОВЕД

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, врз основа на член 54 став 4 од Законот за јавното обвинителство изготви единствен годишен извештај за работата на сите јавни обвинителства и за состојбата со криминалитетот во Република Северна Македонија во текот на 2025 година.

Извештајот ги сублимира податоците од поединечните годишни извештаи за работата во текот на 2025 година на дваесет и две основни јавни обвинителства, четири виши јавни обвинителства и на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Во него се содржат статистички и аналитички податоци за состојбата со криминалитетот во Република Северна Македонија во текот на 2025 година низ преглед на податоци за бројот, видот и фазите на кривичната постапка од постапување по кривичните предмети од фаза на предистрага, преку спроведување на истрага и поднесено обвинение до структура на одлуките на судот по поднесените обвиненија, обемот и видот на одлуките за одземање на предмети, на незаконски стекната имотна корист и конфискација на имот во кривичните постапки, како и постапувањето по редовни и вонредни правни лекови.

Во извештајот се содржат и податоци за остварената меѓународна правна помош и меѓународната соработка во кривичната материја низ работењето на јавните обвинителства, меѓуинституционалната соработка, за кадровската состојба, буџетот, просторните и материјалните услови за работа на јавните обвинителства, јавноста во работењето и соработката со граѓанскиот сектор.

Работењето на Јавното обвинителство во извештајната 2025 година како специфичен институционален предизвик трајно го обележа трагичниот кривично правен настан - пожарот во дискотеката „Пулс“ во Кочани како досега најголема трагедија со загуба на десетици млади човечки животи и тешко телесно повредување на стотици граѓани, предизвикана од неприродна причина, која истовремено разобличи континуирана системска слабост и институционална нефункционалност со елементи на корупција.

Дали и како Јавното обвинителство се справи со овој предизвик ќе покаже исходот од судските постапки во периодот што следи, иако Јавното обвинителство формално правно ги запази законските рокови и начин на постапување од аспект на организационо ангажирање на досега најголем ad hoc формиран тим на јавни обвинители во рамките на расположливите ресурси и со

закон пропишана поделба на стварната надлежност на јавните обвинителства во прв степен.

Во позитивна смисла како обележје во извештајната 2025 година треба да се истакне и зголемената функционалност и ефективност во остварување на функцијата на откривање и иницијално процесуирање со поднесување на кривични пријави за понатамошен прогон на криминалитетот од областа на организираниот криминал и корупција од страна на правосудната полиција, Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција и Царинската управа, но и на останатите надлежни институции како Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупција и Управата за јавни приходи.

Логично на тоа се наметнува прашањето дали и Јавното обвинителство адекватно и пропорционално ја оствари својата функција.

Одговорот ќе произлезе низ податоците од овој извештај, кои ако сме реални треба да се каже дека од нив произлегуваат низа слабости кои се резултат не само на екстерно објективни фактори кога се во прашање ресурсите на јавното обвинителство, туку и на интерни состојби кои понатаму ќе треба да се надминат со низа активности на подобрување, како од легислативен аспект, така и од организациско-функционален аспект.

Преку прикажаните статистички податоци, извештајот го отсликува не само обемот на работа, туку и степенот на ефикасност во постапувањето.

# I. ПОЛОЖБА, НАДЛЕЖНОСТ И ОДГОВОРНОСТ

## I.1.Уставна положба и законска рамка на Јавното обвинителство

Положбата на Јавното обвинителство во организацијата на државната власт и во правосудниот систем во поширока смисла на поимот е определена со одредбите на Уставот на Република Северна Македонија и со одредбите на Законот за јавното обвинителствосо со кои се дефинира како единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични и на други со закон утврдени казниви дела и врши други работи утврдени со закон.

Јавното обвинителство ги врши своите функции врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, при што соодветно ги применува и одредбите од Законот за употреба на јазиците.

Воедно, Јавното обвинителство во постапувањето непосредно ги применува конечните и извршни одлуки на Европскиот суд за човекови права, на Меѓународниот кривичен суд или на друг суд, чијашто надлежност ја признава Република Северна Македонија.

Функцијата на јавното обвинителство ја вршат Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и јавните обвинители.

## I.2.Организација на Јавното обвинителство

Јавното обвинителство е организирано според принципите на хиерархија и субординација чие почитување не смее да ја загрози самостојноста и одговорноста на секој јавен обвинител во вршењето на функцијата.

Јавното обвинителство се основа и се укинува со закон, па согласно позитивната легислатива истото се организира како Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, четири виши јавни обвинителства, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и 22 основни јавни обвинителства од кои седум се со основна надлежност, а петнаесет со проширена надлежност, кои се основаат за подрачје на суд од соодветен степен, пред кој се надлежни да постапуваат.

Вишото јавно обвинителство Битола е надлежно за пет основни јавни обвинителства и тоа во Битола, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга.

Вишото јавно обвинителство Гостивар е надлежно за четири основни јавни обвинителства и тоа во Гостивар, Дебар, Кичево и Тетово.

Вишото јавно обвинителство Скопје е надлежно за шест основни јавни обвинителства и тоа во Гевгелија, Велес, Кавадарци, Крива Паланка, Куманово и Скопје.

Вишото јавно обвинителство Штип е надлежно за седум основни јавни обвинителства и тоа во Берово, Делчево, Кочани, Свети Николе, Струмица, Радовиш и Штип.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е со седиште во Скопје и е надлежно за целата територија на државата, а во него се формира специјализирано одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција.

Секое Јавно обвинителство на начин утврден со закон се основа за подрачје на суд од соодветен степен, пред кој е надлежно да постапува во границите на својата стварна и месна надлежност.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија се основа за целата територија на Република Северна Македонија со седиште во Скопје и постапува пред Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Вишо јавно обвинителство се основа за подрачје на соодветен апелационен суд и постапува пред истиот.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се основа за целата територија на Република Северна Македонија и постапува пред Основниот кривичен суд Скопје со специјализирано судско одделение надлежно за судење на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупција.

Основно јавно обвинителство се основа за подрачје на еден или повеќе основни судови и постапува пред истите.

# Органограм на Јавното обвинителство



### I.3.Надлежност на Јавното обвинителство

Надлежноста на јавното обвинителство и јавните обвинители е уредена со Законот за јавното обвинителство, а усогласено со одредбите на Законот за судови и Законот за кривична постапка.

Според позитивната правна рамка, Јавното обвинителство постапува во границите на својата стварна и месна надлежност, соодветно на организационата поделба со усогласено постапување пред основните судови, пред апелационите судови и пред Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Согласно тоа, јавните обвинители имаат основни функции да раководат со предистражната постапка, да ја водат истражната постапка, да поднесуваат и застапуваат обвиненија, да постапуваат по редовни и вонредни правни лекови, сето во остварувањето на функцијата на гонење на сторителите на кривични дела и прекршоци, при што јавниот обвинител ги има следните права и должности :

-ги насочува дејствијата на органите надлежни за откривање и пријавување на кривичните  дела и на нивните сторители,
-предлага или издава наредба за преземање на посебни истражни мерки, под услови и на начин определени со закон,
-донесува наредба и спроведува истражна постапка,
-пронаоѓа, предлага и обезбедува докази, под услови и на начин определени со закон,
-предлага привремени мерки заради обезбедување на имот или предмети прибавени со кривично дело или заради извршување на мерката конфискација,
-одлучува за одлагање на кривичното гонење под услови и начин определени со закон,
-предлага издавање на казнен налог под услови определени со закон,
-преговара и се спогодува со обвинетиот за признавање на вина, на начин и под услови определени со закон,
-поднесува и застапува обвиненија пред надлежен суд,
-поднесува жалби против не правосилни судски одлуки и вонредни правни лекови против правосилни судски одлуки,
-одлучува по жалба на оштетениот во случаи утврдени со закон, и
-презема и други дејствија утврдени со закон.

Согласно член 32 од Законот за Јавното обвинителство, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, како дел од единствената хиерархиска структура на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, има специфична надлежност да постапува :

-за кривични дела извршени од организирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да се изврши едно или повеќе кривични дела за кое е предвидена казна затвор од најмалку четири години, како и за со закон таксативно наведените кривични дела.

-за кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција согласно членот 33 став 1 од Законот за јавното обвинителство постапките ги води посебното Специјализирано одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција.

Истото е надлежно да постапува и за кривични дела кои се извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција при вршење на службени должности и овластувања и кривични дела извршени надвор од службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување доколку со закон е предвидено гонење по службена должност.

### I.4.Одговорност на јавните обвинители

Јавниот обвинител на Република Северна Македонија е одговорен за општите состојби во врска со организирањето и извршувањето на функциите на јавното обвинителство и за својата работа и за работата на јавното обвинителство одговара пред Собранието на Република Северна Македонија.

Јавните обвинители во јавното обвинителство на Република Северна Македонија за својата работа одговараат пред Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и пред Советот на јавни обвинители.

Сите пониски јавни обвинители на јавните обвинителства и јавните обвинители во јавните обвинителства одговараат според хиерархијата која е во и над соодветното јавно обвинителство, пред Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и пред Советот на јавни обвинители.

Надзор над законитото и навремено извршување на јавно обвинителската функција на пониските јавни обвинителства врши повисокото јавно обвинителство, согласно утврдениот начин со правилници кои ги донесува Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, а надзор над

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција врши Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Постапка за утврдување на одговорност на јавните обвинители за сторена дисциплинска повреда е уредена со одредбите од Законот за јавното обвинителство и Правилникот за начинот на спроведување на постапката за утврдување на одговорност на јавниот обвинител кој по предлог на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија го донесува Советот на јавните обвинители.

Првостепената постапка за утврдување на одговорност на јавните обвинители за сторена дисциплинска повреда ја спроведува Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност од пет члена или нивни заменици од кои по еден од вишите јавни обвинителства и еден член од јавното обвинителство на Република Северна Македонија избрани од колегиумите од тие обвинителства, а второстепената постапка ја спроведува Советот на јавни обвинители.

Досегашната примена на постапка за утврдување на одговорност на јавните обвинители за сторена дисциплинска повреда укажува на потреба од законски измени со цел прецизирање на дисциплинската постапка.

# II.ПОСТАПУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА

## II.А.Вкупен обем на постапување на основните јавни обвинителства

Основните јавни обвинителства, во текот на 2025 година постапуваа по новопримени кривични пријави против вкупно 25.615 сторители на кривични дела, од кои против 19.976 новопријавени полнолетни лица, против 1.124 новопријавени деца и против 4.515 новопријавени непознати сторители на кривични дела, односно против вкупно 36.876 од кои вкупно 25.615 ново пријавени од сите категории, по вкупно 11.091 нерешени полнолетни лица на крајот од 2024 година, по вкупно 170 нерешени деца на крајот од 2024 година, ако на ова се додаде вкупниот број од 40.213 нерешени пријави против непознати сторители од сите претходни години, се вкупно новопријавени и пренесени од порано обвинителствата постапувале против вкупно 77.089 сторители на кривични дела од сите три категории.

**Збирен Табеларен преглед на вкупниот број на сторители на кривични дела на ново примени во 2025 година и пренесени од 2024 година по кои постапуваа основните јавни обвинителства во 2025 година :**

| | Новопријавени лица во 2025 | Пренесени во работа од 2024 | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Полнолетни сторители** | **19.976**<br>**64,3 %**<br>**(78 %)** | **11.091**<br>**35,7 %**<br>**(21,5 %)** | **31.067**<br>**100 %**<br>**(40,3 %)** |
| **Деца** | **1.124**<br>**86,9 %**<br>**(4,4 %)** | **170**<br>**13,1 %**<br>**(0,3 %)** | **1.294**<br>**100 %**<br>**(1,7 %)** |
| **Непознати сторители** | **4.515**<br>**10,1 %**<br>**(17,6 %)** | 40.213<br>**89,9 %**<br>**(78,2 %)** | 44.728<br>**100 %**<br>**(58 %)** |
| **Вкупно** | **25.615**<br>**(100 %)** | 51.474<br>**(100 %)** | 77.089<br>**(100 %)** |

Бројот против непознати лица од претходни години ќе биде предмет на посебна анализа соодветно во посебен дел изнесен подолу во овој извештај, при што се напоменува дека сите други податоци за познати полнолетни и деца сторители се обработува по број на лица, а не по пријави или предмети, а бројот против непознати сторители се обработува по број на кривични дела за кои се поднесени кривични пријави бидејќи не се знае во еден кривично правен настан колку сторители има се до моментот на откривањето и тогаш тој број се пренесува соодветно во бројот на ново примени познати полнолетни или деца сторители.

**Табеларен преглед за споредба на вкупниот број на ново примени кривични пријави според категории на сторители на кривични дела по кои постапуваа основните јавни обвинителства во 2025 година :**

| Сторители на кривични дела | 2024 | 2025 |
|---|---|---|
| **Полнолетни** | 20.103 | 19.976 |
| **Деца** | 1.260 | 1.124 |
| **Непознати** | 4.546 | 4.515 |
| **Вкупно:** | 25.909 | 25.615 |

Споредбата на статистичките податоци за ново пријавени лица во 2025 година со оние од претходната 2024, покажува дека има незначително намалување во однос на полнолетни и непознати сторители, што значи дека обемот на работа е приближно исто ниво, а само забележително намалување имај кај децата сторители.

Имено, во 2025 година ова незначително намалување е следното,
-за полнолетните е за 127 лица или 0,63 %,
-за деца е за 136 лица или 10,79 %,
-за непознати е за 31 пријава или 0,68 %.

### II.А.1.Обем на постапување за полнолетни сторители

Во 2025 година основните јавни обвинителства постапуваа против вкупно 31.067 познати полнолетни сторители на кривични дела, од кои новопримени се пријави против вкупно 19.976 лица, а од претходен период биле пренесени како нерешени пријави против вкупно 11.091 лице.

Споредбено со претходната 2024 година кога се постапувало против вкупно 31.283 познати полнолетни сторители на кривични дела, од кои новопримени биле вкупно 20.103 лица, а од претходен период биле 11.180 лица, состојбата е следна,

Во 2025 година, има помал вкупен обем на работа за 216 лица познати полнолетни сторители што е незначително намалување од 0,69 %, има помал вкупен број на новопријавени 127 лица познати полнолетни сторители што е незначително намалување од 0,63 % и има помал вкупен број на нерешени 89 лица познати полнолетни сторители што е незначително намалување од 0,79 %, од што се заклучува дека обемот на работа во 2025 година споредбено со 2024 година е на исто ниво, при што вкупно решените пријави се исто така на исто ниво, како и нерешените на крајот на годината се исто така на исто ниво, што значи дека вкупниот обем на работа за познати полнолетни сторители на кривични дела е идентично совладан.

**Табеларен преглед за споредба на вкупниот број на ново примени и пренесени против полнолетни сторители по Виши јавни обвинителства и ОЈО ГОКК :**

| Вишо јавно обвинителство со подрачните основни обвинителства и ОЈО ГОКК | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|
| **Битола** | 5.979 | 5.752 | 5.287 |
| **Гостивар** | 5.033 | 5.465 | 4.752 |
| **Скопје** | 14.263 | 15.667 | 15.995 |
| **Штип** | 3.046 | 3.382 | 3.482 |
| **ОЈО ГОКК** | 1.185 | 1.017 | 1.551 |
| **Вкупно:** | **29.506** | **31.283** | **31.067** |

Во овој преглед се искажани тригодишни податоци за подетален увид на движењето на обемот на работа.

Од овој преглед се констатира дека на ниво на ВЈО Битола има континуиран мал пад, значителен пад има во ВЈО Гостивар, забележителен пораст има кај ВЈО Скопје, во ВЈО Штип е константа со мал пораст, а најголем пораст има кај ОЈО ГОКК за околу 50%.

Ова зборува за една константа во откривањето и пријавувањето на криминалитетот, на одредени подрачја сметаме дека е во корелација со опаѓање на бројот на население, а со очекуван пораст во ОЈО ГОКК имајќи ја во предвид зголемената активност во 2025 година на откривање и пријавување од страна на институциите во состав на Правосудната полиција, МВР, Управата за финансиска полиција и Управата за Царина.

### II.A.1.1. Подносители на кривични пријави

Во текот на извештајната 2025 година, која е на приближно исто ниво на ново пријавени полнолетни лица во однос на 2024 година, од структурата на подносителите за истите, произлегува дека традиционално како и секогаш најголем подносител е МВР кој од вкупно 19.976 лица пријавил 14.422 лица или 72,2 %.

Споредбено со претходната 2024 година кога од вкупно 20.103 лица МВР пријавиле 14.196 лица или 70,6%, во 2025 година е раст од 1,6 % од вкупниот број на пријавени лица.

Анализа ќе направиме само за МВР и со споредба со 2023 година бидејќи тој е најголем подносител и по закон прв повикан за откривање на кривичните дела, но и затоа што кај другите субјекти состојбата е приближно на исто ниво во 2023, 2024 и 2025 година.

Така, во 2023 година МВР поднеле пријави против 11.499 лица или 68,4 % што е податок кој укажува на континуиран раст за приближно по 2 % секоја наредна година, односно во апсолутни бројки разликата помеѓу 2025 и 2023 година е 2.923 лица, што е показател за зголемениот степен на откривачката функција на МВР.

Од аспект на откривањето и пријавувањето на организираниот криминал и корупција од страна на МВР, анализа ќе направиме преку работењето на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција како специјализирано обвинителство за овој криминалитет.

Така, во 2025 година од страна на МВР до ОЈО ГОКК се поднесени пријави против 562 лица или 48,5 % од вкупно пријавните 1.159 лица во тоа обвинителство.

Споредбено со 2024 година кога од страна на МВР до ОЈО ГОКК биле поднесени пријави против 325 лица, во 2025 година има зголемување за 237 лица или 73 % повеќе.

При ова треба да се има во предвид дека во делата за корупција влегуваат и кривичните дела на злоупотреба на службената должност и овластување кои со измените на КЗ од 2023 година буквално излегоа од надлежност на ОЈО ГОКК со бришење на ст.5 од чл.353 од КЗ, што беше носечки дел во работата на ОЈО ГОКК од аспект на кривично правната заштита на државниот буџет и работењето на јавните фондови, така да доколку чл.353 ст.5 од КЗ не беше променет уделот на МВР во работењето на ОЈО ГОКК ќе беше значително поголем, кое нешто пак не ја намали активноста на МВР кое од своја страна за овие дела има зголемена активност и пријавите се поднесени до другите надлежни обвинителства.

**Табела за структурата на подносители на пријавите во 2025 г. по број на лица по виши јавни обвинителства и ОЈО ГОКК, со споредбени податоци за 2024 година**

| ВЈО | Вкупно пријави по лица | Подносители | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | МВР | Граѓани | Правни лица | Други државни органи | Иницијатива на ЈО | Други |
| **Скопје** | 8940 | 6460 | 1002 | 283 | 621 | 352 | 222 |
| **Битола** | 3633 | 2731 | 498 | 95 | 181 | 128 | / |
| **Штип** | 3082 | 2162 | 504 | 55 | 204 | 132 | 25 |
| **Гостивар** | 3162 | 2507 | 250 | 105 | 74 | 226 | / |
| **ОЈО ГОКК** | 1159 | 562 | 36 | / | 368 | 153 | 40 |
| **Вкупно 2025** | **19.976 100 %** | **14.422 72,2 %** | **2.290 11,5 %** | **538 2,7 %** | **1.448 7,2 %** | **991 5 %** | **287 1,4 %** |
| **Вкупно 2024** | **20.103 100%** | **14.196 70,6%** | **2.753 13,7%** | **820 4,1%** | **1.173 5,8%** | **873 4,4%** | **288 1,4%** |

Од предметната Табела произлегува дека 2024/2025 година кај МВР има зголемување, анализирано посебно напред, а за другите подносители кај граѓани како подносители пад за 2,2 %, кај правни лица пад за 1,4 %, кај други државни органи ( УЈП, Царина, Инспекции, Центри за социјална работа итн. ) пораст за 1,4 %, по иницијатива на самите ОЈО пораст за 1,4 %, а кај други подносители кои не се вклопуваат во претходните категории ( анонимни, адвокатура и други ) е на исто ниво од 1,4 %.

Од ова се заклучува дека има тенденција на раст на функцијата на откривање и пријавување од страна на државните органи, но и тенденција на зголемување на постапките оформени по иницијатива на јавниот обвинител и т.н. „допрен глас“.

### II.A.1.2.Ажурност во постапувањето за полнолетни сторители

Во 2025 година основните јавни обвинителства постапуваа против вкупно 31.067 познати полнолетни сторители на кривични дела ( новопримени во 2025 вкупно 19.976 лица и вкупно 11.091 пренесени од 2024 ) од кои основните јавни обвинителства решиле кривични пријави против вкупно 20.247 лица или 65,2 %, а на крајот на 2025 година останале во работа кривични пријави против вкупно 10.820 лица или 34,8 % од кои 6.066 лица или 56,1 % кај јавните обвинители и 4.754 лица или 43,9 % кај други органи.

Загрижува податокот дека кај јавните обвинителства останале нерешени 56,1 %, а кај други органи 43,9 %.

Споредбено со претходната 2024 година кога се постапувало против вкупно 31.283 познати полнолетни сторители на кривични дела, (од кои новопримени вкупно 20.103 лица и од претходен период 11.180 лица) и биле решени пријави против 20.192 лица или 64,5%, во 2025 година со решени вкупно 20.247 лица или 65,2 % , се заклучува дека има пораст од 0,7 %, односно вкупниот обем на работа за познати полнолетни сторители на кривични дела е идентично совладан, односно пријавите се решени против скоро идентичен број на лица колку што и тековно се примени, а како и претходниот период останува нерешена бројка од околу 11.000 лица.

Заклучок е дека јавното обвинителство треба да ја подобри ажурноста на своето постапување кое на сегашно ниво од 65,2 % е незадоволително.

При ваквиот заклучок се има во предвид фактот дека во април 2025 година капацитетот е зајакнат со нови 25 јавни обвинители, односно за 9,6%, што

е објаснето во делот на капацитетите на јавното обвинителство, заклучокот е дека обемот на работа во 2025 година не е адекватно совладан бидејќи логично би било соодносот на зголемен број на јавни обвинители право пропорционално да влијае на поголема ефикасност во решавањето при исти обем на работа.

За оваа состојба генерално може да се каже дека е резултат на ослабените капацитети во јавно обвинителската служба како човечки ресурси, така и на материјални средства, но сепак бројката не е адекватна и не може да се препише само на објективните екстерни фактори, причината треба да се детектира во интерните слабости и да се преземат конкретни чекори за нивно надминување.

Ова неопходно ќе биде предмет на посебна длабинска анализа во текот на следниот период за кое нешто е потребно повеќе време од она што претставува сублимат на посебните извештаи во збирен извештај на ниво на држава, за да се утврди конкретно колку во сето тоа придонес има квалитетот на пријавите проследени низ структурата на подносителите, структурата на кривичните дела за кои се јавува негативниот показател дали е кај сите во линеарен тренд или е кај одредена група на кривични дела, на кои подрачја и кај кои јавни обвинителства е изворот на оваа состојба, при што ќе треба да се аспектираат и траењето на истрагите и на судските постапки, дали истите имаат негативен импакт на совладувањето на приливот на нови пријави, влијанието на структурата на јавно обвинителскиот кадар кој е во фаза на пополнување со нови млади обвинители кои имаат законски ограничен опсег на надлежно постапување само за кривични дела во скратена постапка, на сметка на одливот на постарите и искусни кадри, но и други фактори.

**Графички приказ на вкупен број на новопримени наспроти бројот на решени кривични пријави за 2024 и 2025 година :**




Анализирано по подрачја каде и колкав е заостатокот, се даваат следните два Табеларни прегледи

**1.Табеларен преглед на нерешени пријави во 2025 година по број на лица по подрачја на ВЈО и ОЈО ГОКК**

| Вишо јавно обвинителство со подрачните основни обвинителства и ОЈО ГОКК | Во Основни јавни обвини телства | Кај други органи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Битола** | 690 | 887 | 1.577 |
| **Гостивар** | 283 | 950 | 1.233 |
| **Скопје** | 4.461 | 2.200 | 6.661 |
| **Штип** | 6 | 595 | 601 |
| **ОЈО ГОКК** | 626 | 122 | 748 |
| **Вкупно:** | 6.066 | 4.754 | 10.820 |

Од овој Табеларен преглед произлегува дека само кај основните јавни обвинителства на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип има скоро апсолутно постапување со само 6-шест лица кои останале без преземени јавно обвинителски дејствија на крајот на 2025 година, а по 595 лица обвинителите постапиле, но не добиле одговор од лицата од каде барале потребни известувања, вештачења или други податоци за да се донесе конечна јавно обвинителска одлука. Остатокот од 6-лица е кај ОЈО Кочани каде овие лица биле пријавени при крајот на извештајната 2025 година и ако се има предвид дека ова обвинителство е едно од најоптоварените според обемот на работа и со само вкупно 3-три јавни обвинители од предвидените 6-шест јавни обвинители, заклучокот е дека ова е занемарлив податок.

Кај другите основните јавни обвинителства на подрачјето на другите Виши јавни обвинителства во Битола, Гостивар и Скопје, како и ОЈО ГОКК, состојбата е најнеповолна кај ВЈО Скопје, па кај ОЈО ГОКК, а потоа кај ВЈО Битола, па кај ВЈО Гостивар кој споредено со другите е во многу помал заостаток.

Во периодот кој следи неминовно е потребно да се анализираат причините и да се преземат дејствија за нивно надминување.

**2.Табеларен преглед на вкупно примени и вкупно нерешени пријави во 2025 година по број на лица по подрачја на ВЈО и ОЈО ГОКК**

| **Вишо јавно обвинителство со подрачните основни обвинителства и ОЈО ГОКК** | **Пренесени од 2024 во 2025** | **Ново примени 2025** | **Вкупно** во работа во 2025 | **Вкупно** Решени на крај на 2025 | **Вкупно** Нерешени на крај на 2025 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | 1.654 | 3.633 | 5.287 | 3.710 | 1.577 |
| **Гостивар** | 1.590 | 3.162 | 4.752 | 3.519 | 1.233 |
| **Скопје** | 7.055 | 8.940 | 15.995 | 9.334 | 6.661 |
| **Штип** | 400 | 3.082 | 3.482 | 2.881 | 601 |
| **ОЈО ГОКК** | 392 | 1.159 | 1.551 | 803 | 748 |
| **Вкупно:** | **11.091** | **19.976** | **31.067** | **20.247** | **10.820** |

Од овој Табеларен преглед, како збирна анализа, на вкупно примени и вкупно нерешени пријави во 2025 година по број на лица по подрачја на ВЈО и ОЈО ГОКК, произлегува дека постапувајќи против вкупно 31.067 полнолетни лица, основните јавни обвинителства решиле кривични пријави против вкупно 20.247 лица или решени биле 65,2 % од вкупниот број на предмети во работа, а на крајот на годината, кај јавните обвинители или кај други органи, останале во работа кривични пријави против вкупно 10.820 лица или 34,8 %.

Споредбено на 2025 година со решени 65,2 % со 2024 година со решени 64,5% и со 2023 година со решени 61,2%, се заклучува дека има мал пораст на ефикасноста и недоволна совладаност на вкупниот обем на работа, кој е очигледно оптоварен со заостатокот кој континуирано во скоро идентичен број се пренесува од една во наредна година.

**Графички приказ за 2025 година на бројот на новопримени наспроти бројот на решени кривични пријави по подрачја на виши јавни обвинителства и ОЈОГОКК :**




Споредбено на 2024 година со 2025 година за вкупниот обем на работа и постапувањето по истиот со број на решени пријави и број на останати нерешени пријави, сето искажано по број на лица, по подрачја на вишите јавни обвинителства и ОЈО ГОКК, се дава следната :

**Табела за споредба 2024/2025 по подрачја на вишите јавни обвинителства и ОЈО ГОКК за обемот на работа и ажурноста во постапувањето**

| Подрачје ВЈО и ОЈО ГОКК | Вкупно во работа 2024 | Вкупно Решени 2024 | Вкупно нерешени 2024 | Вкупно во работа 2025 | Вкупно Решени 2025 | Вкупно нерешени 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | 5.752 | 4.098 | 1.654 | 5.287<br>-465 | 3.710<br>-388 | 1.577<br>-77 |
| **Гостивар** | 5.465 | 3.875 | 1.590 | 4.752<br>-713 | 3.519<br>-356 | 1.233<br>-357 |
| **Скопје** | 15.667 | 8.612 | 7.055 | 15.995<br>+328 | 9.334<br>+722 | 6.661<br>-394 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Штип** | 3.382 | 2.982 | 400 | 3.482<br>+100 | 2.881<br>-101 | 601<br>+201 |
| **ОЈО ГОКК** | 1.017 | 625 | 392 | 1.551<br>+534 | 803<br>+178 | 748<br>+356 |
| **Вкупно:** | **31.283** | **20.192** | **11.091** | **31.067**<br>**-216** | **20.247**<br>**+55** | **10.820**<br>**-271** |

Анализирајќи ги сите напред изнесени податоци за вкупниот обем на работа, бројот на решени и останати како нерешени пријави, сето по број на лица, а по подрачја на пооделните Виши јавни обвинителства и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, во 2025 и споредбено со 2024 година, состојбата е следната :

Основните јавни обвинителства од подрачјето на Вишо јавно обвинителство Битола постапувале против вкупно 5.287 лица, од кои 3.633 пријавени лица во извештајната 2025 година и 1.654 лица останати во работа од претходната 2024 година. Во текот на 2025 година биле решени предмети против 3.710 лица или 70,2 %, а на крајот од истата останале нерешени предмети против 1.577 лица или 29,8 %. Споредено со 2024 година во 2025 година во работа имало 465 лица помалку, решени биле помалку 388 лица и нерешени останале помалку 77 лица.

Од ова се заклучува дека ефикасноста во 2025 е намалена во однос на 2024 година, затоа што се очекува колку е намален приливот, толку да се зголеми бројот на решени лица.

Основните јавни обвинителства од подрачјето на Вишо јавно обвинителство Гостивар постапувале против вкупно 4.752 лица, од кои 3.162 пријавени лица во извештајната 2025 година и 1.590 лица останати во работа од претходната 2024 година. Во текот на 2025 година биле решени предмети против 3.519 лица или 74 %, а на крајот од истата останале нерешени предмети против 1.233 лица или 26 %. Споредено со 2024 година во 2025 година во работа имало 713 лица помалку, решени биле помалку 356 лица и нерешени останале помалку 357 лица.

Од ова се заклучува дека ефикасноста во 2025 е намалена во однос на 2024 година, затоа што се очекува колку е намален приливот, толку да се зголеми бројот на решени лица.

Основните јавни обвинителства од подрачјето на Вишо јавно обвинителство Скопје постапувале против вкупно 15.995 лица, од кои 8.940 пријавени лица во извештајната 2025 година и 7.055 лица останати во работа од претходната 2024 година. Во текот на 2025 година биле решени предмети против 9.334 лица или 58,4 %, а на крајот од истата останале нерешени предмети против 6.661 лице или 41,6 %. Споредено со 2024 година во 2025 година во работа имало 328 лица повеќе што е приближно 2% и не е големо зголемување, решени биле повеќе 722 лица што е приближно 4% и нерешени останале помалку 394 лица.

Од ова се заклучува дека ефикасноста во 2025 е зголемена приближно 4% во однос на 2024 година.

Основните јавни обвинителства од подрачјето на Вишо јавно обвинителство Штип постапувале против вкупно 3.482 лица, од кои 3.082 пријавени лица во извештајната 2025 година и 400 лица останати во работа од претходната 2024 година. Во текот на 2025 година биле решени предмети против 2.881 лице или 82,7 %, а на крајот од истата останале нерешени предмети против 601 лице или 17,3 %. Споредено со 2024 година во 2025 година во работа имало 100 лица повеќе што е приближно 3% и не е големо зголемување, решени биле помалку 101 лице што е приближно 3% и нерешени останале повеќе 201 лице што е 50% повеќе.

Од ова се заклучува дека ефикасноста во 2025 е намалена во однос на 2024 година, што во апсолутни бројки не е загрижувачки, за ова влијание имаат состојбите во ОЈО Делчево каде е зголемен обемот на работа, а постапува само еден јавен обвинител кој е почетник од последната генерација од Академијата, зголемениот обем на работа во ОЈО Струмица а со намален број обвинители, зголемениот обем на работа во ОЈО Кочани кое е со недоволен број обвинители, половина од потребното, каде посебно влијание врз вообичаеното работење има зголемениот ангажман со постапувањето во кривично правниот настан со пожарот во дискотеката Пулс.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапувало против вкупно 1.551 лице, од кои 1.159 пријавени лица во извештајната 2025 година и 392 лица останати во работа од претходната 2024 година. Во текот на 2025 година биле решени предмети против 803 лица или 51,8 %, а на крајот од истата останале нерешени предмети против 748 лица или 48,2 %. Споредено со 2024 година во 2025 година во работа имало 534 лица повеќе што е приближно 50 % и решени биле повеќе 178 лица што е приближно 17% и нерешени останале повеќе 356 лица што е приближно 90%.

Од ова се заклучува дека ефикасноста во 2025 е малку намалена во однос на 2024 година, затоа што точно е дека приливот е зголемен приближно за 50% но е зголемен и бројот на нерешени лица, што при исти капацитети како во 2024 година се должи на спецификата на предметите на ова обвинителство кои

се најсложени по однос на број на лица, број на кривични дела, што има директно влијание со подолго време на траење на истрагите во тие предмети.

Генералниот заклучок на ниво на целото јавно обвинителство е дека во 2025 година при исти обем на работа во однос на 2024 година нема подобри резултати и е на исто ниво совладувањето на обемот на работа.

### II.A.1.3.Барање за собирање потребни известувања

Во 2025 година, основните јавни обвинителства, постапувајќи по кривичните пријави, презеле дејствија на собирање на потребни податоци и известувања во 15.635 случаи.

Споредбено со 2024 година кога биле барани потребни податоци и известувања во 16.179 случаи, имаме намалување за 544 барања или 3,4 %.

Ова не се цени како негативен тренд, напротив тоа значи дека квалитетот на пријавите е подобрен од аспект на собраните докази во претходна постапка, па обвинителите можеле да донесат јавнообвинителски одлуки без дополнителни проверки и прибирање на докази.

**Табела за поднесени барања за собирање податоци и потребни известувања 2024/2025 по подрачја на виши обвинителства и ОЈО ГОКК :**

| Вишо јавно обвинителство и ОЈО ГОКК | 2024 | 2025 | Разлика |
|---|---|---|---|
| **Битола** | 3.641 | 3.378 | - 263 |
| **Гостивар** | 1.498 | 1.524 | + 26 |
| **Скопје** | 7.327 | 6.629 | - 698 |
| **Штип** | 3.558 | 3.799 | + 241 |
| **ОЈО ГОКК** | 155 | 305 | + 150 |
| **Вкупно:** | **16.179** | **15.635** | **- 544** |

Од податоците од Табелава произлегува дека основните јавни обвинителства на подрачјето на ВЈО Скопје со 698 барања помалку и на ВЈО Битола со 263 барања помалку во однос на минатата 2024 година ги решиле пријавите, додека со поголема дополнителна активност на проверки постапувале обвинителствата на подрачјата на ВЈО Штип со 241 барање повеќе и со незначителни 26 барања повеќе на подрачјето на ВЈО Гостивар, а ОЈО ГОКК со 150 барања повеќе што е двојно повеќе во однос на 2024 година.

Праксата говори дека кај кривичните пријави поднесени од подносители кои не се државни институции вообичаено е да понудените докази се недоволни и се налага потреба обвинителствата да преземаат дополнителни дејствија на проверки и прибирање на списи и докази, како би можеле да донесат конечна јавно обвинителска одлука, што е разбирливо дека јавното обвинителство согласно одредбите од ЗКП раководи со предистражната постапка и со Правосудната полиција која е најголем подносител, а другите подносители ги немаат можностите и механизмите за претходно прибирање на списи што ги имаат државните институции во рамките на своите овластувања.

### II.А.1.4.Истражни дејствија

Јавните обвинители поголемиот број дејствија ги преземаат пред носењето на Наредбата за спроведување на истражна постапка и во текот на истрагата, меѓутоа сами спроведуваат голем дел од истражните дејствија во предметите за кои се води скратена постапка и за кои законот не бара формално спроведување истрага.

Во 2025 година во предистражна постапка од јавните обвинители биле преземени најмалку 15.284 различни истражни дејствија, кои вклучуваат увиди на лице место, претреси, препознавања, наредби за вештачење, повикување и испитување сведоци и осомничени и слично.[1]

Споредбено со 2024 година кога во предистражна постапка од јавните обвинители биле преземени најмалку 14.345 различни истражни дејствија, во 2025 година имаме зголемување за вкупно 939 истражни дејствија или 6,5 %.

[1] Во оваа бројка се опфатени единствено истражните дејствија кои се регистрирани во уписниците каде се евидентираат само најважните преземени дејствија. Со оглед на тоа, вкупната реална бројка на преземени истражни дејствија од јавните обвинители го надминува овој број

**Табела за преземени истражни дејствија 2024/2025 во предистражна постапка според подрачја на виши обвинителства и ОЈО ГОКК :**

| Вишо јавно обвинителство со подрачните основни обвинителства и ОЈО ГОКК | 2024 | 2025 | Разлика |
|---|---|---|---|
| **Битола** | 3.223 | 3.333 | + 110 |
| **Гостивар** | 1.087 | 1.232 | + 145 |
| **Скопје** | 7.575 | 6.627 | - 948 |
| **Штип** | 2.255 | 2.774 | + 519 |
| **ОЈО ГОКК** | 205 | 1.318 | + 1.113 |
| **Вкупно:** | **14.345** | **15.284** | **+ 939** |

**Графикон за вкупен раст кај ВЈО Битола, Гостивар, Штип и ОЈО ГОКК, а пад кај ВЈО Скопје**



Во споредба со претходната 2024 година, во 2025 година пад има само на подрачјето на ВЈО Скопје, а најголем раст во ОЈО ГОКК и на подрачјето на ВЈО Штип.

Овие параметри кога се во нормални помали негативни отстапки на годишно ниво со претходен период не се алармантни дека некое обвинителство помалку работи, а друго повеќе, затоа што се во зависност од бројот на обвинети лица во еден предмет, од бројот на сведоци, на оштетени, на материјални траги и предмети кои се подложни на вештачења итн., што е суштинска разлика од прибирањето на известувања.

Растот во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е очекуван имајќи предвид зголемениот обем на работа во 2025 година.

Овие податоци се показател за зголемениот ангажман на јавните обвинители во обезбедувањето на доказите за кривичен прогон.

### II.А.1.5.Примена на посебни истражни мерки

Една од најефикасните кривично процесно правни алатки во откривањето и докажувањето на кривичните дела од областа на организираниот криминал и корупција е примената на истражните дејствија со примена на посебните истражни мерки ( ПИМ ), кои праксата покажа дека ја зголемуваат ефикасноста на органите на кривичниот прогон во борбата против организираниот криминал и корупција.

Посебните истражни мерки се пропишани со одредбите на Глава XIX од Законот за кривична постапка каде со чл.252 се предвидени посебните истражни а со другите одредби се регулира условите за издавање на наредба за нивна примена, органот кој издава наредба, времетраењето и се друго поврзано со нивната примена., така што законот предвидува за кои кривични дела истите се спроведуваат, а само од страна на основните јавни обвинителства кои имаат стварна надлежност за кривичните дела за кои ПИМ е дозволено да се применат.

Во нашиот правен систем тоа се основните јавни обвинителства со проширена надлежност за дел од кривичните дела, а за најголемиот дел од дозволените кривични дела најголема и најширока надлежност и во пракса нивна најголема примена има постапувањето на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција.

**Табеларен преглед по ВЈО и ОЈО ГОКК**

| ВЈО со подрачните основни обвинителства и ОЈО ГОКК | предмет и ПИМ во работа од 2024 во 2025 | нови пред мети ПИМ во 2025 | Вкупно ПИМ во работа во 2025 | Од ОЈО | Од МВР | ПИМ 2025 спрема познат и лица | ПИМ 2025 спрема не познат и лица | ПИМ 2025 спрема предмет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | / | 6 | 6 | / | 6 | 7 | / | / |
| **Гостивар** | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Скопје** | 3 | 16 | 19 | / | 16 | 16 | 1 | 3 |
| **Штип** | / | 4 | 4 | / | 4 | 4 | 2 | / |
| **ОЈО ГОКК** | 2 | 18 | 20 | 2 | 16 | 335 | / | 53 |
| **Вкупно:** | **5** | **44** | **49** | **2** | **42** | **362** | **3** | **56** |

Во 2025 година во вкупно 49 случаи имало примена на ПИМ од кои 5 случаи започнати во 2024 година продолжиле со примена и во 2025 година и во 2025 година се отворени нови 44 случаи на примена на ПИМ.

Споредбено со 2024 година кога имало 35 случаи на примена на ПИМ, во 2025 година има благо зголемување за 9 нови случаи, но останува на половина помалку од 87 случаи што ги имало во 2023 година.

Од вкупно 44 нови случаи за 2 иницијатор е самото јавно обвинителство и тоа ОЈО ГОКК, додека кај другите обвинителства подносител на предлозите за примена е МВР кој е подносител и кај ОЈО ГОКК за другите случаи.

Во 2025 година во 44 нови случаи, ПИМ биле применети спрема вкупно 365 лица од кои само 3 биле со неутврден идентитет и спрема 362 со познат идентитет, како и спрема 56 предмети на кривично дело спрема кои се применувале ПИМ.

Споредбено ова е скоро исто како и претходната 2024 година во однос на бројот на познати лица, но значително помалку во однос на непознати лица и предмети, имајќи предвид дека во 2024 година под опфат на посебни истражни

мерки биле вкупно 363 лица со утврден идентитет, 8 лица со неутврден идентитет и 163 предмети на кривично дело.

Анализирано по подрачја на виши обвинителства и ОЈО ГОКК, ПИМ не бил применет ниту во еден случај на подрачјето на ВЈО Гостивар, додека основните обвинителства на другите подрачја ги применувале, а најголема примена има од страна на ОЈО ГОКК што е и очекувано имајќи ја предвид надлежноста на ова јавно обвинителство кое ги работи најсложените кривични дела на организиран криминал и корупција, по што зад ОЈО ГОКК според број на случаи, но помалку со опфатени лица се основните обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје, па на Битола и Штип.

Имено, обвинителствата од подрачје на ВЈО Битола имале во работа вкупно 6 случаи, сите нови од 2025 година чиј подносител бил МВР и сите се применувале спрема вкупно 7 лица со утврден идентитет.

На подрачјето на ВЈО Скопје по 3 случаи продолжила примената и во 202 година во која има 16 нови или вкупно во работа во 2025 година имале 19 случаи. Предлагач на сите 16 е МВР, асе применувале спрема 16 познати лица, спрема 1 лице со неутврден идентитет и спрема 3 предмети на кривично дело.

На подрачјето на ВЈО Штип имало примена на ПИМ во 4 нови случаи, подносител на предлозите е МВР, се применувале спрема 4 лица со познат идентитет и спрема 2 со непознат.

Во ОЈО ГОКК вкупно во работа имале 20 случаи од кои по 2 постапувањето продолжило од 2024 во 2025 година во која има отворено нови 18 случаи од кои 2 се по наоѓање на самото обвинителство, а 16 по предлог на МВР. Мерките биле применети спрема 335 лица со утврден идентитет и спрема 53 предмети на кривично дело.

Во зависност од сложеноста на случајот и потребата од докази кои на друг начин не би можеле да се обезбедат, во некои случаи биле применувани повеќе различни ПИМ, а во некои случаи и само една ПИМ.

Исто така спрема некое лице се применувале повеќе различни мерки, а спрема друго во истиот случај само една мерка, се во зависност од неопходноста на потребата како основен услов за примена на ПИМ.

Истото се однесува и на кривичните дела, во еден случај за различни лица може да бидат едно или повеќе различни дела.

Затоа не се прави и не се споредуваат податоци за број на случаи, број на мерки, број на лица или предмети, како и број на кривични дела.

## II.Б.ОДЛУКИ ПО КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ И ИСТРАГИ

### II.Б.1.Број и структура

Во извештајната 2025 година, постапувајќи против вкупно 31.067 полнолетни лица, основните јавни обвинителства решиле кривични пријави против 20.247 лица кои по нивниот број и структурата се :

-Поднесени се Обвинителни предлози против 4.438 лица или 21,9 %,
-Донесени се Наредби за истрага против 1.832 лица или 9 % ( по завршување на истрагата се поднесени Обвинителни акт против 1.549 лица ),
-Поднесени се Предлози за издавање на казнен налог против 4.381 лице или 21,7 %,
-Предлог спогодба во скратена постапка со 77 лица или 0,4 %,
-Врз основа на чл.288 од ЗКП и на чл.43 и чл.44 од ЗКП, отфрлени се пријавите, односно не е преземено гонењето против 8.554 лица или 42,2% и
-Против 965 лица или 4,8 % пријавите се решени на друг начин.

Од приказот произлегува дека најзастапени се отфрлените кривични пријави, за кое нешто во излагањето надолу ќе биде појаснето што се влегува во посебната структура на тие одлуки и дека во нив влегуваат и одлуките за не преземање на кривичното гонење по спроведена постапка за одложено гонење или со примена на начелото на опортунитет, што е различно од основите за отфрлање на кривичната пријава.

#### II.Б.1.1.Отфрлени кривични пријави и жалби

Во извештајната 2025 година од вкупно решени кривични пријави против 20.247 лица врз основа на чл.288, чл.43 и чл.44 од ЗКП, отфрлени се, односно не е преземено гонењето против вкупно 8.554 лица или 42,2%.

Споредбено во 2024 година биле отфрлени против вкупно 8.805 лица или 43,6%, што во 2025 година има мало намалување за 251 лице.

Во извештајната 2025 година од вкупно отфрлените кривични пријави против вкупно 8.554, по чл.288 од ЗКП се 6.975 лица или 81,5 %, по чл.43 од ЗКП се 1.391 лице или 16,3 % и по чл.44 од ЗКП се 188 лица или 2,2 %.

Согласно јавно обвинителските одлуки осомничените лица во постапката за одложено гонење по чл.43 од ЗКП во полза на Буџетот на РСМ уплатиле 18.119.033,оо денари и во хуманитарни цели на овластени организации и инситуции уплатиле 759.100,оо денари.

**Табела за структура на донесени решенија по основи и остварен придонес по подрачја на виши обвинителства и ОЈО ГОКК :**

| Подрачје ВЈО и ОЈО ГОКК | Вкупно отфрлени | Вкупно по чл.288 ЗКП | Вкупно по чл.43 ЗКП | Вкупно по чл.44 ЗКП | Вкупно во Буџет на РСМ | Вкупно Хумани тарни |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | 1789 | 1680 | 83 | 26 | 425.610 | 674.500 |
| **Гостивар** | 1446 | 1166 | 273 | 7 | 3.504.029 | / |
| **Скопје** | 4252 | 3176 | 933 | 143 | 13.034.175 | / |
| **Штип** | 931 | 817 | 102 | 12 | 1.155.219 | 84.600 |
| **ОЈО ГОКК** | 136 | 136 | / | / | / | / |
| **Вкупно:** | **8.554** | **6.975** | **1.391** | **188** | **18.119.033** | **759.100** |

Во врска со разграничувањето изложено во оваа Табела појаснуваме дека,

Во делот на одлуките со кои се отфрлени кривичните пријави според постојната статистичка обработка се искажуваат вкупниот број на одлуките кои се носат по три законски основи кои резултираат со завршување на постапката.

Првиот е по член 288 од Законот за кривичната постапка се пропишани основите по кои кривичните пријави со решение се отфрлаат и во суштина тоа значи дека нема законски основ да се поведе постапка пред суд дека некое лице е сторител на конкретно кривично дело, вториот е по член 43 од Законот за кривичната постапка кој го пропишува одложеното гонење и резултира со донесување на решение со кое не се поведува постапка и третиот е по член 44 од Законот за кривичната постапка кој го пропишува овластувањето на јавниот обвинител да го примени начелото на опортунитет што е исклучок од начелото на легалитет на гонењето и резултира со донесување на решение со кое не се поведува постапка.

Суштинска е разликата помеѓу овие три основи, но според постојната статистика истите се искажуваат во една вкупна бројка, а се даваат текстуални појаснувања и разграничувања, па сметаме дека ова прашање во иднина треба да се разгледа со можност за ревидирање и искажување со пооделни податоци што ќе бара промена на статистичките обрасци.

Од вкупно 6.975 лица за кои се донесени Решенија за отфрлање на кривичната пријава по чл.288 од ЗКП од страна на првостепените јавни обвинители, оштетените лица изјавиле Жалби до Вишиот јавен обвинител против вкупно 2.159 лица 30,95 %.

Од 2.159 лица против кои се изјавени жалби, вишите јавни обвинители ги уважиле против 594 лица или 27 % и ги вратил на повторно постапување, ги одбил против 1.476 лица или 68,4 % и останале нерешени на крајот на 2025 година против 99 лица или 4,6 %.

Споредбено во 2024 година имало вкупно 2.249 жалби што е за 90 повеќе.

Споредбено 2024/2025 година се дава следнава Табела по ВЈО

| ЖАЛБИ | Вкупно 2024 | Уважени 2024 | Одбиени 2024 | Вкупно 2025 | Уважени 2025 | Одбиени 2025 | Нерешени 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВЈО Скопје** | 1.251 | 385 | 799 | 1.222 | 376 | 845 | 1 |
| **ВЈО Битола** | 432 | 74 | 345 | 422 | 79 | 255 | 88 |
| **ВЈО Штип** | 272 | 70 | 200 | 214 | 86 | 128 | / |
| **ВЈО Гостивар** | 294 | 67 | 217 | 301 | 53 | 248 | / |
| **Вкупно** | 2.249 | 596 | 1.653 | **2.159** | **594** | **1.476** | **89** |

### II.Б.1.2.Наредби за спроведување истрага

Основните јавни обвинителства во 2025 година донеле наредби за спроведување истражна постапка против 1.832 лица или 9 % од вкупно 20.247 лица против кои пријавите се решени во 2025 година.

Основните јавни обвинителства во 2025 година постапувале против 644 лица за кои истрагите остнале незаврешени на крајот на 2024 и биле пренесени во 2025 година.

Според тоа во 2025 година Основните јавни обвинителства постапувале против 2.476 лица за кои се спроведувала истражна постапка.

Споредбено во 2024 година наредби за спроведување истрага биле донесени против 1.600 лица, што значи дека во 2025 година се донесени Наредби за истрага против 232 лица повеќе во однос на претходната година.

Споредбено во 2024 година имало пренесени незаврешени истраги од 2023 година против 691 лице и се постапувало против вкупно 2.291 лице, што значи дека од 2024 во 2025 година се пренесени 47 лица помалку, односно дека во 2025 година се постапувало против 185 лица повеќе.

Во 2025 година од вкупно 2.476 лица истрагите биле заврешни против вкупно 1.859 лица или 75 %, односно на крајот на годината незаврешени истраги останале против вкупно 617 лица или 25 %.

Споредбено во 2024 година имало завршени истраги против 1.663 лица или 72,6%, што значи дека во 2025 има зголемување на ефикасноста за 196 лица повеќе или за 2,4 % во однос со процентот од 2024 година.

Понатаму во извештајот ќе се изложат податоците за текот на истрагата по виши јавни обвинителства и ОЈО ГОКК.

### II.Б.1.3.Одлуки по спроведена истрага

Во 2025 година од вкупно 2.476 лица истрагите биле заврешни против вкупно 1.859 лица или 75 %, односно на крајот на годината не заврешени истраги останале против вкупно 617 лица или 25 %.

Споредбено во 2024 година имало завршени истраги против 1.663 лица, што значи дека во 2025 година има зголемување на ефикасноста за 196 лица повеќе.

**Табела за одлуки во истрага по подрачја на ВЈО и ОЈО ГОКК**

| ВИД на ОДЛУКА | ВЈО Битола | ВЈО Гостивар | ВЈО Скопје | ВЈО Штип | ОЈО ГОКК | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **поднесени Обвинителни акти** | 161 | 247 | 664 | 230 | 247 | **1.549** |
| **Предлог за спогодба во истрага** | 61 | 15 | 2 | 14 | 25 | **117** |
| **запрени истраги** | 13 | 43 | 29 | 24 | 16 | **125** |
| **прекинати истраги** | 4 | 10 | 27 | 11 | 13 | **65** |
| **Истрага решена на друг начин** | / | 1 | 1 | 1 | / | **3** |
| **ВКУПНО** | **239** | **316** | **723** | **280** | **301** | **1.859** |

Од прилогот произлегува дека

Во 2025 година истрага била заврешна против вкупно 1.859 лица и тоа,
-против 1.549 лица е поднесен Обвинителен акт или 83,3 %
-против 117 лица е поднесен поднесен Предлог за спогодба или 6,3 %
-против 125 лица истрагата е запрена или 6,7 %
-против 65 лица истрагата е прекината или 3,5 %
-против 3 лица истрагата е решена на друг начин или 0,2 %.

**II.Б.1.4.Предлог спогодби**

Во сите фази на кривичната постапка до почетокот на судењето, за сите кривични дела, како за оние со пропишана парична казана или казна затвор до 5 години за кои се води скратена постапка, така и за оние кривични дела со пропишана казна затвор над 5 години за кои задолжително се спроведува истрага, со Законот за кривична постапка кој е во примена од 01 ноември 2013 година се воведе нов процесно правен институт во кривичната постапка - спогодување за вина помеѓу јавниот обвинител и осомничениот.

Придобивките од Спогодувањето се големи, се зголемува ефикасноста на прогонот и пресудувањето, постапката трае многу помалку, со многу помалку трошоци за сите учесници, непотребно не се ангажираат ресурсите на обвинителството и судот, се забрзува целата постапка во интерес на осомничениот и воедно на оштетениот кој побрзо го остварува своето право.

Во досегашната пракса овој институт од самиот почеток е прифатен од сите учесници и се применува.

Сепак неговата примена за период подолг од 10 години не го има достигнато потребниот степен, се уште преовладуваат обвиненијата и редовната судска постапка.

Од податоците изнесени напред, произлезе дека во 2025 година истрагата била завршена против вкупно 1.859 лица, при што само против 117 лица во текот на истрагата е поднесен Предлог за спогодба или 6,3 %, што е апсолутно малку во однос на поднесените Обвинителни акти против 1.549 лица или 83,3 %.

Во системите со подолга традиција за овој институт, на пример во САД, со спогодба завршуваат над 80 % од случаите, обратно од нашата пракса.

Подолу ќе го видиме учеството на сите спогодби и во другите фази во однос на сите обвиненија.

**Табела за склучени спогодби по подрачја на ВЈО и ОЈО ГОКК**

| | **Во Скратена 2024** | **Во Истрага 2024** | **По Обвинителен акт 2024** | **Вкупно 2024** | **Во Скратена 2025** | **Во Истрага 2025** | **По Обвинителен акт 2025** | **Вкупно 2025** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВЈО Битола | 25 | 61 | 1 | 87 | **25** | **61** | **4** | **90** |
| ВЈО Гостивар | 5 | / | / | 5 | **17** | **15** | **/** | **32** |
| ВЈО Скопје | 63 | 44 | / | 107 | **32** | **2** | **5** | **39** |
| ВЈО Штип | 2 | 13 | / | 15 | **2** | **14** | **/** | **16** |
| ОЈО ГОКК | 13 | 37 | 1 | 51 | **1** | **25** | **/** | **26** |
| **Вкупно** | 108 | 155 | 2 | 265 | **77** | **117** | **9** | **203** |

Споредбено со 2024 кога институтот спогодување бил применет за 265 лица, во 2025 имаме вкупно за 203 лица што е намалување за 62 лица.

Најголем е падот на подрачјето на ВЈО Скопје, има пад кај ОЈО ГОКК за една половина, најголем е порастот на ВЈО Гостивар, а константа е кај ВЈО Битола и Штип.

Како и претходно најмногу спогодби се склучуваат во текот на истрагата, па во скратена постапка, а најмалку по поднесени обвинителни акти после истрага.

### II.Б.1.5. Обвиненија

Во 2025 година јавните обвинителства поднеле обвиненија против вкупно 10.368 лица, што е за 334 лица повеќе во однос на 10.034 лица во 2024 година.

Структурата на поднесени обвиненија во 2025 година е следна,

-Обвинителни предлози против 4.438 лица или 42,8 %

-Предлози за казнен налог против 4.381 лица или 42,3 %

-Обвинителни акти против 1.549 лица или 14,9 %

**Табела за број и вид на поднесени обвиненија во 2024 и 2025**

| | Обвинителен предлог | Предлог за казнен налог | Обвинителен акт | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| 2024 | 4.501 | 4.345 | 1.188 | 10.034 |
| **2025** | **4.438** | **4.381** | **1.549** | **10.368** |

Од податоците во табелата произлегува дека вкупниот број на поднесени обвиненија во 2025 во однос на 2024 година е за 334 лица повеќе, што е зголемување што се должи пред се на порастот на бројот на поднесени Обвинителни акти, додека кај обвинителни предлози и предлози за казнен налог има незначителна варијација плус или минус.

**Табела за број и вид на поднесени обвиненија по подрачја на ВЈО и ОЈО ГОКК**

| **2025** | Обвинителен предлог | Предлог за казнен налог | Обвинителен акт | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **ВЈО Битола** | 586 | 923 | 161 | 1.670 |
| **ВЈО Гостивар** | 567 | 1.086 | 247 | 1.900 |
| **ВЈО Скопје** | 2.290 | 1.685 | 664 | 4.639 |
| **ВЈО Штип** | 892 | 679 | 230 | 1.801 |
| **ОЈО ГОКК** | 103 | 8 | 247 | 358 |
| **Вкупно** | **4.438** | **4.381** | **1.549** | **10.368** |

На подрачјата на ВЈО Битола, Гостивар и Штип кои имаат приближно ист вкупен број на обвинителни предлози и казнени налози, скоро двојна предност на казнените налози се дава во Битола и Гостивар за разлика од Штип, каде помала предност имаат обвинителните предлози, каква тенденција има и ВЈО Скопје и ОЈО ГОКК каде казнените налози се минимални за кое причината лежи во надлежноста за кои кривични дела постапуваат кои се многу малку од таков вид за кои може да се поднесе казнен налог.

### II.Б.1.6.Примена на мерката притвор

Мерката притвор во 2025 година од страна на основните јавни обвинителства во подрачјата на четирите виши јавни обвинителства и на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е применета против 822 лица или 4 % од вкупно 20.247 лица за кои пријавите се решени.

**Табела за времетраење на притворски мерки според подрачја на виши обвинителства**

| | Вкупно 2024 | Вкупно 2025 | до 30 дена | до 60 дена | до 90 дена | над 90 дена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВЈО Битола** | **106** | **107** | 65 | 10 | 19 | 13 |
| **ВЈОГостивар** | **99** | **98** | 42 | 14 | 19 | 23 |
| **ВЈО Скопје** | **287** | **345** | 148 | 55 | 85 | 57 |
| **ВЈО Штип** | **33** | **92** | 25 | 35 | 21 | 11 |
| **ОЈО ГОКК** | **116** | **180** | 66 | 33 | 46 | 35 |
| **Вкупно** | **628** | **822** | **346** | **147** | **190** | **139** |

Споредбено со 2024 кога мерката притвор била применета против вкупно 628 лица, во 2025 е применета спрема 822 лица или 194 лица повеќе.

ВЈО Битола има 1 лице повеќе, ВЈО Гостивар има 1 лице помалку, ВЈО Скопје има 58 лица повеќе, ВЈО Штип има 59 лица повеќе и ОЈО ГОКК има 64 лица повеќе.

Притоа се има фактот дека е зголемен и бројот на истрагите и бројот на примена на мерката притвор е во зависност од видот и тежината на кривичните дела за кои се води истрага, така да во 2025 година имаше повеќе кривично правни настани од таков вид, како пожарот во Кочани, пожарите во околината на Скопје, процесуирани се повеќе насилни кривични дела, големи криминални групи со трговија со наркотици, но и од областа на економскиот криминал и корупција.  Ова одговра на обемот на криминалитет и неговата структура во подрачјата на ВЈО Скопје и Штип, вклучително и на ОЈО ГОКК каде има и раст на примената на мерката притвор.

## II.В.ЗАСТАПУВАЊЕ И ОДЛУКИ ПО ОБВИНЕНИЕ

### II.В.1.Присуство на јавен обвинител на главна расправа

На една судска одлука и претходи спроведена постапка за главна расправа.

Во 2025 година јавните обвинители учествувале на вкупно 19.290 одржани главни расправи.

Од тоа 4.450 главни расправи по обвинителни акти и 14.840 главни расправи по обвинителни предлози.

Споредбено во 2024 година јавните обвинители учествувале на вкупно 19.067 одржани главни расправи или во 2025 биле на 223 расправи повеќе.

Така во 2024 биле на 4.026 главни расправи по обвинителни акти или во 2025 на 424 расправи повеќе, а во 2024 на 15.035 главни расправи по обвинителни предлози или во 2025 на 195 расправи помалку.

Бројот на расправи е релативна работа и во еден предмет зависи од повеќе фактори како што се бројот на обвинети лица, бројот на сведоци и други учесници во постапката, обемот на докази итн. Јавните обвинители редовно учествуваат на главните расправи, за разлика од минати периоди кога по закон присуството во скратена постапка не беше задолжително.

Анализирано за 2025 година по вид на обвинение по подрачја на Виши јавни обвинителства и ОЈО ГОКК состојбата се прикажува со следната Табела

| ВЈО и ОЈО ГОКК | Гл. расправи Обв. акти | Гл. расправи Обв. предлози |
|---|---|---|
| **Битола** | 745 | 3.066 |
| **Гостивар** | 683 | 2.247 |
| **Скопје** | 2.431 | 7.416 |
| **Штип** | 411 | 2.111 |
| **ОЈО ГОКК** | 180 | / |
| **Вкупно:** | **4.450** | **14.840** |

## II.В.2.Одлуки на судот по поднесените обвиненија

Во 2025 година надлежните првостепени судови донеле одлуки со кои ја завршиле првостепената постапка, пресуди, односно Решенија за запирање на постапката пред почеток на главна расправа, против вкупно 9.729 лица.

Споредбено во 2024 година биле донесени првостепени одлуки против вкупно 10.059 лица или 330 повеќе отколку во 2025 година.

Од донесените одлуки во прв степен против вкупно 9.729 лица, осудителни се против вкупно 9.081 лице или 93,3%, ослободителни се против вкупно 223 лица или 2,3 %, одбивателни се против вкупно 245 лица или 2,5 %, запирање по предавање на обвинение пред главна расправа се против вкупно 160 лица или 1,7 %, судски опомени се против вкупно 20 лица или 0,2 %,

Во понатамошното излагање се дава анализа на вкупниот број и вид на првостепени судски одлуки изразено по подрачја на виши јавни обвинителства и ОЈО ГОКК, како и посебна анализа само на осудителните пресуди по нивниот вид на кривична санкција за да се види соодносот на казните затвор и парична казна, како и условната осуда, сето по лица за 2025 година, за кое се дава следната Табела :

**Табела за вид на донесени судски одлуки во прв степен :**

| **Вид на пресуди** | **Број на лица 2024** | **Број на лица 2025** | **Разлика** |
|---|---|---|---|
| Осудителни пресуди [2] | 9.335 | 9.081 | -254 |
| Ослободителни пресуди | 251 | 223 | -28 |
| Одбивателни пресуди | 277 | 245 | -32 |
| Запирање по предавање на Обвинение пред главна расправа | 176 | 160 | -16 |
| Судска опомена | 20 | 20 | / |
| **Вкупно** | **10.059** | **9.729** | **-330** |

[2] Во вкупниот број осудителни пресуди се искажани и изречените кривични санкции по предлог спогодби.

Од податоците во табелата може да се заклучи дека во 2025 година е опадната ефикасноста во пресудувањето со вкупниот помал број на донесени првостепени одлуки во однос на 2024 година.

**Табела по вид на првостепени одлуки во 2025 по ВЈО и ОЈО ГОКК**

| ВИД на ОДЛУКА | ВЈО Битола | ВЈО Гостивар | ВЈО Скопје | ВЈО Штип | ОЈО ГОКК | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Осудителни пресуди [3] | 1.491 | 1.910 | 3.805 | 1.810 | 65 | **9.081** |
| Ослободителни пресуди | 69 | 13 | 63 | 66 | 12 | **223** |
| Одбивателни пресуди | 27 | 63 | 68 | 86 | 1 | **245** |
| Запирање пред гл.распр. | 38 | / | 83 | 39 | / | **160** |
| Судска опомена | 3 | / | 4 | 13 | / | **20** |
| **ВКУПНО** | **1.628** | **1.986** | **4.023** | **2.014** | **78** | **9.729** |

Против ослободителните пресуди јавните обвинители во најголем број на случаи изјавуваат жалби, а голем дел од одбивателните пресуди се донесени во случаи кога оштетениот го повлекува предлогот за гонење и јавниот обвинител го губи својството на овластен тужител поради што по закон е повикан да го повлече обвинението.

Од вкупниот број против 9.081 лица со осудителни пресуди, според видот на кривичната санкција, состојбата е следна :

-казна затвор против 1.607 лица или 17,7 %

-парична казна против 2.582 лица или 28,4 %

-условна осуда против 4.892 лица или 53,9 %

Графички приказ по вид на кривична санкција




[3] Во вкупниот број осудителни пресуди се искажани и изречените кривични санкции по предлог спогодби.

Од оваа анализа може да се заклучи дека казнената политика е релативно блага, затоа што условните осуди се повеќе од казните затвор и парична казна заедно.

Треба да се искаже и податокот за бројот на донесени пресуди поради признание на вина, што е исклучиво доброволна и слободна волја на обвинетото лице, како посебен институт воведен со Законот за кривична постапка од 2013 година па наваму, кој го скратува траењето на судењето затоа што по давањето на признание на вина постапката не продолжува со изведување на доказите што го скратува и времето и трошоците на пресудувањето, а со тоа ја зголемува ефикасноста на целиот правен систем, што е од интерес на сите учесници во постапката, вклучително и на оштетениот.

Од вкупниот број на осудителни пресуди против 9.081 лица во извештајната 2025 година донесени се Пресуди поради признание на вина против вкупно 1.642 лица или 18,1 %, што е значително помалку од пресудите против 2.029 лица во 2024 година.

## II.Г.ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ОДЗЕМАЊЕ И КОНФИСКАЦИЈА

Суштината на кривичната одговорност не е само во казнување на сторителот, туку и во ефективно спроведување на законските одредби согласно кои се одземаат предметите кои се наменети или биле употребени за извршување на кривичното дело или настанале од него, како и ефективна конфискација бидејќи никој не може да ја задржи директната и индиректната имотна корист прибавена со кривично дело.

Правна рамка и правна основа за сето тоа се одредбите од Глава VII од Кривичниот законик каде се одредбите кои ги нормираат конфискацијата на имот и имотна корист, како и одземањето на предмети кое има правна основа и во поедини кривични дела независно од општите одредби од оваа глава.

Во остварување на својата надлежност основните јавни обвинителства имаат законско прво и должност да ги применуваат овие законски одредби со соодветни предлози до надлежните судови кои ги даваат во своите обвиненија и други поднесоци во предистрага или истрага, особено кога треба претходно да се преземат дејствија на привремено одземање на предмети или обезбедување на имот и имотна корист.

Во врска со тоа, низ следниот преглед ќе се изнесат податоците од основните јавни обвинителства за 2025 година.

### II.Г.1.Привремено обезбедување на средства и имот

Барањата за обезбедување на средства и имот имаат цел да се спречи располагање или прикривање на имот за кој постои основано сомнение дека потекнува од извршено кривично дело или е поврзан со неговото извршување, со што се создаваат услови за нивно трајно одземање или конфискација.

Во таа смисла, ОЈО ГОКК е носечки столб на јавното обвинителство, а со тоа и на кривично правниот систем и обезбедување на начелото на владеење на правото па предничи во врска со замрзнување на парични средства и имот, одземање на предмети и конфискација на имот и имотна корист.

Конкретно, во 2025 година од страна на ОЈО ГОКК се поднесени предлози против 39 физички и 20 правни лица по кои од судот се определени привремени мерки за обезбедување на парични средства и недвижен имот во вкупна вредност од 1.721.970.521 денари или околу 28 милиони евра.

Деталните податоци за овие дејствија во ОЈО ГОКК се прикажуваат низ следната Табела

| | Кривично дело | Субјект | Вид на имот | Вредност |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 273 | 14 физички лица | Парични средства | 24.938.730 ден. |
| 2 | 394, 279, 279-а, 273, 353-в | 10 физички лица 14 правни лица | Недвижен имот | 1.511.366.357 ден. |
| | | | Подвижен имот | 299.692.160 ден. |
| | | | вкупно | 1.511.666.209 ден. |
| 3 | 353, 275-в, 273 | 1 физичко лице | Парични средства | 5.332.725 ден. |
| 4 | 273 | 1 правно лице 1 физичко лице | Недвижен имот | 6.963.199 ден. |
| | | | Парични средства | 1.500 ден. |
| | | | вкупно | 6.964.699 ден. |
| 5 | 394,273,279 | 6 физички лица 2 правни лице | Парични средства | 144.709.249 ден. |
| 6 | 394,273,275-в | 3 физички лица 1 правно лице | Парични средства | 6.965.600 ден. |
| 7 | 273, 275-в | 4 физички лица 2 правни лица | Парични средства | 21.393.309 ден. |
| | | | **Вкупно:** | **1.721.970.521 ден.** |

Споредбено податоците за периодот 2021-2025 година за ОЈО ГОКК се прикажуваат низ следниот Графикон



На подрачјата на Вишите јавни обвинителства во Битола, Гостивар и Штип основните јавни обвинителства во 2025 година до судијата на претходна постапка немаат поднесено барање за определување на мерки за привремено одземање на имот и предмети заради обезбедување согласно чл.202 од ЗКП.

Во извештајната 2025 година на подрачјето на Вишото јавно обвинителство во Скопје евидентирано е едно барање за обезбедување на средства и имот и тоа во Основното јавно обвинителство Скопје за едно правно лице, по поднесен предлог од јавниот обвинител, заради определување привремена мерка за обезбедување на имотно - правно барање настанато од кривично дело Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство од член 275-в од КЗ, надлежниот суд има донесено решение за определување привремена мерка со која се наложува на правното лице привремено да го запре одливот на парични средства, депонирани на девизна трансакциска сметка на име на осомниченото лице.

### II.Г.2.Одземени предмети

Одземањето на предмети во рамките на кривичната постапка има за цел обезбедување на докази, спречување на понатамошна злоупотреба на предметите поврзани со кривичното дело, како и создавање услови за нивно трајно одземање доколку се утврди дека се употребени или настанале како резултат на извршување на кривично дело. Оваа мерка се применува во текот на предистражната и истражната постапка, врз основа на наредба на надлежен орган, при што предметите можат привремено да се одземат од физички или правни лица.

Во текот на 2025 година во Основото јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се евидентирани 53 лица од кои се одземени предмети и парични средства, за кое нешто се дава табеларен преглед низ кој се прикажани одземените предмети и парични средства по лица и кривични дела

| КД | Лица | Моб. тел. | ПМВ | ТМВ | Дрога | МКД | Странски валути | оружје | друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 418-б | 26 | 29 | 8 | 1 | / | 810 денари | 800евра<br>20 франци | / | двоглед |
| 215 | 20 | 15 | 1 | / | 50 грама марихуана | 76.500 денари | 2.970 евра | / | 1 вага |
| 394 | 1 | 5 | / | / | / | 74.000 денари | 2100 евра | / | 1 лаптоп |
| 394-а | 3 | 3 | / | / | / | / | / | 1 пушка | 2лаптопи<br>1 камера |
| 359 | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / |
| 418-в | 2 | 7 | / | / | / | 700 денари | 100евра<br>20 франци | / | / |

Во извештајната 2025 година по обвиненија на основните јавни обвинителства на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола биле донесени 168 судски одлуки со кои се одземени предмети кои се предмет на извршување на кривично дело или настанале од извршување на кривично дело.

Меѓу одземените предмети позначајни се 11 пушки, 6 пиштоли, муниција, 5 патнички возила, 5 товарни возила, 6 ножеви, поголемо количество на разни видови наркотици, 8 ваги, повеќе мобилни телефони, тутун, 1 моторна пила, дрвна маса, рибарски мрежи, пиротехника, 50 евра, 6 бесправно изградени објекти и друго.

Во 2025 година по обвиненија на основните јавни обвинителства на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар биле донесени 39 судски одлуки со кои се одземени предмети кои се предмет на извршување на кривично дело или настанале од извршување на кривично дело.

Меѓу одземените предмети позначајни се 15 пиштоли, 14 оквири за пиштол, 11 пушки, 691 куршуми, 3 рачни бомби,18 мобилни телефони, 2 компјутери, марихуана од 9,32 грама, 4 недвижни објекти, 8 ножа,Марихуана 689,40 грама, Хероин 367.66 грама, Кокаин 91.51 грама, Хашиш 2.92 грама, Амфетамин 28.38 грама, парични средства во износ од семки канабис, 5 дигитални ваги, 3 моторни пили, 1 трактор со приколка, огревни дрва од 28.92 м3, 2 коњи, 315.124,00 денари, 100 швајцарски франци, 10.450 евра, 2.100 американски долари, 1000 ал.леки, 1 ТМВ, 1 моторцикл и друго.

Во 2025 година на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип судовите донеле 39 одлуки против 92 осудени лица со кои се одземени неколку стотици предмети, наркотици, возила, оружје, недвижности, парични средства и други предмети кои биле предмет на извршување на кривично дело или настанале од истото.

Во 2025 година на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје судовите донеле одлуки со кои се одземени неколку стотици предмети, наркотици, возила, оружје, недвижности, парични средства и други предмети кои биле предмет на извршување на кривично дело или настанале од истото.

### II.Г.3.Конфискација

Конфискацијата претставува значаен инструмент во борбата против криминалот и претставува одземање на материјалната корист стекната со извршување на кривичното дело. Основната цел на конфискацијата е да се спречат сторителите на кривичното дело да располагаат со незаконски стекнатата корист при што се обезбедува воспоставување на праведност и се намалува економската мотивираност за извршување на кривичните дела. Конфискацијата се применува врз имотот и имотната корист што потекнува директно или индиректно од кривичното дело, исто така конфискацијата може да опфати и имот што е пренесен и на трети лица.

Во текот на 2025 година во ОЈО ГОКК по поднесени обвиненија од нивна страна се евидентирани пристигнатите пресуди со изречена мерка конфискација на имот, за што се дава следниот табеларен преглед

| реден број | Кривично дело | Субјект | Вид | Вредност |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 359 | 1 физичко лице | Парични средства | 11.100 евра 30.690 денари |
| 2 | 418-б | 1 физичко лице | Парични средства | 500 евра |
| 3 | 357 | 3 физички лица | Парични средства | 5.530 евра |
| 4 | 215 | 1 физичко лице | Парични средства | 880 евра |
| **Вкупна вредност на:** | | | | **18.510 евра** |

Прикажаната мала вредност на конфискуваниот имот во 2025 година е резултат на фактот што предметите што носат повисока конфискација не се правосилно завршени и ќе бидат прикажани во следен извештај по нивната правосилност, а сега се прикажуваат само податоците добиени во 2025 година од правосилно завршени предмети со одлуки за конфискација.

На подрачјата на Вишото јавно обвинителство Битола и на Вишото јавно обвинителство Гостивар во извештајната 2025 година нема донесени пресуди со кои е конфискуван имот.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје во текот на 2025 година биле донесени 19 судски одлуки со кои е конфискуван имот во вкупен износ од 16.733.494,оо денари.

Во 2025 година на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип мерка конфискација е изречена вкупно со три пресуди и тоа, со Пресуда на Основен суд Штип за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 од КЗ, од едно лице се конфискувани готови парични средства во вкупен износ од 751.375,оо денари, со пресуди на Основниот суд во Струмица е изречена конфискација на имотот, при што се конфискувани за кривично дело Бесправно градење од чл.244-а од КЗ еден помошен објект од 78 м2, тераса од 12м2, станбена куќа од 143 м2, тераса со димензии 1,5 на 3,9 м, семејна куќа од 95 м2 плус тераса од 21 м2, семејна куќа од 297,5 м2, летна кујна од 75 м2 со трем од

21 м2, семејна куќа од 65 м2 и доградба од 12 м2, за кривично дело Неосвластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 од КЗ, конфискувани се 1 банкнота од 2.000,оо денари, 2 банкноти од по 200,оо денари, 13 банкноти од по 50,оо денари, 8 банкноти од по 10,оо денари, 22.500,оо денари, 1.000,оо денари, 50 евра, 2 банкноти од по 500,оо денари, 6 банкноти од по 100,оо денари, 1 банкнота од 10,оо денари, 2 банкноти од по 1000,оо денари, 1 банкнота од 100,оо денари, 1 банкнота од 50,оо денари, 200 евра и 29.510,оо ден., за кривично дело Бесправно градење од чл.244 конфискувани се повеќе бесправно изградени објекти.

## II.Д. КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЗВРШЕНИ ОД СТОРИТЕЛИ - ДЕЦА

Во 2025 година до основните јавни обвинителства биле поднесени кривични пријави спрема 1.124 деца или 4,4 % од 25.615 како вкупен обем на работа на новопримени сторители во 2025 година.

Споредбено со 2024 година кога имало 1.260 новопријавени деца кои биле 5,9% од вкупниот обем, во 2025 година има намалување за 136 деца или 10,8 % намалување.

Во 2025 година јавните обвинителства постапувале и спрема 170 деца од нерешени кривични пријави од претходната 2024 година, така што во работа имале пријави спрема вкупно 1.294 деца.

Од вкупниот број 1.294 деца во 2025 година решени се пријави спрема 1.129 деца или 87,2 % , а на крајот на годината останале во работа 165 деца или 12,8%.

Од останатите во работа 165 деца во јавното обвинителство се 25 или 15,2 % и кај други органи 140 или 84,8 %.

Од вкупниот број решени пријави спрема 1.129 деца за 368 деца или 32,6 % пријавите се отфрлени односно од вкупниот број во работа од 1.294 деца за 368 или 28,4 % пријавите се отфрлени.

Од вкупниот број во работа од 1.294 деца спрема 206 или 15,9 % обвинителите барале потребни известувања за дополнување на податоците и доказите по пријавите.

Од вкупниот број во работа од 1.294 деца спрема 685 или 52,9 % обвинителите поднеле Барање за подготвителна постапка, а во незавршена подготвителна постапка од 2024 година имале и 408 деца така да вкупно во 2025 година имале 1.093 деца од кои до крајот на годината се решени 648 или 59,3 %, а останале нерешени 445 деца или 40,7 %.

Споредбено со 2024 година кога имало подготвителна постапка спрема вкупно 666 деца во 2025 има зголемување за 19 деца во подготвителна постапка, а нерешени на крај на 2024 останале 408 деца , а во 2025 има 445 деца или зголемување за 37 деца нерешени во подготвителна постапка.

Кога станува збор за тежината на кривичните дела сторени од малолетници, треба да се наведе дека во 2025 година спрема 8 деца

новопријавени постапувало Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, за разлика од 2024 година кога постапувало спрема 3 деца и сите пријави биле решени. Од вкупно пријавените 8 деца во 2025 година, седум од пријавените деца во судир со законот се за кривично дело Криумчарење на мигранти од чл. 418-б од КЗ, а едно дете за сторено кривично дело Тероризам од чл.394-б од КЗ.

Во 2025 година од вкупно во работа 1.294 деца, спрема 5 деца поднесен е директен предлог за санкција, а претходната 2024 година биле поднесени спрема 2 деца.

Во 2025 година до судии за деца на надлежните судови јавното обвинителство по завршена подготвителна постапка поднело предлози за примена на санкција спрема 454 деца од вкупно 1.093 деца во подготвителна постапка, а претходната 2024 година биле поднесени спрема 370 деца, што е зголемување за 84 деца.

По ново поднесените Предлози за примена на санкција во 2025 година и од претходна година што останале нерешени во судот, во 2025 година судовите донеле одлука за 467 деца од кои на 3 затвор за деца, на 3 парична казна, на 2 забрана за управување моторно возило, на 1 протерување на странец, на 56 заводска воспитна мерка, на 319 мерки на засилен надзор, на 1 мерка на безбедност, а против 82 постапката била запрена од кои поради не целесообразност за 20 и за 62 од други причини.

Врз основа на сето тоа заклучокот е дека основните јавните обвинителства во 2025 година со решени пријави спрема 1.129 деца или 87,2 % постапувале ажурно.

## II.Ѓ. КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЗВРШЕНИ ОД НЕПОЗНАТИ СТОРИТЕЛИ

Покрај постапувањето по кривични пријави против познати полнолетни и малолетни сторители на кривични дела, што е предмет на обработка во деловите напред од овој Извештај, јавните обвинителства постапуваат и по кривични пријави против непознати сторители на кривични дела.

За разлика од обработката на статистичките податоци за познатите сторители која се води по број на пријавени лица, статистичките податоци за непознати сторители се водат и обработуваат по број на кривични дела за кои се поднесени кривичните пријави.

Ова е разбирливо затоа што сторителот е непознат и може да бидат повеќе од едно лице, па по нивното откривање тие пријави се презаведуваат во постапка против познати полнолетни или малолетни сторители на кривични дела, по што понатму стануваат предмет на другата статистика и нејзина обработка.

Во 2025 година до јавните обвинителства биле поднесени кривични пријави против вкупно 4.515 непознати сторители.

Споредбено кога во 2024 година имало кривични пријави против вкупно 4.546 непознати сторители, во 2025 година има незначително намалување за 31 пријава или 0,7 %, од што се заклучува дека приливот во 2025 е на исто ниво како во 2024 година, за разлика од споредбата 2023/2024 кога имаме намалување за 1.112 кривични пријави против непознати сторители, односно од 5.658 на 4.546.

Овој тренд на исто ниво на пријавен криминалитет е констатиран и кај полнолетните познати сторители на кривични дела.

Тоа значи дека има пад на вкупниот обем на пријавениот криминал од 2023 во 2024 и се задржува на исто ниво во 2025 година.

Законска обврска за откривање на непознатите сторители на кривични дела како орган на откривање е на Министерството за внатрешни работи, при што не се исклучува и јавното обвинителство кое не е оперативен орган и е со основна функција на кривичен прогон, но низ анализа на својата работа може и често се случува да го откријат сторителот, па имајќи предвид дека согласно своите надлежности јавното обвинителство раководи со предистрагата, а тоа значи и со откривањето на непознатите сторители, во тој дел има своја одговорност во ефикасноста на откривањето, а не само МВР.

Согласно тоа, основните јавни обвинителства во 2025 година постапувајќи по вкупно 4.515 новопримени кривични пријави против непознати сторители против 3.243 од случаите поднеле барања за собирање на известувања и против 335 поднеле наредби за истражни дејствија до суд или МВР или во функција на откривање на сторителите се поднесени соодветни барања и наредби по вкупно 3.578 случаи или или 79,3 %, од кои 2.789 барања или 86 % до Министерството за внатрешни работи и против 454 или 14 % до други органи, односно од вкупно 335 наредби до суд се 120 или 35,8 % и до МВР 215 или 64,2 %.

Заклучок е дека јавното обвинителство треба да ја подобри ажурноста на своето постапување против непознати лица иако е 79,3 % и истата е многу повисока од кај полнолетните лица, може да се подобри бидејќи станува збор за поедноставни дејствија, а брзината на постапување е во функција на ефикасно откривање.

Во 2025 година се откриени вкупно 3.324 или 7,4 % сторители од вкупно 44.728 непознати сторители од кои од 2025 година се новопријавени 4.515 и 40.213 се пријавени од претходни години.

Во 2025 година од вкупно 44.728 пријави во работа се отфрлени вкупно 5.710 пријави или 12,8 %, од кои поради застареност 5.155 или 11,5 %, а останатите 555 или 1,3 % се отфрлени по други законски основи.

Со откриените вкупно 3.324 непознати лица и вкупно 5.710 отфрлени кривични пријави во 2025 година значително е намален бројот на заостатокот на неоткриени дела и истиот е паднат од 44.728 на 35.694 неоткриени непознати сторители на кривични дела.

# III.ПРАВНИ ЛЕКОВИ

## III.1.Редовен правен лек - Жалба на пресуда

Редовниот правен лек Жалба на пресуда во кривичната постапка е уставно загарантирана категорија и право на двостепеност на постапката, што е во согласност и со меѓународните прописи, а постапката детално е пропишана со Законот за кривична постапка.

Јавниот обвинител во кривичната постапка е странка како овластен тужител.

Согласно тоа има право да изјавува жалби против неправосилни првостепени пресуди.

Во оваа Глава ќе разгледаме два аспекта на постапката по жалба, првиот само по жалба изјавена од првостепениот јавен обвинител, а вториот од аспект на постапување на вишиот обвинител како второстепен јавен обвинител, кој постапува не само кога жалба има изјавено првостепениот јавен обвинител, туку и кога жалби имаат изјавено обвинетиот и оштетениот, како и постапуваат и во други процесни случаи согласно одредбите од ЗКП по жалби на други судски одлуки донесени од судија на претходна постапка или Кривичните совети на првостепените судови и други процесни случаи.

Во 2025 година јавните обвинители во Основните јавни обвинителства изјавиле жалби против вкупно 838 лица, од кои само поради одлуката за казната против 490 лица, а поради други причини против вкупно 348 лица.

Во 2025 година по жалби на јавниот обвинител изјавени во 2025 и претходни години, второстепениот суд донел пресуди против вкупно 307 лица, од кои ја уважил жалбата на јавниот обвинител против 148 лица а од нив само за казната против 133 лица, ја одбил против вкупно 159 лица од кои само за казната против 52 лица.

За анализа за изјавени жалби од првостепен јавен обвинител по подрачја на Виши јавни обвинителства и ОЈО ГОКК и видот на судските одлуки по истите според бројот на пристигнати одлуки до основните јавни обвинителства во 2025 година, при што се појаснува дека до основните обвинителства се стигнати и одлуки по жалби кои биле изјавени во 2025 година, но и по изјавени во 2024 и претходни години, па затоа никогаш не се поклопува бројот на тековно изјавени жалби со судски добиени одлуки по жалби, за изјавени жалби во 2025 година и пристигнати одлуки во 2025 година се дава следната Табела

**Табела за изјавени жалби од првостепен јавен обвинител по ВЈО и ОЈО ГОКК**

| | Вкупно изјавени жалби | Вкупно само за казна | Вкупно уважени | Уважени само за казна | Вкупно одбиени | Одбиени само за казна |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВЈО Битола | 145 | 41 | 7 | 6 | **27** | **8** |
| ВЈО Гостивар | 121 | 81 | 35 | 21 | **27** | **12** |
| ВЈО Скопје | 396 | 253 | 85 | 90 | **68** | **28** |
| ВЈО Штип | 163 | 102 | 18 | 16 | **37** | **4** |
| ОЈО ГОКК | 13 | 13 | 3 | / | / | / |
| **Вкупно** | 838 | 490 | 148 | 133 | **159** | **52** |

Вишите јавни обвинителства постапуваат како второстепени јавни обвинителства помеѓу другото и во жалбена постапка пред Апелационите судови за чие подрачје се основани, по жалби изјавени од првостепените јавни обвинители, од обвинетите и оштетените против не правосилни првостепени судски пресуди и други судски одлуки.

Бројот на жалби по кои постапуваат во текот на една година не соодвествува на бројот на изјавени жалби во текот на таа година од причина што постои претходна законска постапка додека да стигне една жалба во обвинителството, така да оние жалби кои се изјавени при крајот на една тековна година стигнуваат кај вишите обвинителства наредната година, а уште пак помалку пресудите на второстепените судови се поклопуваат со жалбите и жалбените постапки од тековната година, па затоа одредени податоци не соодветсвуваат и не се споредуваат помеѓу претходна и тековна година.

Затоа се искажуваат само податоците кои ги имале во работа во текот на извештајната година и не се поклопува со податоците на првостепените обвинителства во врска со бројот на изјавени жалби од нивна страна или примени одлуки на судот од второстепена постапка.

Од страна на првостепените јавни обвинители, на обвинетите и оштетените лица, на подрачјата на четирите Виши јавни обвинителства во 2025 година имало изјавени вкупно 5.226 жалби против првостепените пресуди.

Споредбено со 2024 година кога имало вкупно 4.991 изјавени жалби во 2025 година има зголемување за 235 жалби или 4,7 %, а во однос на 2023 година кога имало 4.600 изјавени жалби во 2025 година има зголемување за 626 жалби или 13,6 %.

За анализа на структурата на изјавените жалби по подносители и по подрачја на вишите јавни обвинителства се дава следниот табеларен преглед :

**Табела 1 за вкупно изјавени жалби по подрачја на ВЈО**

| | Вкупно жалби од ОЈО | Вкупно жалби од обвинет | Вкупно жалби од оштетен | Вкупно изјавени жалби |
|---|---|---|---|---|
| ВЈО Битола | 248 | 535 | 21 | 804 |
| ВЈО Гостивар | 158 | 401 | 39 | 598 |
| ВЈО Скопје | 729 | 2.359 | 37 | 3.125 |
| ВЈО Штип | 236 | 454 | 9 | 699 |
| ВКУПНО | 1.371 | 3.749 | 106 | 5.226 |

Од вкупно 5.226 изјавени жалби во 2025 година и по жалби што биле изјавени во претходната 2024 година до Вишите јавни обвинителства до крајот на 2025 година на одлучување стигнале вкупно 4.863 жалби.

За тоа како постапувале Вишите јавни обвинителства во 2025 година по вкупно 4.863 жалби против првостепените пресуди изјавени од страна на првостепените јавни обвинители, обвинетите и оштетените лица се дава следниот табеларен преглед :

**Табела 2 за постапување по пристигнати жалби по ВЈО**

| | Предлог да се уважи | Предлог делумно да се уважи | Предлог да се одбие | Предлог да се отфрли ненаврем./ недозвол. | Жалби по кои уште не бил даден предлог | Отка-жува од жалба | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВЈО Битола | 219 | 2 | 492 | 7 | 11 | / | 731 |
| ВЈО Гостивар | 134 | / | 398 | 19 | 37 | 2 | 590 |
| ВЈО Скопје | 659 | / | 2.108 | 24 | 52 | / | 2.843 |
| ВЈО Штип | 240 | 7 | 419 | 12 | 21 | / | 699 |
| ВКУПНО | 1.252 | 9 | 3.417 | 62 | 121 | 2 | 4.863 |

### III.1.1.Постапување на Вишо јавно обвинителство Битола

Во текот на 2025 година Вишото јавно обвинителство Битола постапувало по вкупно 731 изјавени жалби против одлуките на првостепените судови.

Од вкупно 731 жалби што ги добиле во работа, постапиле со давање на свои Предлози за одлука постапиле по вкупно 720 жалби или 98,5 % и по 11 жалби или 1,5 % до крајот на 2025 година не дале свој предлог ( тоа се жалби кои пристигнале при крајот на 2025 година и во посложени предмети, а истите по закон задолжително треба да ги дадат во следната година ).

За бројот и структурата на предлозите се дава следниот табеларен преглед

| | **Предлог да се уважи** | **Предлог делумно да се уважи** | **Предлог да се одбие** | **Предлог да се отфрли ненаврем./ недозвол.** | **Жалби по кои уште не бил даден предлог** | **Отка-жува од жалба** | **ВКУ ПНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВЈО Битола | 219 | 2 | 492 | 7 | 11 | / | 731 |

Во текот на 2025 година вишите јавни обвинители во ВЈО Битола постапиле многу ажурно совладувајќи го обемот на работа со 98,5 %, а за одбележување е што во 2025 година немаат случај кога се откажале од изјавените жалби на основните јавни обвинители.

Во текот на 2025 година јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство Битола пред Апелациониот суд Битола учествувале на вкупно 365 седници од кои 16 јавни седници и 349 нејавни седници, од кои ниту на една седница не е изменет писмениот предлог на јавниот обвинител.

Во текот на 2025 година јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство Битола пред Советот на Апелациониот суд Битола учествувале на 1 расправа одржана согласно на чл.424 од ЗКП, при што останале при предметното обвинение и немаат повлечено обвинение, а по добиени одлуки по одржана расправа пред апелациониот суд од страна на јавните обвинители во ВЈО Битола до Врховен суд на РСМ не се изјавени жалби.

Во ВЈО Битола до крајот на извештајната 2025 година од Апелационен суд Битола се примени одлуки за 338 лица, од кои 283 се совпаѓаат и 55 не се совпаѓаат со предлогот на јавниот обвинител од ВЈО Битола.

### III.1.2.Постапување на Вишо јавно обвинителство Гостивар

Во текот на 2025 година Вишото јавно обвинителство Гостивар постапувало по вкупно 590 изјавени жалби против одлуките на првостепените судови.

Од вкупно 590 жалби што ги добиле во работа, постапиле со давање на свои Предлози за одлука постапиле по вкупно 553 жалби или 93,7 % и по 37 жалби или 6,3 % до крајот на 2025 година не дале свој предлог ( тоа се жалби кои пристигнале при крајот на 2025 година и во посложени предмети, а истите по закон задолжително треба да ги дадат во следната година ).

За бројот и структурата на предлозите се дава следниот табеларен преглед

| | **Предлог да се уважи** | **Предлог делумно да се уважи** | **Предлог да се одбие** | **Предлог да се отфрли ненаврем./ недозвол.** | **Жалби по кои уште не бил даден предлог** | **Отка-жува од жалба** | **ВКУ ПНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВЈО Гостивар | 134 | / | 398 | 19 | 37 | 2 | 590 |

Во текот на 2025 година вишите јавни обвинители во ВЈО Гостивар постапиле многу ажурно совладувајќи го обемот на работа со 93,7 %, а што во 2025 година против 2 лица се откажале од изјавените жалби на основните јавни обвинители.

Во текот на 2025 година јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство Гостивар пред Апелациониот суд Гостивар учествувале на вкупно 516 седници од кои на 98 јавни седници и на 418 нејавни седници, од кои ниту на една седница не е изменет писмениот предлог на јавниот обвинител.

Во текот на 2025 година јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство Гостивар пред Советот на Апелациониот суд Гостивар учествувале на 26 расправи одржани согласно на чл.424 од ЗКП, при што на сите 26 останале при предметното обвинение и немаат повлечено обвинение, а по добиени одлуки по одржана расправа пред апелациониот суд од страна на јавните обвинители во ВЈО Гостивар до Врховен суд на РСМ се изјавени 16 жалби.

Во ВЈО Гостивар до крајот на извештајната 2025 година од Апелационен суд Гостивар се примени одлуки за 516 лица, од кои 411 се совпаѓаат и 105 не се совпаѓаат со предлогот на јавниот обвинител од ВЈО Гостивар.

### III.1.3.Постапување на Вишо јавно обвинителство Скопје

Во текот на 2025 година Вишото јавно обвинителство Скопје постапувало по вкупно 2.843 изјавени жалби против одлуките на првостепените судови.

Од вкупно 2.843 жалби што ги добиле во работа, постапиле со давање на свои Предлози за одлука постапиле по вкупно 2.791 жалби или 98,2 % и по 52 жалби или 1,8 % до крајот на 2025 година не дале свој предлог ( тоа се жалби кои пристигнале при крајот на 2025 година и во посложени предмети, а истите по закон задолжително треба да ги дадат во следната година ).

За бројот и структурата на предлозите се дава следниот табеларен преглед

| | Предлог да се уважи | Предлог делумно да се уважи | Предлог да се одбие | Предлог да се отфрли ненаврем./ недозвол. | Жалби по кои уште не бил даден предлог | Отка-жува од жалба | ВКУ ПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВЈО Скопје | 659 | / | 2.108 | 24 | 52 | / | 2.843 |

Во текот на 2025 година вишите јавни обвинители во ВЈО Скопје постапиле многу ажурно совладувајќи го обемот на работа со 98,2 %, а за одбележување е што во 2025 година немаат случај кога се откажале од изјавените жалби на основните јавни обвинители, за разлика од претходната 2024 година кога во 5 случаи се откажале од изјавените жалби на основните јавни обвинители.

Во текот на 2025 година јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје пред Апелациониот суд Скопје учествувале на вкупно 1.641 седници од кои 932 јавни седници и 709 нејавни седници, од кои на седница во 2 случаи е изменет претходно дадениот писмен предлог, што е резултат на сознанијата добиени на седницата.

Во текот на 2025 година јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје пред Советот на Апелациониот суд Скопје учествувале на вкупно 44 расправи одржани согласно на чл.424 од ЗКП, при што на сите 44 останале при предметното обвинение и немаат повлечено обвиние, а по добиени одлуки по одржана расправа пред апелациониот суд од страна на јавните обвинители во ВЈО Скопје до Врховен суд на РСМ се изјавени 3 жалби.

Во ВЈО Скопје до крајот на извештајната 2025 година од Апелационен суд Скопје се примени одлуки за 1.560 лица и сите се совпаѓаат со предлогот на јавниот обвинител од ВЈО Скопје.

### III.1.4.Постапување на Вишо јавно обвинителство Штип

Во текот на 2025 година Вишото јавно обвинителство Штип постапувало по вкупно 699 изјавени жалби против одлуките на првостепените судови.

Од вкупно 699 жалби што ги добиле во работа, постапиле со давање на свои Предлози за одлука постапиле по вкупно 678 жалби или 97 % и по 21 жалби или 3 % до крајот на 2025 година не дале свој предлог (тоа се жалби кои пристигнале при крајот на 2025 година и во посложени предмети, а истите по закон задолжително треба да ги дадат во следната година).

За бројот и структурата на предлозите се дава следниот табеларен преглед

| | Предлог да се уважи | Предлог делумно да се уважи | Предлог да се одбие | Предлог да се отфрли ненаврем./ недозвол. | Жалби по кои уште не бил даден предлог | Откажува од жалба | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВЈО Штип | 240 | 7 | 419 | 12 | 21 | / | 699 |

Во текот на 2025 година вишите јавни обвинители во ВЈО Штип постапиле многу ажурно совладувајќи го обемот на работа со 97 %, а за одбележување е што во 2025 година немаат случај кога се откажале од изјавените жалби на основните јавни обвинители.

Во текот на 2025 година јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство Штип пред Апелациониот суд Штип учествувале на вкупно 111 седници од кои сите 111 се јавни седници и немало закажани нејавни седници, од кои ниту на една седница не е изменет писмениот предлог на јавниот обвинител.

Во текот на 2025 година јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство Штип пред Советот на Апелациониот суд Штип немале учество на расправа одржана согласно на чл.424 од ЗКП, затоа што таква не била закажана од судот, а по добиени одлуки по одржана расправа од претходен период пред апелациониот суд од страна на јавен обвинител во ВЈО Штип до Врховен суд на РСМ е изјавена 1 жалба..

Во ВЈО Штип до крајот на извештајната 2025 година од Апелационен суд Штип се примени одлуки за 630 лица, од кои 506 се совпаѓаат и 124 не се совпаѓаат со предлогот на јавниот обвинител од ВЈО Штип.

# IV.ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ

## IV.1.Постапување по Барање за заштита на законитоста

Во извештајната 2025 година Јавното обвинителство на Република Северна Македонија примило вкупно 186 Иницијативи за поднесување на Барање за заштита на законитост од кои 167 Иницијативи или 89,8 % се однесуваат на правосилни судски одлуки донесени во кривичната постапка ( КОЗ ) и 19 Иницијативи или 10,2 % се однесуваат на правосилни судски одлуки донесени во прекршочната постапка ( КОЗ-П ).

Споредбено со 2024 година кога имало вкупно 200 Иницијативи за поднесување на Барање за заштита на законитост, во 2025 година има намалување за 14 Иницијативи или 7 %.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија до крајот на 2025 година од ново примените вкупно 186 иницијативи решило 153 или 82,3 %, а останале во работа 33 или 17,7 %.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија до крајот на 2025 година од ново примените вкупно 167 иницијативи во кривична постапка ( КОЗ ) решило 137 или 82 %, а останале во работа 33 или 18 %.

Од 137 решени не се прифатени 120 Иницијативи, а се прифатени 17 Иницијативи по кои се поднесени 17 Барања за заштита на законитоста до Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Од страна на Врховниот суд се примени вкупно 11 одлуки по поднесените БЗЗ од кои судот уважил 4, а 7 одбил.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија до крајот на 2025 година од ново примените вкупно 19 иницијативи во прекршочна постапка ( КОЗ-П ) решило 16 или 84,2 %, а останале во работа 3 или 15,8 %.

Од 16 решени не се прифатени 14 Иницијативи, а се прифатени 2 Иницијативи по кои се поднесени 2 Барања за заштита на законитоста до Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Од страна на Врховниот суд се примени вкупно 3 одлуки по поднесените БЗЗ од кои судот уважил 2, а 1 одбил.

## IV.2.Постапување по Барање за вонредно преиспитување на правосилна судска пресуда

Во извештајната 2025 година Јавното обвинителство на Република Северна Македонија примило вкупно 168 Барања за вонредно преиспитување на правосилна судска пресуда од кои 145 Барања или 86,3 % се однесуваат на правосилни судски одлуки донесени во кривичната постапка за сите кривични дела освен за оние кои со закон се определени како дела кои се во надлежност на Одделот за организиран криминал и корупција при надлежниот суд и 23 Барања или 13,7 % се однесуваат на правосилни судски одлуки донесени во прекршочната постапка.

Споредбено со 2024 година кога имало вкупно 146 Барања, во 2025 година има зголемување за вкупно 22 Барања или 15,1 %, односно во 2024 имало 124 Барања по општите дела при што во 2025 има зголемување за 21 Барање или 16,9 % и во 2024 биле 22 Барања за дела од организиран криминал и незначително зголемување за 1 Барање или 4,5 % во 2025 година.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија до крајот на 2025 година од ново примените вкупно 168 Барања решило 164 или 97,6 %, а останале во работа вкупно 4 или 2,4 %.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија до крајот на 2025 година од ново примените вкупно 145 Барања за општите дела решило 143 или 98,6 %, а останале во работа 2 или 1,4 %.

Од 143 решени се дадени 141 негативен предлог да се одбие поднесеното барање, а се дадени 2 позитивни предлози да се се прифати поднесеното барање.

Од страна на Врховниот суд се примени вкупно 136 одлуки по поднесените Барања од кои судот уважил 12, а 124 одбил.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија до крајот на 2025 година од ново примените вкупно 23 Барања за дела од организиран криминал решило 21 или 91,3 %, а останале во работа 2 или 8,7 %.

Од 21 решени се дадени 21 негативен предлог да се одбие поднесеното барање и не се дадени позитивни предлози да се се прифати поднесеното барање.

Од страна на Врховниот суд се примени вкупно 21 одлуки по поднесените Барања од кои судот уважил 17, а 4 одбил.

## IV.3.Постапување по Жалба во ЈО РСМ

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија постапува по жалба само во случаите кога Врховниот суд решава како второстепен суд.

При тоа се разликуваат две процесни ситуации.

Првата е Јавното обвинителство на Република Северна Македонија постапува по жалба на Решение како втор степен само кога по жалба против Решение донесено од страна на кривичниот совет на Апелациониот суд кога одлучувал за продолжување на мерките за обезбедување на присуство на обвинетиот над 90 дена, кое решение на кривичниот совет на Апелациониот суд има правно својство на првостепена одлука против која е дозволена жалба до Врховен суд како второстепен суд.

Втората е кога Јавното обвинителство на Република Северна Македонија постапува по жалба против Пресуда како втор степен само кога по жалба против првостепена пресуда од страна на второстепениот суд е донесена пресуда по одржана главна расправа и со тоа второстепената пресуда на Апелациониот суд има правно својство на првостепена одлука против која е дозволена жалба до Врховен суд како второстепен суд.

Треба да се даде едно појаснување, дека според евиденцијата во јавното обвинителство постапувањето по жалба се води збирно во единствен уписник, па затоа податоците изнесени во овој извештај ќе бидат збирни и за двете процесни ситуации, за разлика од судот според чии прописи се водат два уписника.

Заклучок е дека и евиденцијата во јавното обвинителство треба да се усогласи со начинот на евиденцијата како што тоа е со предметите по Барања за вонредно преиспитување на правосилна судска пресуда и со начинот на евиденцијата во судот.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во извештајната 2025 година постапувало по вкупно 132 жалби од кои се решени сите 132 или 100 %, при што се дадени 109 или 82,6 % одговори жалбата да се одбие, а се дадени 23 или 17,4 % жалбата да се уважи.

Споредбено со 2024 година кога имало вкупно 93 постапувања по жалба, во 2025 година има зголемување за вкупно 39 жалби или 42 %.

Јавните обвинители од ЈО РСМ пред Врховниот суд учествувале на 35 јавни седници на кои се одлучувало по изјавените жалби.

Од страна на Врховниот суд се примени вкупно 119 одлуки по изјавените Жалби.

## IV.4.Постапување по други кривични предмети во ЈО РСМ

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во извештајната 2025 година постапувало и по 677 разни други кривични предмети, поднесени претставки, барања за изземање, судир на надлежност, делегација на предмети и други поднесоци.

Споредбено со 2024 година кога имало вкупно 591 постапувања по разни предмети, во 2025 година има зголемување за вкупно 86 предмети или 14,6 %.

Структурата на подносителите на новоподнесените 677 предмети е следна, 13 од ДКСК, 40 од ДЗР, 78 од основни јавни обвинителства, 14 од виши јавни обвинителства, 81 од други државни институции, 41 од правни лица, 385 од граѓани и 25 од анонимни подносители.

Структурата на основот на постапување на новоподнесените 677 предмети е следна, 509 се кривични пријави, 18 се судир на надлежност помеѓу јавни обвинителства од различни подрачја, 70 се разни известувања, 80 се претставки против работењето на јавните обвинители.

## IV.5.Постапување по предмети по Барање за вонредно ублажување на казна

Кривично процесниот институт како вонреден правен лек Барање за вонредно ублажување на казна опстојуваше во правниот систем по Законот за кривична постапка кој беше во правна сила до 30.11.2013 година, а по новиот Закон за кривична постапка кој е во правна сила до 01.12.2013 година овој вонреден правен лек е избришан и повеќе не е во сила. Но, бидејќи во правниот промет се уште постојат постапки кои се започнати и треба да се довршат по претходниот ЗКП, ретко и повремено се уште во постапувањето се појавува и овој вонреден правен лек, по кој постапува ЈО РСМ.

Така, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија до крајот на 2025 година од примило вкупно 3 Барања за вонредно ублажување на казна и сите 3 ги решило или 100 %.

По сите 3 Барања се дадени негативни предлози за да се одбие поднесеното барање.

Од страна на Врховниот суд се примени вкупно 2 одлуки по поднесените Барања и сите 2 судот ги одбил.

## IV.6.Постапување по предмети во управно-судска и управна постапка

Според Законот за управните спорови, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија има овластување пред Врховниот суд на Република Северна Македонија да поднесе Барање за заштита на законитоста против одлука на Управниот суд донесена по тужба за повторување на постапката.

Во извештајната 2025 година примени се вкупно 5 иницијативи за подигање на Барање за заштита на законитоста по овој основ. Од нив 4 се решени со предлог да бидат одбиени, а 1 е нерешена на крајот на извештајната година

Споредбено и во 2024 година биле примени вкупно 5 иницијативи по овој основ.

Согласно тоа, во текот на 2025 година Јавниот обвинител на Република Северна Македонија нема поднесено Барање за заштита на законитоста од Управно судска постапка.

## V.СТРУКТУРА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ

Во овој дел од Извештајот се изложуваат податоци за 2025 година за обемот на криминалитетот спрема структурата на кривичните дела по поодделни глави од Кривичниот законик, со споредбена анализа со податоците од 2024 година.

Овие податоци укажуваат на тенденциите и потребата од системски решенија за превентивно делување против конкретни видови на криминал, што е од значење за планирање на казнената политика и одмерувањето на кривичните санкции.

### V.1.Статистички преглед

**Табела** за статистички преглед за 2024-2025 на структурата на кривичните дела по глави од Кривичниот законик за полнолетни лица

| КРИВИЧНО ДЕЛО | ПРИЈАВЕНИ ЛИЦА | | ОБВИНЕНИЈА | | ПРЕСУДИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | 2025 | 2024 | 2025 | 2024 | 2025 |
| **Глава XIV од КЗ - Кривични дела против животот и телото** | **1.708** | **1.427** | **826** | **774** | **700** | **651** |
| - Убиство чл.123 ст.1 | 32 | 18 | 17 | 19 | 16 | 22 |
| - Убиство чл.123 ст.2 | 13 | 29 | 14 | 18 | 11 | 14 |
| - Убиство во обид | 48 | 28 | 19 | 28 | 8 | 9 |
| -Убиство на миг чл.125 | / | / | / | / | 1 | 1 |
| -Убиство од небрежност чл.126 | / | 2 | / | 1 | / | 7 |
| - Тешка телесна повреда чл.131 | 267 | 225 | 190 | 163 | 188 | 131 |
| -Останати кр.дела. | 1348 | 1.125 | 586 | 545 | 476 | 467 |
| | | | | | | |
| **Глава XV од КЗ- Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | **1.458** | **1.453** | **779** | **772** | **643** | **687** |
| -Противправно лишување од слобода чл.140 | 21 | 22 | 20 | 8 | 26 | 15 |
| -Грабнување чл.141 | 14 | 15 | 10 | 8 | 11 | 13 |
| -Останати кр.дела | 1399 | 1.416 | 749 | 756 | 577 | 659 |
| | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Глава XVI од КЗ-Кривични дела против изборите и гласањето** | **29** | **21** | **8** | **3** | **11** | **4** |
| -Повреда на слободата на определување на избирачите чл.160 | / | 1 | / | 1 | / | / |
| -Поткуп при избори и гласање чл.162 | 1 | 8 | 1 | / | 2 | / |
| -Уништување на изборен материјал чл.164 | 2 | 4 | / | / | 1 | / |
| -Останати кр.дела | 25 | 8 | 8 | 2 | 8 | 4 |
| | | | | | | |
| **Глава XVII од КЗ-Кривични дела против работните односи** | **127** | **125** | **29** | **24** | **24** | **18** |
| | | | | | | |
| **Глава XVIII од КЗ-Кривични дела против честа и угледот** | / | / | / | / | / | / |
| | | | | | | |
| **Глава XIX од КЗ – Кривични дела против половата слобода и половиот морал** | **169** | **143** | **83** | **116** | **92** | **106** |
| -Силување чл.186 | 46 | 20 | 13 | 21 | 18 | 11 |
| -Полов напад врз дете кое не наполнил 14 години чл.188 | 39 | 45 | 11 | 39 | 18 | 28 |
| -Посредување во вршење проституција чл.191 | 1 | 4 | / | 1 | / | 1 |
| -Прикажување на порнографски материјал на дете чл.193 | 6 | 3 | 3 | 2 | 1 | 4 |
| -Останати кр.дела | 77 | 71 | 56 | 53 | 51 | 62 |
| | | | | | | |
| **Глава XX од КЗ - Кривични дела против бракот, семејството и младината** | **673** | **772** | **422** | **427** | **448** | **403** |
| | | | | | | |
| **Глава XXI од КЗ – Кривични дела против здравјето на луѓето** | **1137** | **955** | **638** | **626** | **659** | **567** |
| Неовластено производсво и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори - чл.215 | 1018 | 835 | 548 | 560 | 561 | 509 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| **Глава XXII од КЗ- Кривични дела против животната средина и природата** | **339** | **419** | **160** | **175** | **130** | **141** |
| -Тешки дела против животната средина и природата чл.234 | 2 | / | 1 | / | / | 1 |
| | | | | | | |
| **Глава XXIII од КЗ- Кривични дела против имотот** | **4.760** | **4.544** | **2.855** | **2602** | **3.046** | **2.767** |
| -Кражба чл.235 став 1 | 938 | 818 | 717 | 689 | 795 | 722 |
| -Тешка кражба чл.236 | 1236 | 1.032 | 1.092 | 851 | 1.132 | 905 |
| -Разбојништво чл.237 | 103 | 69 | 64 | 57 | 68 | 64 |
| -Разбојничка кражба чл.238 | 26 | 17 | 13 | 19 | 21 | 20 |
| -Измама на штета на средства на Европската заедница чл.249-а | 2 | 1 | / | / | / | / |
| -Неовластено примање на подароци чл.253 | 3 | / | 2 | 1 | / | 1 |
| -Неовластено давање на подароци чл.253-а | / | / | / | / | / | / |
| -Изнуда чл. 258 | 35 | 74 | 8 | 22 | 15 | 3 |
| -Противзаконито стекнување и прикривање имот чл.259-а | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 |
| -Останати кр.дела | 2.416 | 2.532 | 958 | 963 | 1.023 | 1.050 |
| | | | | | | |
| **Глава XXIV од КЗ- Кривични дела против културното наследство и природните реткости** | **8** | **44** | **3** | **2** | **3** | **8** |
| Оштетување и уништување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости чл.264 | 5 | 1 | / | / | 2 | / |
| --Изнесување односно извезување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости чл.266 | 1 | 1 | / | / | / | / |
| -Останати кр.дела | 2 | 42 | 3 | 2 | 1 | 8 |
| | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Глава XXV од КЗ - Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанство** | **660** | **834** | **315** | **428** | **310** | **356** |
| -Фалсификување пари чл.268 | 36 | 17 | 34 | 14 | 33 | 16 |
| -Перење пари и други приноси од казниво дело чл.273 | 56 | 29 | 6 | 23 | 1 | 5 |
| -Незаконито постапување на овластен ревизор чл.275-б | 4 | / | 5 | / | / | 1 |
| -Злоупотреба на постапка за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство чл.275-в | 26 | 57 | 1 | 10 | / | 1 |
| - Криумчарење чл.278 | 56 | 170 | 27 | 69 | 42 | 54 |
| - Даночно затајување чл.279 | 134 | 159 | 48 | 96 | 54 | 68 |
| -Останати кр.дела | 348 | 402 | 194 | 216 | 190 | 211 |
| | | | | | | |
| **Глава XXVI од КЗ – Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот** | **413** | **483** | **213** | **293** | **194** | **259** |
| | | | | | | |
| **Глава XXVII од КЗ – Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај** | **3.845** | **3.731** | **1.801** | **2.092** | **1.815** | **1.990** |
| -Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот чл.300 | 584 | 489 | 309 | 328 | 311 | 294 |
| -Останати кр.дела | 3.261 | 3.242 | 1.492 | 1.764 | 1.523 | 1.696 |
| | | | | | | |
| **Глава XXVIII од КЗ- Кривични дела против државата** | **21** | **12** | **4** | **6** | **1** | **7** |
| -Вооружен бунт чл.312 | / | / | / | / | 1 | / |
| -Предизивикување омраза,раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа | 17 | 12 | 4 | 4 | 1 | 5 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| чл.319 | | | | | | |
| -Здружување заради непријателска дејност чл.324 | 1 | / | / | / | / | / |
| -Останати кр.дела | 3 | / | 4 | 2 | / | / |
| | | | | | | |
| **Глава XXIX од КЗ-Кривични дела против вооружените сили** | **11** | **4** | **3** | **2** | **4** | **2** |
| -Напад врз воено лице во вршењето на службата чл.333 | / | / | / | / | / | / |
| | | | | | | |
| **Глава XXX од КЗ - Кривични дела против службената должност** | **1.788** | **1.966** | **246** | **282** | **167** | **140** |
| -Злоупотреба на службената положба и овластување чл.353 | 1.383 | 1.461 | 166 | 163 | 101 | 67 |
| -Несовесно работење во службата чл.353-в | 247 | 308 | 29 | 25 | 27 | 25 |
| -Проневера во службата чл.354 | 17 | 43 | 8 | 9 | 8 | 10 |
| -Измама во службата чл.355 | 1 | 4 | 1 | / | 1 | / |
| -Послужување во службата чл.356 | 7 | 1 | 1 | / | 1 | 1 |
| - Примање поткуп чл.357 | 40 | 12 | 13 | 20 | 8 | 9 |
| -Давање поткуп чл.358 | 19 | 16 | 7 | 10 | 5 | 4 |
| -Давање награда за противзаконито влијание чл.358-а | 4 | 26 | 2 | 21 | / | 2 |
| -Примање награда за противзаконито влијание чл.359 | 7 | 18 | / | 4 | / | / |
| -Фалсификување службена исправа чл.361 | 31 | 41 | 4 | 9 | 7 | 4 |
| -Противзаконита наплата и исплата чл.362 | / | 1 | / | / | / | / |
| -останати кр.дела | 32 | 35 | 15 | 21 | 9 | 18 |
| | | | | | | |
| **Глава XXXI од КЗ – Кривични дела против правосудството** | **533** | **618** | **252** | **240** | **194** | **234** |
| -Неизвршување на судска одлука чл.377 | 157 | 173 | 80 | 82 | 63 | 83 |
| -Останати кр.дела | 376 | 445 | 172 | 158 | 131 | 151 |
| | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Глава XXXII од КЗ – Кривични дела против правниот сообраќај** | **533** | **671** | **319** | **349** | **389** | **307** |
| -Фалсификување исправа чл.378 | 395 | 555 | 248 | 300 | 311 | 259 |
| | | | | | | |
| **Глава XXXIII од КЗ – Кривични дела против јавниот ред** | **1.750** | **1.594** | **975** | **1.039** | **969** | **873** |
| -Спречување службено лице во вршење службено дејствие чл.382 | 143 | 121 | 97 | 77 | 117 | 79 |
| - Насилство чл.386 | 850 | 690 | 458 | 507 | 489 | 422 |
| -Недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи чл.396 | 233 | 255 | 133 | 160 | 116 | 164 |
| -Останати кр.дела | 524 | 528 | 287 | 295 | 247 | 208 |
| | | | | | | |
| **Глава XXXIV од КЗ-Кривични дела против човечноста и меѓународното право** | **100** | **100** | **79** | **82** | **44** | **27** |
| | | | | | | |
| **Кривични дела по посебни закони** | **41** | **60** | **22** | **33** | **10** | **22** |
| | | | | | | |

## V.2.Анализа на структурата на криминалитетот за познати полнолетни сторители

### Глава XIV од КЗ - Кривични дела против животот и телото

Во 2025 година за кривичните дела од оваа глава во однос на 2024 година има пад на криминалитетот за 281 лица или 16,5 %.

Падот е забележителен кај сите кривични дела освен кај кфалификуваните облици на кривичното дело Убиство од чл.123 ст.2 од КЗ за кои во 2024 имало пријавени вкупно 13 лица, а во 2025 година има 29 лица. што е двојно зголемување кој тренд е ист како и 2024 во однос на 2023 година.

Пропорционален пад има и кај бројот на поднесени обвиненија и добиени првостепени пресуди.

**Глава XV од КЗ - Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот**

Во 2025 година за кривичните дела од оваа глава во однос на 2024 година обемот на криминалитетот е на исто ниво со разлика од само 5 помалку пријавени лица.

Соодветното исто ниво следува и кај бројот на поднесени обвиненија и добиени првостепени пресуди.

**Глава XVI од КЗ - Кривични дела против изборите и гласањето**

Во 2025 година за кривичните дела од оваа глава во однос на 2024 година обемот на криминалитетот е со пад од 8 лица или 27,6 %, односно од 29 лица во 2024 на 21 лице во 2025 година.

За овие дела кои се вршат за време на изборни циклуси, позитивно е што не се во голем број како кај другите дела и што има пад што зборува за подобрување на општествените односи во делот на изборните процеси.

Соодветното исто ниво на опаѓање следува и кај бројот на поднесени обвиненија и добиени првостепени пресуди.

**Глава XVII од КЗ - Кривични дела против работните односи**

Во 2025 година за кривичните дела од оваа глава во однос на 2024 година обемот на криминалитетот е на исто ниво со разлика од само 2 помалку пријавени лица.

Соодветното исто ниво следува и кај бројот на поднесени обвиненија и добиени првостепени пресуди.

**Глава XVIII од КЗ - Кривични дела против честа и угледот**

Во 2025 година нема пријавени лица за кривичните дела од оваа глава, исто како и во 2024 година, со оглед дека поголемиот број на кривични дела со поранешни измени на КЗ се избришани.

**Глава XIX од КЗ - Кривични дела против половата слобода и половиот морал**

Во 2025 година за кривичните дела од оваа глава во однос на 2024 година има пад на криминалитетот за 26 лица или 15,4 %, односно од 169 на 143 лица.

Падот е најзабележителен кај кривичното дело Силување од чл.186 од КЗ за кои во 2024 имало пријавени вкупно 46 лица, а во 2025 година има 20 лица. што е повеќе од двојно намалување, кој тренд не е ист кај кривичното дело Полов

напад врз дете кое не наполнил 14 години од чл.188 од КЗ за кое во 2024 имало пријавени вкупно 39 лица, а во 2025 година има 45 лица, што бара соодветен општествен одговор на органите за социјална политика и детска заштита.

За разлика од бројот на пријавени лица, во 2025 година зголемен број на поднесени обвиненија и на добиени пресуди по нив, што се должи на завршување на истрагите започнати во 2024 година, а процесуирани пред судот во 2025 година.

### Глава XX од КЗ - Кривични дела против бракот, семејството и младината

Во 2025 година за кривичните дела од оваа глава во однос на 2024 година има пораст на криминалитетот за 99 лица или 14,7 %, односно раст од 673 на 772 лица.

Незначителен пораст има за 5 обвиненија, што значи дека обемот е на исто ниво како во 2024 година, а обратно од обвиненијата, поголем пад има кај добиените пресуди, од 448 во 2024 на 403 во 2025 година, што е во зависност од времетраењето на судската постапка и обемот на доказите.

Во однос и на овој вид на криминалитет е потребен зголемен соодветен општествен одговор на органите за социјална политика, затоа што бројот на пријавени лица од над 77 на годишно ниво е релативно висок и е поголем од друг вид на криминалитет.

### Глава XXI од КЗ – Кривични дела против здравјето на луѓето

Во 2025 година за кривичните дела од оваа глава во однос на 2024 година има пад на криминалитетот за 182 лица или 16 %, односно од 1.137 на 955 лица.

Падот е најзабележителен кај кривичното дело Неовластено производсво и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 од КЗ, кое е и најбројно дело од оваа глава, за кое во 2024 имало пријавени вкупно 1.018 лица, а во 2025 година има 835 лица или пад од 18 %.

Незначителен пад има за 12 обвиненија од 638 во 2024 на 626 во 2025 година, што значи дека обемот е на исто ниво како во 2024 година, а поголем пад има кај добиените пресуди од 659 во 2024 на 567 во 2025 година, што кај кривичното дело од чл.215 од КЗ е во обратен соднос каде има пораст на поднесени обвиненија од 548 на 560, а пад на пресудите од 561 на 509.

### Глава XXII од КЗ - Кривични дела против животната средина и природата

Во 2025 година за кривичните дела од оваа глава во однос на 2024 година има пораст на криминалитетот за 80 лица или 23,6 %, односно раст од 339 на 419 лица.

Благ пораст од 160 на 175 поднесени обвиненија или 9,3 % има кај обвиненијата, благ пораст од 130 на 141 или 8,5 % има и кај добиените пресуди, што е пропорционално трипати помалку во однос на пријавените лица, што се должи на тежината на прибирање на доказите и времетраењето на постапките во обвинителството и судот.

Во однос и на овој вид на криминалитет е потребен зголемен соодветен општествен одговор на органите пред се за заштита од шумски пожари како најбројни кривично правни настани за овој вид на криминалитет, кој во последните години, особено во 2025 година имаше висок степен на застапеност со огромни штети, а соодветно на тоа зголемена активност и на органите за откривање и на јавното обвинителство како орган за прогон.

### Глава XXIII од КЗ - Кривични дела против имотот

Ова е најобемниот и најзастапен криминалитет секоја година.

Во 2025 година за кривичните дела од оваа глава во однос на 2024 година има пад на криминалитетот за 216 лица или 4,5 %, односно од 4.760 на 4.544 лица.

Падот е пропорционален кај вообичаените најчести дела кражба, тешка кражба и разбојништо, што говори за зголемена активност на МВР и намалување на кражбите и уличниот криминал, но има забележителен двоен пораст кај кривичното дело Изнуда од чл.258 од КЗ за кое во 2024 имало пријавени вкупно 35 лица, а во 2025 година има 74 лица.

Пропорционален пад со пријавените лица има за по околу 200 лица кај поднесените обвиненија и кај добиените пресуди, што говори за констатен ангажман на јавното обвинителство и судот.

### Глава XXIV од КЗ - Кривични дела против културното наследство и природните реткости

Во 2025 година за кривичните дела од оваа глава во однос на 2024 година има пораст на криминалитетот за 36 лица или 450 %, односно раст од 8 пријавени лица во 2024 на 44 пријавени во 2025 година, од кои 32 се на подрачјето на ВЈО Скопје.

Вообичаено овие кривични дела не се многу застапени во структурата на криминалитет, но овој нагло зголемен пораст е резултат на зголемена активност во 2025 година на надлежните институции и органи за заштита на овој вид на општествено добро.

Со оглед дека рстот е нагло зголемен во 2025 година, несразмерно е мал бројот на поднесени обвиненија и пресуди кои постапки се очекува да финализираат во 2026 година.

**Глава XXV од КЗ - Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанство**

Во 2025 година за кривичните дела од оваа глава во однос на 2024 година има значителен пораст на криминалитетот за 174 лица или 26,4 %, односно раст од 660 пријавени лица во 2024 на 834 пријавени во 2025 година.

Овој пораст е резултат на зголемена активност во 2025 година на надлежните институции и органи за откривање, МВР, Финансиска полиција и Царина.

Кај фалсификувањето и перењето пари има пад, но голем раст, двојно, има кај кривичните дела на злоупотреба на јавен повик и доделување на договор за јавни набавки од чл.275-в од КЗ, тројно кај Криумчарењето од чл.278 од КЗ и благ пораст кај Даночното затајување од чл.279 од КЗ.

Пропорционален раст има и кај поднесените обвиненија за над 100 и добиени пресуди за 50.

**Глава XXVI од КЗ – Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот**

Во 2025 година за кривичните дела од оваа глава во однос на 2024 година има пораст на криминалитетот за 70 лица или 16,9 %, односно раст од 413 на 483 лица.

Пропорционален пораст од 213 на 293 има на поднесени обвиненија и кај добиените пресуди за 65 лица.

Во однос и на овој вид на криминалитет, исто како кај делата против животната средина е потребен зголемен соодветен општествен одговор на органите пред се за заштита од различни типови на пожари како најбројни кривично правни настани за овој вид на криминалитет, кој во последните години, особено во 2025 година имаше висок степен на застапеност со огромни штети и загуба на човечки животи, а соодветно на тоа зголемена активност и на органите за откривање и на јавното обвинителство како орган за прогон.

**Глава XXVII од КЗ – Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај**

После кривичните дела против имотот, ова е вториот најобемен и најзастапен криминалитет секоја година.

За кривичните дела од оваа глава од 2025 година во однос на 2024 година има благ пад на криминалитетот за 114 лица или 3 %, односно од 3.845 на 3.731 лица.

Кај поднесените обвиненија и добиени пресуди има пораст за по околу 200 лица.

Во 2025 година е забележана по голем број на тешки сообраќајни незгоди особено во граските средини со загуба на голем број на човечки животи и телесни повредувања, за што следуваше и соодветен општествен одговор со дигитализација на контролата на сообраќајот.

### Глава XXVIII од КЗ - Кривични дела против државата

Во 2025 година за кривичните дела од оваа глава во однос на 2024 година има скоро двоен пад на криминалитетот за 9 лица или 42,8 %, односно од 21 на 12 лица кои сите се пријавени за кривично дело Предизивикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа од чл.319 од КЗ, против кои има поднесено 4 обвиненија исто колку и во 2024 година и има добиено 5 пресуди за разлика од 1 пресуда во 2024 година.

### Глава XXIX од КЗ - Кривични дела против вооружените сили

Иако овие дела вообичаено се едни од најмалку застапените, па во 2025 година има голем пад од 11 во 2024 на 4 пријавени лица во 2025 година во која се поднесени обвиненија против 2 лица и добиени пресуди за 2 лица, а во 2024 имало обвиненија против 4 лица и добиени пресуди против 4 лица.

### Глава XXX од КЗ - Кривични дела против службената должност

Овие кривични дела се трети по застапеност во структурата на криминалитетот и се дела кои привлекуваат најголемо внимание на јавноста.

За кривичните дела од оваа глава од 2025 година во однос на 2024 година има значителен пораст криминалитетот за 178 лица или 10 %, односно од 1.788 на 1.966 лица.

Кај поднесените обвиненија од 246 во 2024 има пораст на 282 во 2025 година, кај добиените пресуди има пад од 167 на 140 лица.

Ако анализираме дека од 2024 година 1.961 пријавено лице биле пренесени во работа во 2025 година во која има скоро идентичен број од 1.966 новопријавени лица, споредено со бројот на поднесени обвиненија и добиени пресуди во 2025 година, заклучокот е дека постапувањето по овој вид на криминалитет не задоволува и говори за бавност на постапките во јавното обвинителство. На сето ова одредено влијание имаат обемот и брзината на вештачењата, како и измените на КЗ за кривичното дело од чл.353 од КЗ.

Порастот е евидентен кај сите дела, освен кај примањето на поткуп каде има најголемо намалување од 40 во 2024 на 12 лица во 2025 година.

### Глава XXXI од КЗ - Кривични дела против правосудството

За кривичните дела од оваа глава од 2025 година во однос на 2024 година има значителен пораст криминалитетот за 85 лица или 16 %, односно од 533 на 618 лица.

Кај поднесените обвиненија има благ пад од 252 во 2024 на 240 во 2025 година, а кај добиените пресуди има пораст од 194 на 234 лица.

Скоро една третина или 28 % од застапеноста на делата од оваа глава отпаѓа на кривичното дело Неизвршување на судска одлука од чл.377 од КЗ.

### Глава XXXII од КЗ – Кривични дела против правниот сообраќај

За кривичните дела од оваа глава од 2025 година во однос на 2024 година има значителен пораст криминалитетот за 138 лица или 26 %, односно од 533 на 671 лице.

Кај поднесените обвиненија има благ пораст од 319 во 2024 на 349 во 2025 година, а кај добиените пресуди има поголем пад од 389 на 307 лица.

Најголема застапеност со 82,7 % во структурата на делата од оваа глава отпаѓа на кривичното дело Фалсификување исправа од чл.378 од КЗ, за кое обвинувањето и пресудувањето е на една половина од пријавените лица заради наглиот пораст на пријавување во 2025 година со 555 лица во однос на 395 лица во 2024 година.

### Глава XXXIII од КЗ – Кривични дела против јавниот ред

Овие кривични дела се четврти по застапеност во структурата на криминалитетот.

За кривичните дела од оваа глава од 2025 година во однос на 2024 година има значителен пад криминалитетот за 156 лица или 8,9 %, односно од 1.750 на 1.594 лице.

Кај поднесените обвиненија има благ пораст од 975 во 2024 на 1.039 во 2025 година, а кај добиените пресуди има поголем пад од 969 на 873 лица.

Најголема застапеност со 43,3 % во структурата на делата од оваа глава отпаѓа на кривичното дело Насилство од чл.386 од КЗ, потоа  со 16 % на кривичното дело Недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи од чл.396 од КЗ, а потоа со 7,6 % на кривичното дело Спречување службено лице во вршење службено дејствие од чл.382 од КЗ.

## Глава XXXIV од КЗ - Кривични дела против човечноста и меѓународното право

За кривичните дела од оваа глава од 2025 година во однос на 2024 година е на исто ниво со по 100 пријавени лица.

Кај поднесените обвиненија има благ пораст од 79 во 2024 на 82 во 2025 година, а кај добиените пресуди има скоро двоен пад од 44 на 27 лица.

Најголема застапеност во структурата на делата од оваа глава отпаѓа на кривичните дела на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе и деца.

## Кривични дела по посебни закони

Освен со Кривичниот законик кривични дела се пропишани и со редица посебни закони по кои надлежни за постапување се јавните обвинителства.

За овие кривични дела во 2025 година во однос на 2024 година има пораст за 50 % односно од 41 лице во 2024 на 60 лица во 2025 година, со значително зголемување на поднесени обвиненија од 22 на 33 и на добиени пресуди од 10 за 22 лица.

# VI.МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

## VI.1.Јавното обвинителство и другите институции

Квалитетната меѓуинституционална соработка е основа за јакнење на борбата против сите облици на криминал, а особено на организираниот и дугите облици на сложениот криминал.

Покрај законските норми кои упатуваат на соработка и координација со органите на правосудната полиција и со другите институции, во извештајната 2025 година Јавното обвинителство презеде и дополнителни активности за јакнење на овие механизми.

На 15 јануари 2025 година помеѓу Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи беше потпишан Договор за електронска размена на податоци помеѓу јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи, кој што е од особено значење за воспоставување интероперабилност и размена на електронските податоци помеѓу двете институции кои се столбови на откривањето и прогонот на криминалитетот во сите негови појавни облици.

На 10 април 2025 година помеѓу Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи беше потпишан Протокол за соработка со кој беше практично унапреден и разработен претходниот протокол со кој се уредуваше соработката во повеќе сегменти.

Јавното обвинителство ги интензивираше и активностите за соработка со Државниот завод за ревизија и со Државната комисија за спречување на корупцијата. Така, на 30ти септември 2025 година, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија учествуваше на работилница за зајакнување на соработката помеѓу Државниот завод за ревизија и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија организирана со поддршка на Фондацијата за демократија на Вестминстер во државата и Британската Амбасада во Скопје.

Во рамките на меѓуинституционалната координација за следење на активностите и спречување на кривични дела поврзани со изборниот процес, на 24 септември 2025 година, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија оствари средба со Матео Мекачи, шефот на Мисијата на ОДИХР за набљудување на локалните избори, со кого детално разговараше за сите надлежности на обвинителството во постапките по евентуални кривични дела поврзани со изборите.

## VI.2.Соработка со невладини организации

Соработката со граѓанските организации во текот на 2025 година беше интензивирана, особено за прашањата кои се однесуваат на зголемувањето на координацијата и размената на информации чија цел е поголема ефикасност на кривичниот прогон во одредени суштински области од јавен интерес.

Така, на 1 октомври 2025 година, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија потпиша Меморандум за соработка со Транспаренси - Интернешнл-Македонија со цел зајакнување на соработката од областа на борбата против корупцијата и организираниот криминал.

Исто така, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ, Јавното обвинителство беше потписник на повеќе институционален Меморандум за соработка со невладината организација „Хелсиншки комитет за човекови права“ и со Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство, со цел за спроведување на активности во рамки на проектот „Опсерваторија за фемициди : Превенција и мониторинг на фемициди и обиди за фемицид во Република Северна Македонија”.

Јавното обвинителство ја продолжи интензивната соработка и со Здружението на новинари на Македонија, со посебен фокус на предметите за заштита на слободата на изразување и безбедноста на новинарите, а во Основните јавни обвинителства во Скопје, Тетово, Битола и Штип продолжија да функционираат посебни јавни обвинители задолжени да ги следат предметите кои се однесуваат на безбедноста на новинарите.

# VII.КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

## VII.1.Транспарентност на јавното обвинителство

Јавното обвинителство и во 2025 година продолжи со активностите за јакнење на транспарентноста, што јасно се согледува и по бројот на објавени информации во медиумите, кој покажува раст за околу 26% во однос на претходната 2024 година.

Во текот на 2025 година, Службата за односи со јавноста на Јавното обвинителство информираше за активностите на јавните обвинителства преку објавени 453 соопштенија, а секојдневно одговараше и на многубројните новинарски прашања во најкраток можен рок, обезбедувајќи редовни, точни и навремени информации за сите предмети од јавен интерес.

Комуникацијата со медиумите се одвива телефонски, по електронска пошта, но и преку мобилни апликации за електронска комуникација со цел навремено обезбедување на потребните информации.

Согласно обемот на работа, и во извештајната 2025 година најголем дел од објавените соопштенија се однесуваа на предмети од Основното јавно обвинителство Скопје, дури 195 што е речиси една половина од вкупниот број. Потоа следуваат Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, а за предмети од интерес на јавноста во своја надлежност доста често информирале и обвинителствата во Битола, Кавадарци, Тетово, Кочани.

Во 2025 година, по настанатиот катастрофален пожар во дискотеката „Пулс“ во Кочани, Јавното обвинителство ги искористи сите инструменти на кризна комуникација, со цел да овозможи транспарентност и ефикасност на истрагата која беше од исклучителен јавен интерес. Во текот на годината беа организирани и повеќе брифинзи за новинари, а јавните обвинители со свои изјави и интервјуа беа присутни во медиумите, објаснувајќи ги транспарентно и одговорно одлуките и работата на обвинителството.

Во рамките на активностите за јакнење на транспарентноста на Јавното обвинителство, во текот на 2025 година, преку проектот “Поддршка на ЕУ за владеење на правото”, финансиран од Европската унија, Јавното обвинителство изготви драфт стратегија за транспарентност, која е во фаза на консултации и коментари.

## Табеларен приказ на дадени соопштенија по јавни обвинителства

| 2025 | Јан | Фев | Март | Апр | Мај | Јун | Јул | Авг | Сеп | Окт | Ное | Дек | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЈОРСМ | 4 | 4 | 3 | 3 | 3 | 5 | 7 | / | 5 | 5 | 4 | 3 | 46 |
| ОЈО ГОКК | 9 | 8 | 9 | 6 | 6 | 1 | 9 | 5 | 2 | 3 | 1 | 6 | 65 |
| ОЈО Скопје | 16 | 16 | 17 | 15 | 20 | 17 | 17 | 11 | 25 | 17 | 13 | 11 | 195 |
| ОЈО Битола | 2 | 2 | / | / | 3 | 1 | 3 | 3 | 4 | 4 | 2 | 4 | 28 |
| ОЈО Кавадарци | 1 | 1 | 1 | / | 1 | / | / | 4 | 2 | 3 | 2 | 2 | 17 |
| ОЈО Велес | 1 | 3 | / | / | 1 | 2 | 1 | / | 2 | / | 1 | / | 11 |
| ОЈО Штип | 1 | 2 | / | / | 2 | / | / | 3 | 2 | 1 | 1 | / | 12 |
| ОЈО Гостивар | 1 | / | 1 | 1 | 1 | / | 1 | / | / | 1 | / | 1 | 7 |
| ОЈО Тетово | 3 | 2 | / | 1 | 1 | / | 2 | 2 | / | 3 | / | 2 | 16 |
| ОЈО Гевгелија | 1 | 1 | 2 | / | / | / | 1 | 1 | / | / | 3 | 1 | 10 |
| ОЈО Куманово | 2 | / | / | 1 | 1 | 1 | / | / | / | 1 | / | 1 | 7 |
| ОЈО Струга | / | 1 | / | / | / | 1 | / | 2 | 3 | / | / | / | 7 |
| ОЈО Прилеп | / | / | 2 | / | 1 | / | 1 | / | / | 2 | / | 1 | 7 |
| ОЈО Кочани | / | / | 5 | 2 | 4 | 1 | / | / | 1 | 1 | 1 | / | 15 |
| ОЈО Струмица | / | / | / | 1 | / | / | 1 | / | / | / | 1 | / | 3 |
| ОЈО Кичево | / | / | / | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | 2 |
| ОЈО Охрид | / | / | / | / | / | 1 | 1 | / | / | / | / | / | 2 |
| ОЈО К.Паланка | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 2 | 2 |
| ВЈО Штип | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | / | / | / | 1 |
| ВКУПНО | 41 | 40 | 40 | 31 | 45 | 30 | 44 | 31 | 47 | 41 | 29 | 34 | 453 |

## VII.2.Слободен пристап до информации од јавен карактер

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во рамките на своите надлежности постапува и согласно на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Согласно чл.36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер имателот на информацијата е должен да подготви Годишен извештај за спроведување на овој закон и да го достави до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во организацијата на јавните обвинителства, секое јавно обвинителство, без оглед на степенот, е посебен субјект согласно овој закон и како такво за своето постапување изготвува свој Годишен извештај.

Така и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија е посебен субјект кој самостојно постапува во остварување на надлежноста согласно овој закон и самостојно комуницира со барателите на информации од јавен карактер, за кое нешто има свое службено лице кое е определено за посредување со информации во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, па затоа и изготвува свој посебен Годишен извештај кој што го доставува до надлежната Агенција.

Во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во 2025 година се примени вкупно 17-седумнаесет барања, од кои на 16-шеснаесет е позитивно одговорено, а 1-едно барање е одбиено согласно чл.6 ст.1 т.2 од Законот, против кое решение не е изјавена жалба. во 2025 година нема неодговорени барања.

Споредбено со 2024 година кога во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија биле примени се 22 барања, во 2025 година имаме намалување за 5-пет поднесени барања или 22,7 %.

Во 2024 година на сите 22-дваесетидве примени барања било позитвно одговорено или 100 %, споредбено со 2025 година кога од вкупно 17-седумнаесет примени барања на 16-шеснаесет барања е позитивно одговорено, а 1-едно барање е одбиено, имаме 94,1 % позитивни одговори.

## VIII.МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### VIII.1.Положба, правна рамка, организација на Јавното обвинителство

Јавното обвинителство покрај положбата и надлежноста што ја има во правниот систем во земјата, неминовно и по закон повикано има активности и надлежности и во делот на меѓународната соработка во функција на домашниот правен систем и правата и обврските кои произлегуваат од меѓународното право.

Правната рамка за ова постапување се бројни меѓународни акти како конвенции, протоколи, договори кои се ратификувани во согласност со Уставот како и домашни прописи при што основен акт е Законот за меѓународна соработка во кривичната материја донесен во 2021 година, со кој се замени законот од 2010 година кој стапи во примена заедно со новиот ЗКП на 01 декември 2013 година и со тоа се напушти дотогашниот концепт меѓународноправната помош да се регулрира со одредбите на ЗКП.

Во тој контекст, од една страна јавното обвинителство се јавува како институција во делот на активности на меѓународна соработка со обвинителства и други институции од други држави, при што репрезент е Јавниот обвинител на Јавното обвинителство на РСМ, а од друга страна Јавното обвинителство има и конкретни надлежности и постапувања во делот на меѓународно правната помош по конкретни предмети и прашања во кривичната материја која се остварува во зависност од конкретното прашање како преку ЈО РСМ така и преку директна комуникација на домашните јавни обвинителства со обвинителства и други институции од странски земји.

Во функција на сето тоа е Одделението за меѓународна правна помош кое се формира и постапува во рамките на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Воедно во рамките на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија функционира и АРО Канцеларијата за поврат на имот.

Исто така функционира и Канцеларијата за врски на РСМ во Европравда.

Јавното обвинителство во рамките на меѓународната соработка е вклучено во повеќе меѓународни мрежи, како што е GLOBE – Глобалната оперативна мрежа на ОН за антикорупциски органи, CARIN – Мрежата за поврат на имот, Мрежата за контрола на мало и лесно оружје во Југоисточна и Источна Европа (SEESAC), а преку AFCOS мрежата разменува податоци и со Европската канцеларија против измами (OLAF).

Јавното обвинителство активно соработува со  Европската правосудна мрежа во кривична материја – EJN активности.

Преку контакт лицето на INTERPOL за конфискација на имот во Република Северна Македонија, Јавното обвинителство е вклучено и во активностите од проектот на INTERPOL за сребрена потерница, во кој нашата

земја е прва држава од регионот која дава активен придонес во пилот фазата за распишување на сребрени потерници.

Во сите овие меѓународни мрежи, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија има свој претставник и активно учествува во активностите.

### VIII.2.Меѓународна правна помош преку Одделението за меѓународна правна помош

Јавното обвинителство во континуитет ги јакне капацитетите за меѓународна правна помош, како преку Одделението за меѓународна правна помош кое функционира во рамките на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, така и преку директна комуникација на домашните јавни обвинителства со обвинителства и други институции од странски земји.

Со оглед на фактот дека криминалните структури со своите дејствија се почесто ги надминуваат националните граници, неспорно се појавува потребата во следниот период уште повеќе да се инвестира во јакнење на меѓународната размена на информации меѓу истражните органи со цел да се обезбеди ефикасен кривичен прогон.

Во текот на 2025 година, преку Одделението за меѓународна правна помош во ЈО РСМ биле примени и испратени вкупно 484 барања за меѓународна правна помош, што е за 15 барања повеќе во однос на 2024 година кога биле примени 469.

Од вкупно 484 предмети за меѓународна правна помош, Основните јавни обвинителства поднеле 185 барања за меѓународна правна помош до правосудни органи во други држави.

Најчести земји од кои сме побарале меѓународна правна помош се соседните и воопшто балканските земји, додека од останатите по бројот на барања предничат Соединетите Американски Држави како земја во кои се регистрирани седиштата на најголем дел од социјалните мрежи, но и до ОАЕ, Франција, Летонија и Германија.

Од вкупно 484 предмети за меѓународна правна помош, од правосудните органи на други држави до ЈО РСМ пристигнати се вкупно 299 барања од кои 263 барања се преку Министерството за правда, од МВР пристигнати барања се 13, директно од други земји 17 и 6 од Европравда.

Најчесто барања за меѓународна правна помош до нас пристигнуваат повторно од балканските земји, што е разбирливо со оглед на поврзаноста и неопходноста од меѓусебна соработка за разоткривање на криминалните структури. Освен ова, на листата на земји кои побарале меѓународна правна помош се и Грција, Унгарија, Германија, Чешка, Словачка, Турција, Романија, Франција и други.

По сите барања од страна на Одделението за меѓународна правна помош при Јавното обвинителство на Р.С. Македонија, е постапено.

Во поглед на видот на дејствијата преземени по барањата за меѓународна правна помош, тука се вклучени екстрадиции, барања за достава на податоци, преземање на кривично гонење, замолници за сослушување и други замолници, известувања, информации и достава на списи.

## VIII.3.Активност на АРО Канцеларијата за поврат на имот

Во рамките на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија функционира и Канцеларијата за поврат на имот (АРО ).

Во текот на 2025 година, во Канцеларијата за поврат на имот (АРО) согласно службените евиденции, отворени се вкупно 173 предмети.

Вредноста на замрзнатите средства во странство преку АРО канцеларијата во 2025 година изнесува 660.000,00 евра во возила, 1.223.200,00 евра, 1000 швајцарски франци, 3 златни монети и 1 златна плочка.

Овие предмети се однесуваат на различни видови барања и иницијативи, вклучително и постапувања по барања доставени преку мрежата CARIN, постапувања по т.н. „Сребрена потерница“, барања од Управата за финансиска полиција, барања од основните јавни обвинителства за проверка и идентификација на имот, како и барања за меѓународна правна помош и соработка доставени од надлежни органи на странски држави. Наведените активности ја отсликуваат засилената национална и меѓународна соработка во делот на следење, идентификување и обезбедување на имотна корист стекната со кривично дело.

Во однос на сите наведени предмети се спроведени паралелни финансиски истраги, со цел систематско идентификување, следење и обезбедување на имотната корист стекната со кривично дело, како и утврдување на обемот и локацијата на средствата, во земјата и во странство. Ваквиот пристап обезбедува функционално и координирано постапување, во согласност со законските надлежности и меѓународните стандарди во областа на поврат на имот.

Претставник од Канцеларијата за поврат на имот е дел од Правосудната фокус група за перење пари и враќање на средства при Европравда.

Во однос напредокот во работата на Канцеларијата за поврат на имот (АРО), забележана е засилената национална и меѓународна соработка во делот на следење, идентификување и обезбедување на имотна корист стекната со кривично дело.

Во нормативниот дел, подзаконските акти потребни за понатамошно уредување на постапувањето на Канцеларијата за поврат на имот се изготвени, но се уште не се формално усвоени од надлежните органи. Истата состојба се однесува и на Стандардната оперативна процедура (СОП) за работа на АРО, која е подготвена, но се наоѓа во фаза пред нејзино официјално усвојување. Донесувањето и стапувањето во сила на овие акти ќе придонесе кон

дополнително јакнење на институционалната рамка, уедначување на практиката и зголемување на ефикасноста во постапувањето.

Паралелно со тоа, во тек се постапки за јавни набавки насочени кон материјално и техничко опремување на Канцеларијата за поврат на имот, како и постапка за изготвување на софтверско решение за воспоставување на Електронската интегрирана база на податоци. Овие активности имаат за цел унапредување на материјално-техничките капацитети, обезбедување современи алатки за анализа и размена на податоци, како и создавање услови за поефикасно спроведување на финансиски истраги и меѓународна соработка во областа на одземање на имотната корист стекната со кривично дело.

Етаблирањето на обвинителството како институција на која може да се смета при гонење на преку граничен криминал и работа на меѓународно важни и експонирани кривично правни случаи ја зајакнува позицијата на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, а со тоа и на нашата држава.

## VIII.4.Активност на Канцеларијата за врски во Европравда

Во 2025 година Канцеларијата за врски на РСМ во Европравда постапувала по вкупно 126 предмети од кои 85 предмети биле пренесени во работа од 2024 во 2025 година, а 41 предмет се ново отворени во 2025 година.

Од 41 ново отворените предмети, 31 се регистрирани во системот на Европравда во случаи кога во случајот е инволвирана и земја членка на ЕУ, а 10 предмети се билатерални соработки.

Покрај тоа канцеларијата остварила голем број други активности со националните претставници во Европравда од земји членки на ЕУ, како за конкретни предмети, така и за обезбедување на информации од значење и инетерес за меѓународно правна помош во која насока се остварени голем број активности со домашните надлежни институции и органи.

## VIII.5.Меѓународна активност на Јавното обвинителство

Во текот на 2025 година, Јавното обвинителство беше учесник на меѓународни конференции и средби, преку кои ја интензивираше соработката и размената на искуства и со другите обвинителства во Европа и пошироко.

Така, на 21 февруари 2025 година, јавните обвинителства од Западен Балкан и Јужна Америка ја зајакнаа соработката за справување со организирани криминални групи на конференција која се одржа во Перу.

На 28 мај 2025 година, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија учествуваше на работилница за разбивање на меѓународните криминални организации и мрежи за трговија со дрога во Охрид во организација

на Амбасадата на САД и програмите на американскиот Стејт Департмент и Департментот за правда.

На 30 мај 2025 година, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија беше во службена посета на Република Косово, во Приштина каде оствари средба со Главниот државен обвинител Бесим Келменди и специјалниот јавен обвинител Блерим Исуфај во врска со унапредување на соработката на косовското и македонското јавно обвинителство во борбата против организираниот криминал.

На 17 јуни 2025 година во организација на Европравда, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија учествуваше на Регионален консултативен форум на шефови на државни и специјални обвинителства во Република Албанија, во Тирана на која се разговараше за унапредување на соработката меѓу јавните обвинителства од Западен Балкан.

На 3 септември 2025 година, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија учествуваше на Регионалната конференција на јавни обвинители за соработка во обработката на предмети за воени злосторства што се одржа во Бриони, Република Хрватска.

На 3 декември 2025 година, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија учествуваше на состанок на високо ниво во Хаг, Холандија, меѓу државните јавни обвинители од земјите од Западниот Балкан и Латинска Америка, организиран од Европравда.

Покрај активностите на државниот јавен обвинител и други јавни обвинители исто така учествуваа на меѓународни стручни конференции чија цел е размена на искуства во борбата против специфични облици на криминал.

Па така, преку проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото", беа реализирани и две студиски посети на јавните обвинителства во Португалија и Полска, чија цел беше запознавање со правната рамка и начинот на функционирање на јавнообвинителските институции во оваа европска земја, особено од аспект на финансирањето и самостојноста на јавнообвинителскиот систем, транспарентноста на постапките, оценувањето и надзорот над работењето на јавните обвинители, како и дигитализацијата.

Во Јавното обвинителство беа одржани и повеќе средби со амбасадори и странски претставници во РСМ кои во текот на годината се интересираа за состојбите во обвинителството и предизвиците со кои се соочува институцијата.

# IX.КАПАЦИТЕТИ НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

## IX.1 Кадровска состојба

Човечкиот потенцијал е од исклучителна голема важност и темел за успешно остварување на основните надлежности и стратешките цели на секоја институција.

Од овој аспект, во извештајот ќе биде изнесена состојбата со човечките ресурси во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за постоечката состојба и потребите, генезата на проблемот со недостатокот на човечки ресурси и можностите за негово надминување, како од аспект на бројот на јавни обвинители, така и на јавнообвинителската служба, кои податоци подетално се обработени во понатамошното излагање.

Со години наназад јавното обвинителство се соочува со континуирано опаѓање на човечките ресурси, со што се отежнува ефекасноста, квантитетот и квалитетот во остварувањето на надлежностите на јавното обвинителство на сите нивоа, со негативна рефлексија врз ажурноста и ефекисноста на остварувањето на законската функција на институцијата во целина.

Ваквата состојба е резултат на континиурано повеќегодишно лошо планирање и менаџирање со ресурсите пред се во самото јавно обвинителство, но и недоволниот обем на издвоени материјални средства од Буџетот со што се оневозможуваше континуирано пополнување, кое во основа не го задоволуваше ни покривањето на природниот одлив на кадрите.

Треба да се прави разлика со состојбата на јавните обвинители и на јавно обвинителската служба, која се пополнува од различни извори кои меѓу себе се исклучуваат, но секоја од свој аспект е во право пропорционална зависност од својот извор.

Пополнувањето на јавните обвинители е во директна зависност од временската динамика и бројот на завршени слушатели на Академијата, а јавнообвинителската служба од расположливите средства во Буџетот. Јавното обвинителство нема ставка на прилив на средства од сопствени извори кои би се користеле за финансирање за вработување.

Јавните обвинители во почетно започнување со функцијата исклучиво се пополнуваат од продуцираниот кадар од Академијата за судии и јавни обвинители, чии завршени слушатели во континуитет се реално во помал обем од потребите, временскиот циклус на завршување на една генерација и непочитување на проекциите за бројот на завршени слушатели колку од нив ќе бидат во судовите, колку во јавното обвинителство, за што најкарактеристичен е примерот во 2025 година при изборот на судии и јавни обвинители од последната осма генерација од Академијата, кога надвор од претходните проекции беа избрани повеќе судии од проектираното, на штета на бројот на јавни обвинители, со што се наметнува размислување од законски измени за

императивно почитување на таквите проекции, кои до сега, од она што реално се случуваше, се заклучува дека се од факултативен и деклараторен карактер.

Подобрување на оваа состојба се очекува во текот на 2026 година и следниот период имајќи ги во предвид проекциите на Буџетот, планираните средства во рамките на можностите на државата која во последните две години има тенденција на финасиско стабилизирање, како краткорочно, така и долгорочно планирање и располагање со средствата, сето ова од аспект на јавното обвинителство, кои се ценат како позитивни планирања на централниот Буџет во однос на Јавното обвинителство и на Академијата за судии и јавни обвинители која се очекува да почне со ефективнен прием на нова генерација на слушатели.

Во тој контекст, како позитивна краткорочна системска мерка овозможена од другите државни чинители за одржување на минимум стабилна состојба со ресурсите се аспектира законската измена за можност за работа на јавните обвинители за уште три години по исполнување на прагот за старосна пензија, но ова не го решава уште поголемиот проблем со намалениот ресурс на јавнообвинителската служба која работи со само една третина од предвидениот број.

Како заклучок произлегува размислување од потреба за анализа на реалните потреби во реално сегашно време, бидејќи проекциите и систематизациите се правени поодамна, кои нејверојатно за одредени обвинителства не се адекватни, ако се има во предвид дека кај некои има повеќегодишно намалување на обемот на работа, а кај други има зголемување, но и потреба од пофлексибилни законски решенија за интерна флуктуација и прераспоредување на вработените.

### IX.1.1 Јавни обвинители

Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија во согласност со своите законски надлежности донесува Одлуката за определување на бројот на јавни обвинители на јавните обвинителства и јавните обвинители во јавните обвинителства.

Според во моментот позитивната Одлука која е на правна сила, предвидениот вкупен број на јавни обвинители во сите јавни обвинителства, во извештајната 2025 година изнесуваше вкупно 261 јавен обвинител.

Од предвидениот вкупен број на јавни обвинители на крајот на извештајната 2025 година пополнети се вкупно 194 јавно обвинителски места, односно само 74,3 % од предвидениот број.

Според тоа, јавното обвинителство од предвидените 261 јавен обвинител има помалку за 67 јавни обвинители или 25,7 %.

Споредбено со претходната извештајна 2024 година кога од предвидените 261 јавен обвинител пополнети биле вкупно 169 места, односно

само 64,7 %, во извештајна 2025 година имаме пополнетост од 74,3 % , што претставува подобрување на состојбата и зголемување за 25 јавни обвинители, односно 9,6 %.

Во текот на извештајната 2025 година, на четири јавни обвинители им престанала функцијата од кои, на три јавни обвинители поради заминување во пензија, а на еден јавен обвинител по сопствено барање.

Во текот на извештајната 2025 година со поднесување на оставка му престана функцијата и на Јавниот обвинител на РСМ, кого го бира и разрешува Собранието на Република Северна Македонија.

Од ова се заклучува дека реално во 2025 година капацитетот на јавното обвинителство е зајакнат со вкупно 25 нови јавни обвинители и на 31.12.2025 година во јавното обвинителство во сите нивоа имаше пополнети вкупно 194 јавно обвинителски места.

Тоа зголемување се должи на извршениот избор во 2025 година на нови 29 јавни обвинители по завршувањето на осмата генерација на слушатели на Академијата ја судии и јавни обвинители, иако според претходните проекции требаше на јавното обвинителство да му припаднат 47-четириесетиседум завршени слушатели на Академијата, која проекција при објавувањето на огласите и вршењето на избор не беше испочитувана од страна на Судскиот совет, кој изврши избор на 68-шеесетиосум судии, наместо на проектираните 5-педесет.

Токму овој правен факт оставен на диспозиција на кандидатите каде ќе конкурираат, надополнет со недоследност од страна Судскиот совет, нанесе штета на јавно обвинителските ресурси за 18-осумнаесет помалку избрани јавни обвинители во 2025 година.

Како заклучок произлегува размислување од потреба за законски измени во Законот за академија за судии и јавни обвинители, како по однос на почитување на проекцијата при распишување на оглас за прием на почетна генерација на слушатели, така и при нивното вработување, како и тоа дали дипломата за завршена Академија треба да остане како до сега да важи и за судија и за јавен обвинител.

Како повеќе години station наназад и во извештајната 2025 година без ниту еден јавен обвинител функционираат Основните јавни обвинителства во Ресен и Крива Паланка, кои празнини се пополнуваат со времени упатувања од други јавни обвинителства, со што не се обезбедува потребната функционалност и ефикасност во работењето.

Повеќе години наназад без Основен јавен обвинител функционираат Основните јавни обвинителства во Берово, Делчево и Свети Николе, каде без да има раководител, функцијата ја извршува само по еден јавен обвинител, кои се почетници со стаж од помалку од 5 години и не исполнуваат законски услови за избор за основни јавни обвинители. Оваа состојба има реперкусии во остварувањето на раководната фиунција и функцијата на законски застапник и овластено лице не само од процесно правен аспект, туку и од финансиско-

материјално правен аспект, имајќи предвид дека секое јавно обвинителство е посебен правен субјект и има различни права и обврски по други закони, не само во остварување на јавно обвинителската функција.

Од Годишниот извештај за 2025 година за работата на Вишото јавно обвинителство Битола произлегува дека од сите виши јавни обвинителства, најалармантна е состојбата во Вишото јавно обвинителство Битола каде согласно систематизацијата за работни места се предвидени вкупно осум места за јавни обвинители од кои седум јавни обвинители и Вишиот јавен обвинител, а во 2025 година функцијата ја извршуваа само еден јавен обвинител и Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола, додека на еден јавен обвинител работната позиција му мирува поради избор за Директор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Од Годишниот извештај за 2025 година за работата на Вишото јавно обвинителство Скопје во поглед на екипираноста по основните јавни обвинителства кои се на подрачјето на ВЈО Скопје, произлегува дека истите се соочуваат со проблеми од немање доволен број на јавни обвинители, како и на јавнообвинителски службеници и друг кадар.

Во тој контекст, при појаснувањето за состојбата за секое јавно обвинителство посебно се констатира неповолна состојба во ОЈО Гевгелија кое е со проширена надлежност, каде по прашањето за кадровска екипираност со јавни обвинители се констатира дека од предвидени вкупно пет јавни обвинители, во текот на 2025 година ова јавно обвинителство до месец април работеше само со еден јавен обвинител, а од месец април е избран уште еден јавен обвинител од редот на кандидатите со завршена Академија за судии и јавни обвинители, кој што може да работи предмети само од скратена постапка, па поради обемот и сложеноста на предметната работа по овластувањето од 2024 година од Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и во текот на 2025 година постапуваат и три јавни обвинители од ОЈО Велес кои покрај своето постапување постапуваат и преземаат потребни дејствија за поведување и водење на кривичната постапка и во надлежност на ОЈО Гевгелија.

Од Годишниот извештај за 2025 година за работата на Вишото јавно обвинителство во Штип произлегува дека во подрачните основни јавни обвинителства состојбата е незадоволителна и недостасуваат јавни обвинители во сите обвинителства, така што согласно систематизацијата има недостаток од 13 јавни обвинители, најалармантна е состојбата во ОЈО Кочани, каде за функционирање на ова обвинителство, неопходни се уште 3 јавни обвинители бидејќи од предвидени вкупно 6 работи со 3 обвинители, што е недоволен број имајќи предвид дека е со проширена надлежност за подрачје на 4 основни суда во Кочани, Виница, Берово и Делчево.

Како заклучок произлегува размислување од потреба за законски измени во Законот за јавното обвинителство, за скратување на годините на потребен стаж за избор за основни јавни обвинители, но и за работење на предмети од проширена надлежност имајќи предвид дека има повеќе основни јавни обвинителства со проширена надлежност, за дела со запретена казна над 5

години затвор за кои се води истрага, кои јавни обвинителства и покрај зголемениот број на примени јавни обвинители, имаат само еден или двајца јавни обвинители со потребен стаж за работење на овие предмети, а другите јавни обвинители имаат законско право да работат само предмети од скратена постапка и не можат да спроведуваат истрага. Ваква неповолна состојба е и во Основните јавни обвинителства во Кичево, Тетово, Прилеп.

## Табеларен приказ на состојбата со пополнетите и не пополнетите јавнообвинителски места

| Обвинителство | Предвидени ЈО | Пополнети ЈО | Непотполнети ЈО |
|---|---|---|---|
| **Јавно обвинителство на Република Северна Македонија** | **15** | **10** | **5** |
| ***Виши јавни обвинителства*** | | | |
| ВЈО Скопје | **17** | **12** | **5** |
| ВЈО Битола | **8** | **3** | **5** |
| ВЈО Штип | **6** | **5** | **1** |
| ВЈО Гостивар | **8** | **7** | **1** |
| ***Јавни обвинителства со проширена надлежност*** | | | |
| ОЈО Скопје | **67** | **65** | **2** |
| ОЈО Велес | **9** | **7** | **2** |
| ОЈО Куманово | **14** | **12** | **2** |
| ОЈО Битола | **11** | **6** | **5** |
| ОЈО Прилеп | **9** | **5** | **4** |
| ОЈО Охрид | **9** | **7** | **2** |
| ОЈО Струга | **6** | **4** | **2** |
| ОЈО Штип | **8** | **7** | **1** |
| ОЈО Струмица | **10** | **7** | **3** |
| ОЈО Кочани | **6** | **3** | **3** |
| ОЈО Тетово | **12** | **9** | **3** |
| ОЈО Кавадарци | **6** | **5** | **1** |
| ОЈО Кичево | **7** | **3** | **4** |
| ОЈО Гевгелија | **5** | **2** | **3** |
| ОЈО Гостивар | **11** | **9** | **2** |
| ***Јавни обвинителства со основна надлежност*** | | | |
| ОЈО Крива Паланка | **3** | **0** | **3** |
| ОЈО Ресен | **2** | **0** | **2** |
| ОЈО Делчево | **2** | **1** | **1** |
| ОЈО Берово | **3** | **1** | **2** |
| ОЈО Радовиш | **3** | **1** | **2** |
| ОЈО Свети Николе | **2** | **1** | **1** |
| ОЈО Дебар | **2** | **2** | **0** |
| **ВКУПНО** | **261** | **194** | **67** |

Посебен приказ се дава во однос на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција од причина што јавните обвинители во ова јавно обвинителство се избираат од редот на јавните обвинители од другите јавни обвинителства кои ги исполнуваат законските услови за потребен работен стаж како работно искуство како еден од критериумите, при што избраните јавни обвинители се избираат со мандат од четири години, вклучително и раководителот на ова јавно обвинителство, основниот јавен обвинител, така што нивниот траен мандат не се пренесува во тоа јавно обвинителство, туку останува врзан за јавното обвинителство од каде се избрани и по завршувањето на мандатот се враќаат на работа во обвинителството од каде што се избрани, а до тогаш местото таму им мирува.

Ова има влијание и треба да се појасни од аспект дека тие јавни обвинители влегуваат во бројот на вкупниот број на предвидени обвинителски места и на пополнети обвинителски места.

Состојбата во извештајната 2025 година во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е следна :

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција Скопје** | **18** | **13** | **5** |

Во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се предвидени 18 обвинители, во кој број влегува и основниот јавен обвинител раководител на тоа обвинителство, пополнети се 13 обвинителски места, а не пополнети се 5 јавно обвинителски места.

Во ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција од 13-тринаесет јавни обвинители, 9-девет јавни обвинители се од ОЈО Скопје, 1-еден јавен обвинител е од ОЈО Струмица, 1-еден јавен обвинител е од ОЈО Штип, 1-еден јавен обвинител е од ОЈО Охрид и 1-еден јавен обвинител е од Вишото јавно обвинителство Гостивар.

Од прикажаната состојба произлегува дека не пополнетоста е особено изразена и има неповолно влијание на остварување на функцијата на обвинителството во Основните јавни обвинителства во Битола, Прилеп, Кочани, Кичево, Гевгелија, Вишото јавно обвинителство Битола, а во Основните јавни обвинителства во Крива Паланка и Ресен каде што нема ниту по еден јавен обвинител состојбата е особено загрижувачка, па за да се обезбеди вршењето на функцијата на овие обвинителства се упатуваат јавни обвинители од други обвинителства, што пак го отежнува работењето на обвинителствата од каде се повлекуваат и упатуваат обвинители.

Повеќе години наназад е забележително дека кандидатите по завршување на Академијата не се одлучуваат да се кандидираат за тие обвинителства затоа што тоа носи предизвици за преселување, сместување, трошоци на живеење во друго место.

Како заклучок произлегува размислување од потреба за законски измени во Законот за академија за судии и јавни обвинители да при распишување на огласот за прием на слушатели за кандидати за јавни обвинители тоа се прави по критериуми уште при определбата за кое подрачје би се кандидирале, а ако го поврземе и со претходниот заклучок да се определат од почеток дали би се пријавиле на Академија за судија или за јавен обвинител, би било трајно системско решение за надминување на ваквите состојби сега и во иднина.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во својата анализа на капацитетите на јавното обвинителство, имајќи ги во предвид надлежностите по Законот за кривична постапка и улога на јавниот обвинител во кривична постапка, раководење со предистрага и со правосудната полиција и водење на истрага, што претставува проширување на надлежностите на јавниот обвинител во постапката во однос на претходниот закон, е на став дека е потребно зајакнување на капацитетите на јавните обвинителства со јавни обвинители, како и јавнообвинителска служба и технички персонал за кои состојбата се изнесува во следната точка.

### IX.1.2 Јавнообвинителска стручна служба

Положбата, правата и обврските на јавнообвинителската служба е уредена со Законот за јавнообвинителска служба врз основа на кој од страна на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија е донесен Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места во јавното обвинителство, со кој врз претходно донесена Методологија за видот и бројот на вработените, практично се имплементирани одредбите од законот.

Бројот на планираните работните места во јавното обвинителство согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација е утврден на 1.126 работни позиции.

Во извештајната 2025 година во Јавното обвинителство вкупниот број на пополнети места во јавнообвинителската служба е 353, во кој број влегуваат и останатите вработени кои вршат помошно технички работи, што претставува пополнетост од 31,35 % од предвидените 1.126 работни места.

Споредбено со 2024 година кога биле пополнети вкупно 371 места, во 2025 има намалување за 18 вработени или 4,85 % во однос на 2024 година.

Од вкупно 18 лица на кои им престанал работниот однос, на 8 лица е по основ заминување во старосна пензија, а на 10 лица по сопствено барање, што е податок кој загрижува и говори за неповолниот статус на службата од аспект на примања, напредувања, оптовареност на работните места.

Според тоа, постои недостаток, не само како статистичка бројка, туку како реална неопходност од лица во сите 28 единки на јавното обвинителство.

Од Годишниот извештај за 2025 година за работата на Вишото јавно

обвинителство Гостивар произлегува специфична потреба од аспект на кадровска пополнетост со Јавнообвинителски службеници во Основните јавни обвинителства на подрачјето на ВЈО Гостивар, дека ургентно треба да се реши прашањето со пополнување на работното место преведувачи, односно толкувачи од Македонски јазик на Албански јазик и обратно, со исклучок на ОЈО Кичево каде е вработено едно лице на работно место преведувач, како и информатичари и други јавнообвинителски службеници.

Од Годишниот извештај за 2025 година за работата на Вишото јавно обвинителство Скопје при појаснувањето за состојбата за секое јавно обвинителство посебно се констатира неповолна состојба во Основното јавно обвинителство Скопје каде по прашањето за кадровска екипираност се потенцира недостаток на стручни јавнообвинителски соработници, како и со јавнообвинителските референти-записничари. Исто така се констатира состојба на немање кадри и ресурси и во сите основни јавни обвинителства кои се на подрачјето на ВЈО Скопје и дека тоа претставува сериозен проблем во извршувањето на законски определената функција на јавните обвинителства.

Од Годишниот извештај за 2025 година за работата на Вишото јавно обвинителство Штип произлегува дека на целото подрачје голем дел од систематизираните работни места на соработници и советници од правна струка, како и јавнообвинителски службеници, не се пополнети.

Иста е состојбата и на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола.

Оваа состојба во целото јавно обвинителство е во континуитет со години назад во постојан пад на бројот на вработени, што се должи не само на политиките на вработување согласно добиените годишни буџети, туку и од внатрешни субјективни слабости на раководење и менаџирање што веројатно се сведувало само на pro forma релации на јавното обвинителство со надлежните институции, како што е поднесување на Годишен план за вработување и унапредувања на јавнообвинителските службеници, при што вообичаено се добива негативно мислење од страна на надлежното министерство, а не се следи постоење на писмен податок за вложени дополнителни напори на објаснување на реалните состојби и анализа за приоритети кои се итни.

При ова се наметнува обврска на јавното обвинителство за анализа и преоцена на реалните потреби на ниво на јавни обвинителства, од причина што претходните проекции се правени пред 10 години врз основа на Законот за јавнообвинителска служба донесен во почетокот на 2015 година, со кој се заменија постоечките одредби од Законот за јавното обвинителство од 2007 година, (чл.76-чл.87) кои се однесуваат на вработените во јавните обвинителства, проширувајќи го кругот на јавнообвинителските службеници и менувајќи го нивниот статус на државни службеници.

Очекуваните ефекти со тие измени за надминување на повеќе годишниот проблем за уредување на спецификите на одредена група на вработени јавнообвинителски службеници, не се случи.

Интенцијата на законот кој не ја отсликува правилно позицијата на сите вработени, ја следи и врз основа на него тогаш донесениот нов Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места во јавното обвинителство од страна на тогашниот Јавен обвинител на Република Македонија со којшто е и утврден бројот од 1.126 работни позиции.

Од денешна дистанца, имајќи ги во предвид моменталните состојби на променети и унапредени техничко технолошки практики и можности кои на ниво на државен систем се унапредени, процесот на дигитализација на јавната администрација, но неадекватно следени од јавното обвинителство, како и променет обем на работа на некои јавни обвинителства, при што кај одредени има континуиран пад, кај други пак зголемување, има потреба, како што е кажано напред, од донесување на нова законска и подзаконска регулатива која поконкретно и оптимално ќе го решава конкретното прашање, со обврска на јавното обвинителство за анализа и преоцена на реалните потреби на ниво на јавни обвинителства, каде е потребно бројот да се намали, каде да се зголеми, но особено и кои работни позиции се нереално предвидени, а кои пак треба да се предвидат и како сето тоа да се реорганизира.

Притоа, има потреба едновремено да се планира и во пракса да се реализира и замена на 10-15 години старата компјутерска опрема, начинот на интерно работење со имплементирање на нови програми во административното работење и интероперабилност со директен пристап со другите по закон поврзани институции и бази на податоци.

На тој начин може да се очекува зголемување на ефикасноста и ажурноста во постапувањето на јавното обвинителство, со помали човечки ресурси, а со подобрена техничка подршка.

Ова пак бара променети претпоставки за степенот на образованието и дополнителните едукации како основ за понатамошно екипирање на обвинителствата, но состојбата во делот на обуки за стручно усовршување, кај јавнообвинителските службеници речиси и да нема, освен во делот на IT секторот, што ќе биде предизвик за периодот кој следи таа состојба да се надмине не само преку Академијата за судии и јавни обвинители, туку и во интензивна соработка со повеќе надлежни министерства.

Особено загрижува состојбата со капацитетите за стручни лица информатичари, кои се неопходни за одржување на системите на Јавното обвинителство, имајќи ја предвид особено потребата за натамошна дигитализација на работата. Системите на сите јавни обвинителства во државата ги одржуваат само 5 вработени лица информатичари, а интересот за пријавување на огласите за вработување за овие работни места е исклучително низок во изминатите години поради ниските примања во однос на истиот сектор во други субјекти.

При ова се нагласува и потребата од континуираното обучување и усовршување на постоечките кадри, особено во насока на следење на современите текови во секоја од областите за кои даваат стручен придонес.

Јавното обвинителство секоја година со Буџетскиот циркулар бара

средства и за оваа намена, меѓутоа тие или не се одобруваат или се одобрува минимален износ недоволен за покривање на трошоците за специјализирани обуки на вработените.

Како заклучок се изведува дека уредувањето на правата, должностите и одговорностите на лицата вработени во јавните обвинителства за вршење на стручни работи, како и дефинирањето на нивниот статус, ја наметнува потребата од донесување на нова законска и подзаконска регулатива која поблиску ќе го регулира конкретното прашање.

Од овие причини, јавното обвинителство и во текот на 2025 година, даваше придонес на изготвување на предлог измени на наведениот закон, што во 2026 година ќе има потреба да се интензивира и координира со другите надлежни субјекти.

## IX.2.Просторни капацитети

Состојбата од претходно е непроменета освен во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Вишото јавно обвинителство Скопје и Основното јавно обвинителство Скопје се сместени на Кеј Димитар Влахов бр.23 во Скопје во објект на 10 ката со вкупна површина од околу 11.000 м2. Објектот располага со вградена опрема и инсталации за кои гарантниот рок истече во 2015 година и со дополнително набавен мебел и опрема, па неопходни се зголемени средства за одржување на објектот.

Од Годишниот извештај за 2025 година за работата на Вишото јавно обвинителство Скопје заедничко за сите обвинителства во однос на просторните услови, возниот парк, хигиената, обезбедувањето и другите елементарни услови за нормално извршување на функцијата, се констатира дека истите не се на задоволително ниво, па затоа работата на јавните обвинителства е отежната, што индиректно влијае на нивната ефикасност.

Како и претходните години, повеќето јавни обвинителства чие седиште е надвор од Скопје и понатаму се сместени во судските згради. Оваа состојба е посочувана редовно во сите извештаи бидејќи е во спротивност со карактерот и специфичноста на надлежноста на обвинителството и е во спротивност со праксата и тенденциите во останатите правни системи.

Во тој контекст во Годишниот извештај за 2025 година за работата на Вишото јавно обвинителство Гостивар се констатира дека истото е со незадоволително решени просторни услови и е сместено во зградата на Основниот суд во Гостивар, со потреба и од канцелариска опрема и мебел за успешно извршување на јавнообвинителската функција.

Состојбата од недостаток на соодветен простор и во постоечките капаците и локалитети останува најизразен во основните јавни обвинителства во Тетово, Гостивар, Кичево и Кочани.

Состојбата во Основното јавно обвинителство во Тетово е посебно алармантна како од аспект на самите јавни обвинители и администрација, така особен проблем е што таму е формиран Истражен центар кој се уште не е екипиран при што најголем проблем е просторот, не може да се пополни и да функционира бидејќи немам минимум простор и материјално технички услови.

Разбирајќи ги состојбите со финансиските можности на државата и напорите за обезбедување функционална независност на јавното обвинителство очекуваме постепено, но ефективно решавање на оваа состојба, при што како опции треба да се имаат и адаптации на други државни објекти, како и обезбедување на објекти од конфискации на нелагално изградени или стекнати имоти.

При ова, при планирањето на буџетот за јавните обвинителства треба се имаат во предвид и обврските кои произлегуваат за континуирано тековно одржување на градежните објекти и вградената опрема, инсталациите, возниот парк, осигурувањето на недвижностите кое поради недостаток на средства не се прави, зголемените износи на комуналните услуги.

Единствено само просториите во кои е сместено ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција ги задоволуваат сите потреби за остварување на функцијата.

Новина во 2025 година во ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција е опремување и во јули 2025 година пуштање во употреба на посебната специјализирана Просторија за сослушување на деца жртви и сведоци на трговија со луѓе.

Истата е дел од активностите на Проектот EU4FAST „Поддршка на ЕУ за зајакнување на борбата против криумчарење на мигранти и трговија со луѓе во Западен Балкан“, во тесна соработка со ОЈО ГОКК, со кои во 2025 година беше воспоставена специјализираната просторија за сослушување на деца жртви и сведоци на трговија со луѓе.

Овој простор претставува симбол на нов пристап кон постапувањето со жртвите, заснован на човековите права, емпатија и професионализам.

Специјализираната просторија е прва од ваков вид во рамките на јавното обвинителство во државата, прилагодена според највисоките европски и меѓународни стандарди. Целта е да се обезбеди безбедна и подржувачка средина за жртвите на трговија со луѓе, со посебен фокус на децата.

Собата е намерно дизајнирана да не наликува на канцеларија или службена просторија, чија средината се прилагодува според возраста на детето, разговорите се водат преку стручно обучени лица, со цел детето да биде заштитено од дополнителна траума.




Собата е изолирана од другите простории на зградата, истата е линковски поврзана со просторија на првиот кат каде се сместени осомничениот и неговиот бранител, со цел жртвата и сторителот да не се сретнат, а можат да го следат исказот преку монитори и да поставуваат прашања преку јавниот обвинител.

Просторијата е на располагање и на другите обвинителства со проширена надлежност кои имаат потреба од ваков специјализиран простор.

Во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција функцијата јавен обвинител се извршува активно, како во просторот каде што е сместено обвинителството, така и надвор од истото, за што е потребна мобилност на јавните обвинители и дел од персоналот, особено припадниците на најголемиот Истражен центар.

Затоа ова обвинителството има потреба од до опремување на возниот парк со моторни возила што ќе овозможат непречено извршување на функцијата, со оглед дека ОЈО ГОКК располага само со 1-едно возило во полуисправна состојба, додека другото возило не е во функција повеќе од една година поради немање на финансиски средства за негова поправка, заради што е потребно надминување на оваа состојба.

### IX.3.Информатичка опрема и други услови за работа

Состојбата и по ова прашање од претходно генерално не е многу променета, освен во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, што ќе биде појаснето во понатамошното излагање.

Во 2025 година паралелно со кадровските предизвици, се преземаат значајни чекори кон системска трансформација. По претходните дејствија од 2024 година со спроведената независна функционална анализа во рамките на проектот „ЕУ поддршка за владеење на правото“, во која странски ИТ експерти утврдија дека постојниот систем е сериозно застарен и нефункционален за надградба и беа обезбедени средства преку ИПА III Програмата за воспоставување на целосно нов систем за електронско управување со предметите, во 2025 година постапката е успешно финализирана, договорите се веќе склучени, а изведувачите се избрани и за софтверскиот и за хардверскиот дел. Ова претставува значаен исчекор, бидејќи конечно се создаваат предуслови за воспоставување на современ, интегриран и функционален систем. Новото решение ќе овозможи поврзување со системите на други институции и автоматизирана размена на податоци преку Националната платформа за интероперабилност, што ќе придонесе за поголема ефикасност, транспарентност и брзина во постапувањето.

Сепак, дигиталната трансформација не може да се реализира без соодветна техничка основа. Во моментов, Јавното обвинителство располага со околу 150 десктоп компјутери кои се постари од една деценија и веќе се целосно амортизирани. Дел од нив функционираат со оперативни системи кои повеќе не се поддржани од производителите, што отвора и прашања поврзани со безбедноста и стабилноста на системите. Дополнително, зголемената дигитализација на процесите неминовно наметнува потреба од современа периферна опрема како што се скенери, принтери и мултифункционални уреди, без кои нема да може да се обезбеди ефикасно електронско работење.

Во текот на 2025 година, согласно буџетските можности, беше реализирана ограничена набавка од 25 нови десктоп компјутери. Иако ова претставува чекор напред, сепак станува збор за делумно решение кое не го надминува системскиот проблем.

Затоа, останува јасната потреба од континуирани и позначајни инвестиции во информатичката инфраструктура кои ќе овозможат целосно искористување на придобивките од новиот електронски систем и ќе обезбедат одржливост на процесот на дигитална трансформација.

Иако напред во делот за капацитетите на јавно обвинителската служба се изнесени состојбите, треба и во овој дел да се истакне состојбата со капацитетите на стручните лица - информатичари, која и во 2025 година останува непроменета и продолжува да претставува сериозен предизвик за функционирањето и развојот на Јавното обвинителство.

Овие кадри се клучни не само за тековно одржување на постојните системи, туку и за поширокиот процес на дигитализација на јавното обвинителство, кој е неминовна потреба.

Во моментов, на ниво на сите јавни обвинителства се ангажирани само 5-пет информатичари, што е далеку под реалните потреби на институцијата.

Во насока на надминување на дел од овие предизвици, се преземаат

активности за континуирано стручно усовршување на постојниот кадар. Така, во текот на 2025 година, преку проектот „ЕУ поддршка за владеење на правото“ во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители и ФИНКИ, беше реализирана една специјализирана обука за ИТ кадарот. Воедно, веќе се договорени уште три обуки за наредниот период, со цел следење на современите технолошки трендови и зајакнување на капацитетите за поддршка на процесот на модернизација.

Момент за издвојување во извештајната 2025 година е во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција каде е спроведена јавна набавка со која се набавени 5-пет принтери и 5-пет персонални комјутери, што е продолжување на доопремувањето започнато во 2024 година кога со поддршка на Амбасадата на САД беа набавени неопходо потребните хардверски и софтверски компоненти за хардверско и софтверско опремување во областа на дигиталната форензика во вредност од околу 500.000 американски долари. Оваа опрема вклучува најсовремени форензички станици за работа во лабораториски услови, лап топ компјутери, ултраблок китови со врајт блокери за различни видови носачи на електронски податоци што ќе бидат предмет на анализа, како и форензички софтвери што се користат за исчитување и анализа на одземена или запленета електронска опрема. Во лабораторијата за дигитална форензика непречено се отвораат и декодираат одземените електронски уреди со цел да се пронајдат електронски докази што ќе бидат корисни за понатамошниот тек на постапките и кои како валидни, законски прибавени докази ќе се користат во постапка и пред судот. Воедно, за потребите на аналитичкиот центар во Обвинителството, Амбасадата на САД донираше софтверска алатка Analyst’s Notebook 10 со помош на која се овозможува големи количини на податоци да се претворат во визуелни дијаграми, како мрежи на односи, временски линии и шеми на настани и на тој начин полесно да се откријат скриени врски и модели.

Иако станува збор за најсофистицирана опрема за анализа, треба да се има предвид дека развојот на технологијата води кон појава на различни видови уреди и медиуми што утре ќе бидат предмет на анализа и тој факт ја налага неопходноста од континуиран развој на лабораторијата не само со набавка на хардверски и софтверски компоненти, туку и со обука на кадри, на кое прашање е потребно да се даде поголемо внимание во следниот период.





При ова мора да се има предвид дека лабораторијата користи лиценцирани програми кои се со ограничен рок на траење, а тоа значи дека потреба од значителни финансиски средства на годишно ниво за навремено обновување на лиценците, што претставува дополнителна финансиска импликација за буџетот на ова јавно обвинителство, така да и на ова прашање е потребно да се даде поголемо внимание во следниот период.

## X.БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ

### X.1.Буџет

Согласно одредбите на Законот за јавното обвинителство, средствата за работа на јавните обвинителства се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, во делот издвоен за буџетскиот корисник - Јавно обвинителство на Република Северна Македонија со буџетски раздел 31010.

Ова значи дека сите Виши и Основни јавни обвинителства, како и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се финансираат преку Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и тоа од програмата 2 – Јавно обвинителство, потпрограми 20 – Јавно обвинителство и 22- Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Буџетските плански проекции за потреби од средства за 2025 година, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија ги изрази во текот на 2024 година како единствена буџетска пресметка, изработена врз основа на пресметките доставени од Основните јавни обвинителства, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Вишите јавни обвинителства, Спецификациите на расходи на сите единки корисници- јавните обвинителства  и планските проекции на Јавното обвинителство на РСМ.

Единствената буџетска пресметка која се однесува на сите единки корисници - јавните обвинителства како и образложението за висината и намената на бараните износи, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија ги достави до Министерството за финансии, во согласност со одредбите на Законот за буџетите – Пречистен текст.

### X.1.2.Соодност помеѓу баран и одобрен буџет

Иако буџетот се проектира согласно потребите на секое јавно обвинителство - единка корисник, поодделно,  континуирано се јавува несогласување помеѓу проекциите и одобрените наменски средства. Имено секоја година наместо законски утврдениот износ на расходи утврдени во член 101 ст.1 од Законот за Јавното обвинителство ( Сл.весник  бр.42/20), односно 0,4% од износот на вкупниот Ребаланс на буџетот за претходната година, од страна на Министерството за финансии се одобрува половина од овој износ, осносно 0,2 % од од износот на вкупниот Ребаланс на буџетот за претходната година. Односот помеѓу барани и одобрени средства за 2025 година е прикажан на следната табела :

## Табела 1. Соодное помеѓу баран и одобрен буџет за 2025 година за Буџетски корисник - Јавно обвинителство

| Расходна категорија | | 2025- барано | 2025 - Одобрено | % однос на барано 2025 со одобрено 2025 |
|---|---|---|---|---|
| **40 - Плати и надоместоци** | | **1.086.123.000** | **658.423.000** | **-64,96** |
| 401 | Основни плати | 750.750.000 | 464.618.000 | **-61,58** |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 313.129.000 | 186.918.000 | **-67,52** |
| 404 | Надоместоци | 22.244.000 | 6.887.000 | **-222,99** |
| **42 - Стоки и услуги** | | **308.822.000** | **209.508.000** | **-47,40** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 5.068.000 | 1.300.000 | **-289,85** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 64.444.000 | 48.940.000 | **-31,68** |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 20.286.000 | 9.940.000 | **-104,08** |
| 424 | Поправки и тековно оджување | 53.334.000 | 18.940.000 | **-181,59** |
| 425 | Договорни услуги | 138.746.000 | 123.000.000 | **-12,80** |
| 426 | Други тековни расходи | 26.944.000 | 7.388.000 | **-264,70** |
| **46 - Субвенции и трансфери** | | **29.966.000** | **15.000.000** | **-99,77** |
| 464 | Разни трансфери | 29.966.000 | 15.000.000 | **-99,77** |
| **48 - Капитални расходи** | | **26.353.000** | **2.230.000** | **-1.081,75** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 16.610.000 | 1.530.000 | **-985,62** |
| 481 | Градежни објекти | 3.500.000 | 700.000 | **-400,00** |
| 483 | Купување на мебел | 372.000 | | **#DIV/0!** |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 0 | 0 | **#DIV/0!** |
| 486 | Купување на возила | 5.871.000 | | **#DIV/0!** |
| **Вкупен Буџет** | | **1.451.264.000** | **885.161.000** | **-63,95** |
| **Вкупен буџет + сопствени приходи** | | **1.451.456.000** | **885.353.000** | **-63,94** |

**Напомена** : Распределбата е направена во рамки на програма 2 - Јавно обвинителство, за сите потпрограми.

Бараниот износ за 2025 год. е во согласност со став 1 од член 101 од Закон за јавно обвинителство (С.В. 42/20) , односно бараниот износ не надминува 0,4 % од Буџетот за 2025год (односно Ребалансот на Буџетот за 2025 год.) и изнесува 0,4%

### X.1.3. Процент и проблеми при реализација на Буџетот

Во контекст на не одобрувањето на бараните средства во соодветниот процент, треба да се напомене дека почнувајќи од 2020 година Јавното обвинителство континуирано се соочува со одлив на Јавнообвинителски службеници, особено на работните места, кои не се поврзани директно со правото, како одделението за човечки ресурси, одделението за јавни набавки и Секторот за финансиски прашања со што се доведува во прашање тековното извршување на работните процеси.

Бидејќи континуирано нема нови вработувања од овие профили, не се вршат обуки и доусовршувања и нема доволен број на вработени кои навремено и континуирано би ги спроведувале јавните набавки, Јавното обвинителство не може во целост да ги искористи и оние средства, кои се распределени со Буџетот и покрај тоа што се одобрени во износ помал од бараниот.

Поради тоа што не можат да се искористат средствата односно се јавува мала реализација, Министертсвото за финансии не одобрува дополнителни средства, односно не ги одобрува во законски утврдениот процент.

Во продолжение на овој дел од анализата следуваат следните споредбени податоци во врска со степенот на реализација по ставки и програми по сите измени и дополнувања на буџетот.

### Табела 2. Износ на реализација по ставки и програми

| Програма | | Потставка | | Буџет | План | Реализирано | Разлика | Про цент |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 401 | Основни плати | 427.006.820,00 | 402.256.429,00 | 402.240.570,00 | 15.859,00 | 100,00 |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 402 | Придонеси за социјално | 170.000.000,00 | 156.156.474,00 | 156.156.474,00 | 0,00 | 100,00 |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 404 | Надоместоци | 6.523.208,00 | 6.451.177,00 | 6.430.977,00 | 20.200,00 | 99,69 |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 414110 | Капитални резерви | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | #DIV/0! |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 414481 | Капитални резерви-Градежни | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | #DIV/0! |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 420 | Патни и дневни расходи | 1.136.180,00 | 1.136.180,00 | 229.093,00 | 907.087,00 | 20,16 |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 421 | Комунални услуги, греење, | 43.996.061,00 | 43.996.061,00 | 30.915.707,00 | 13.080.354,oo | 70,27 |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 423 | Материјали и ситен инвентар | 8.565.875,00 | 8.565.875,00 | 5.756.284,00 | 2.809.591,00 | 67,20 |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 424 | Поправки и тековно одржување | 16.729.903,00 | 16.729.903,00 | 9.234.795,00 | 7.495.108,00 | 55,20 |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 425 | Договорни услуги | 124.719.969,00 | 124.719.969,00 | 101.599.279,00 | 23.120.690,00 | 81,46 |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 426 | Други тековни расходи | 6.103.268,00 | 6.103.268,00 | 1.189.444,00 | 4.913.824,00 | 19,49 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 464 | Разни трансфери | 12.315.610,00 | 12.315.610,00 | 3.401.042,00 | 8.914.568,00 | 27,62 |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 465 | Исплата по извршни исправи | 8.338.202,00 | 8.338.202,00 | 8.338.202,00 | 0,00 | 100,00 |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 480 | Купување на опрема и машини | 1.444.000,00 | 1.303.000,00 | 1.302.430,00 | 570,00 | 99,96 |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 481 | Градежни објекти | 119.000,00 | 119.000,00 | 0,00 | 119.000,00 | 0,00 |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 485 | Вложувања и нефинансиски | 360.000,00 | 360.000,00 | 319.988,00 | 40.012,00 | 88,89 |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | | | 827.358.096,00 | 788.551.148,00 | 727.114.285,00 | 61.436.863,0 0 | 92,21 |
| 22 | ЈО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН | 401 | Основни плати | 36.001.000,00 | 35.985.823,00 | 35.985.823,00 | 0,00 | 100,00 |
| 22 | ЈО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН | 402 | Придонеси за социјално | 15.918.000,00 | 13.967.709,00 | 13.967.709,00 | 0,00 | 100,00 |
| 22 | ЈО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН | 404 | Надоместоци | 932.904,00 | 620.904,00 | 620.904,00 | 0,00 | 100,00 |
| 22 | ЈО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН | 414110 | Капитални резерви | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | #DIV/0 ! |
| 22 | ЈО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН | 414481 | Капитални резерви-Градежни | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | #DIV/0 ! |
| 22 | ЈО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН | 420 | Патни и дневни расходи | 100.000,00 | 100.000,00 | 2.440,00 | 97.560,00 | 2,44 |
| 22 | ЈО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН | 421 | Комунални услуги, греење, | 3.940.000,00 | 3.940.000,00 | 3.415.167,00 | 524.833,00 | 86,68 |
| 22 | ЈО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН | 423 | Материјали и ситен инвентар | 1.220.000,00 | 1.220.000,00 | 638.427,00 | 581.573,00 | 52,33 |
| 22 | ЈО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН | 424 | Поправки и тековно одржување | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 88.265,00 | 1.911.735,00 | 4,41 |
| 22 | ЈО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН | 425 | Договорни услуги | 7.578.812,00 | 7.578.812,00 | 6.000.831,00 | 1.577.981,00 | 79,18 |
| 22 | ЈО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН | 426 | Други тековни расходи | 510.000,00 | 510.000,00 | 108.257,00 | 401.743,00 | 21,23 |
| 22 | ЈО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН | 464 | Разни трансфери | 281.596,00 | 281.596,00 | 272.160,00 | 9.436,00 | 96,65 |
| 22 | ЈО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН | 465 | Исплата по извршни исправи | 339.592,00 | 339.592,00 | 339.592,00 | 0,00 | 100,00 |
| 22 | ЈО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН | 480 | Купување на опрема и машини | 400.000,00 | 400.000,00 | 349.408,00 | 50.592,00 | 87,35 |
| 22 | ЈО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН | 481 | Градежни објекти | 89.000,00 | 89.000,00 | 0,00 | 89.000,00 | 0,00 |
| 22 | ЈО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН | | | 69.310.904,00 | 67.033.436,00 | 61.788.983,00 | 5.244.453,00 | 92,18 |
| 22 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 421 | Комунални услуги, греење, | 60.000,00 | 60.000,00 | 0,00 | 60.000,00 | 0,00 |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 423 | Материјали и ситен инвентар | 60.000,00 | 60.000,00 | 0,00 | 60.000,00 | 0,00 |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 424 | Поправки и тековно одржување | 60.000,00 | 60.000,00 | 0,00 | 60.000,00 | 0,00 |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 426 | Други тековни расходи | 12.000,00 | 12.000,00 | 0,00 | 12.000,00 | 0,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | | | 192.000,00 | 192.000,00 | 0,00 | 192.000,00 | 0,00 |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 423 | Материјали и ситен инвентар | 1.600.000,00 | 1.600.000,00 | 0,00 | 1.600.000,00 | 0,00 |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 424 | Поправки и тековно одржување | 2.400.000,00 | 2.400.000,00 | 0,00 | 2.400.000,00 | 0,00 |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 480 | Купување на опрема и машини | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 0,00 | 1.000.000,00 | 0,00 |
| 20 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | | | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 | 0,00 | 5.000.000,00 | 0,00 |
| | | | | 901.861.000,00 | 860.776.584,00 | 788.903.268,00 | 71.873.316,00 | 91,65 |

Овие податоци, се базираат на основа на спецификациите на расходи за период од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година, прибавени како електронски записи од веб страната на Министерството за финансии во рамките на кои се имплементирани сите измени на буџетот од првоодобрениот. Овде се мисли на сите измени предизвикани од акти донесени од страна на надлежните институции во РСМ, но и оние кои се должат на одобрените барања за прераспределби за обезбедување на потребни наменски буџетски средства доставени од страна на самиот буџетски корисник врз основа на чл.33 од Законот за буџетите – Пречистен текст и неговите измени и дополнувања.

Од табелата може да се утврди дека најголем износ од буџетот за Јаното обвинителство како буџетски корисник во сите програми се однесува на категорија 40 – плати и надоместоци или 656.381.932,00 ден, односно 72,78 % од вкупниот буџет. На второ место се трошоците за ЗКП во износ од 132.298.781,00 или 14,67 % од вкупниот одобрен буџет.

Тука е потребно да се потенцира и околноста дека, земајќи го предвид законското право за исплата на додатоци на плата за работење во посебни услови за работа, висок ризик и доверливост, сето наведено во Законот за изменување и дополнување на законот за јавнообвинителската служба “Службен весник на РМ бр. 231/15” и Законот за измени и дополнувања на законот за плати на јавните обвинители “Службен весник на РМ бр. 231/15”, во кои Закони е определено правото за исплата на овие додатоци во рамките на платата како дел од основната плата, кумулативно до 35%, со обезбедената маса наменски буџетски средства, Јавното обвинителство не е во можност да го исплати максималниот износ на додатоците предвиден со законот. Ова натаму се реперкуира со приватни тужби пред надлежен суд, кои по судската разрешница и носење правосилна пресуда се ефектуираат во исплата на неисплатените додатоци на тужителите до максималните, но и пресметка и исплата на законска казнена камата, подмирување на судските трошоци, како и трошоците на извршување.

Од анализата е евидентно дека од вкупно одобрениот износ се реализирани средствата во 91,65 % и овој процент е прилично помал од претходни години, кога степенот на реализација изнесувал над 99% што се

должи на не спроведување на голем дел од јавните набавки планирани за 2025 година, поради немањето на кадар кој би ги спроведувал истите.

**Табела 3.Процентуално учество на наменски буџетски средства трансферирани на сметките на сите Виши, Основни јавни обвинителства, ОЈО за гонење на организиран криминал како корисници од второ ниво од страна на Јавното обвинителство на РСМ како корисник од прво ниво**

| | ОБВИНИТЕЛСТВО | % ЗАСТАПЕНОСТ ВО БУЏЕТ |
|---|---|---|
| 1 | ЈО на РСМ | 10,95 |
| 2 | ВЈО Битола | 1,38 |
| 3 | ВЈО Скопје | 4,50 |
| 4 | ВЈО Штип | 2,13 |
| 5 | ОЈО Берово | 0,36 |
| 6 | ОЈО Битола | 2,88 |
| 7 | ОЈО Гевгелија | 1,09 |
| 8 | ОЈО Гостивар | 3,72 |
| 9 | ОЈО Дебар | 0,68 |
| 10 | ОЈО Делчево | 0,54 |
| 11 | ОЈО Кавадарци | 2,82 |
| 12 | ОЈО Кичево | 2,14 |
| 13 | ОЈО Кочани | 1,59 |
| 14 | ОЈО Крива Паланка | 0,27 |
| 15 | ОЈО Куманово | 4,61 |
| 16 | ОЈО Охрид | 2,97 |
| 17 | ОЈО Прилеп | 2,41 |
| 18 | ОЈО Радовиш | 2,41 |
| 19 | ОЈО Ресен | 0,30 |
| 20 | ОЈО Св.Николе | 0,62 |
| 21 | ОЈО Скопје | 22,44 |
| 22 | ОЈО Струга | 2,16 |
| 23 | ОЈО Струмица | 3,27 |
| 24 | ОЈО Тетово | 4,32 |
| 25 | ОЈО Велес | 3,16 |
| 26 | ОЈО Штип | 1,85 |
| 27 | ОЈОза ГОКК | 6,85 |
| 28 | ВЈО Гостивар | 2,61 |

Од табелата може да се утврди дека најголем износ од буџетот за Јавното обвинителство како буџетски корисник во сите програми се однесува на единката корисник – Основно јавно обвинителство Скопје.

### X.1.4.Трошоци за ЗКП

Почнувајќи од 2014 г. се јавува зголемената потреба од наменски средства која произлегува од преминувањето на истрагата во надлежност на јавниот обвинител од декември 2013 година, а пред се во смисла на потребни средства за преземени дејстијва во врска со истрагата, односно средства потребни за алиментирање на трошоците сторени во кривичната постапка кои се обезбедуваат во рамки на расходната категорија 42 - стоки и услуги, расходна ставка 425 - договорни услуги.

Имено, за алиментирање на трошоците сторени во кривичната постапка на годишно ниво се потребни околу 100.000.000,00 ден. до 150.000.000,00 ден. По имплементацијата на последните измени и дополнувања на буџетот за буџетскиот корисник во 2025 година, одобрените средства за оваа намена односно расходна ставка 425 – Договорни услуги изнесуваат вкупно 132.298.781,00 ден, од кои се реализирани, односно исплатени 107.600.110,00 ден. Овој износ по обвинителства е малку помал и изнесува 101.240.579 ден, бидејќи дел од средствата, покрај за трошоци за ЗКП, се исплаќаат и за разни видови на договорни услуги, по обвинителства прикажано во следната :

**Табела 4.Износ за ЗКП по обвинителства**

| Јавно Обвинителство | Вкупно по обвинителство |
|---|---|
| ЈОРСМ | 0 |
| ОЈО Берово | 0 |
| ОЈО Битола | 5.327.938,00 |
| ОЈО Гевгелија | 2.295.352,00 |
| ОЈО Гостивар | 4.062.194,00 |
| ОЈО Дебар | 373.576,00 |
| ОЈО Делчево | 1.093.056,00 |
| ОЈО Кавадарци | 6.801.802,00 |
| ОЈО Кичево | 2.269.638,00 |
| ОЈО Кочани | 3.607.213,00 |
| ОЈО К. Паланка | 533.562,00 |
| ОЈО Куманово | 6.072.042,00 |
| ОЈО Охрид | 6.753.815,00 |
| ОЈО Прилеп | 4.076.897,00 |
| ОЈО Радовиш | 497.474,00 |
| ОЈО Ресен | 367.668,00 |
| ОЈО С.Николе | 869.734,00 |
| ОЈО Скопје | 26.545.887,00 |
| ОЈО Струга | 3.523.958,00 |
| ОЈО Струмица | 5.751.911,00 |
| ОЈО Тетово | 5.275.732,00 |
| ОЈО Велес | 6.834.026,00 |
| ОЈО Штип | 2.306.273,00 |
| ОЈО ГОКК | 6.000.831,00 |
| Вкупно годишно | 101.240.579 |

### X.1.5.Финасиска отчетност

Согласно Годишен план за јавни набавки 2025 година на Јавното обвинителство на РСМ А.бр.05-21/1 од 14.01.2025 г. и неговите две измени под А.бр.05-21/2 од 12.02.2025 г. и А.бр.05-21/3 од 08.05.2025 г. предвидени, реализирани или не реализирани биле следните Јавни набавки :

Јавни набавки на стоки

-Електрична енергија без ДДВ 6.779.661,02 денари и со ДДВ 8.000.000,00 денари, реализиран во износ од 3.797.594,00 денари,

-Компјутери без ДДВ 1.171.428,57 денари и со ДДВ 1.230.000,00 денари, реализиран договор 1.203.930,00 денари.

-Средства за одржување на хигиена без ДДВ 169.491,52 со ДДВ 200.000,00 денари, реализиран договор 193.207,00 денари,

-Филтри за клима комори без ДДВ 169.491,52 со ДДВ 200.000,00 денари не е спроведена, поради повлекување на филтрите за клима комори на крајот од 2024 од тој договор и истите се искористени во 2025 година, потребата за нова јавна набавка во 2025 година не е потребна поради искористување на потребите што се претходно обезбедени од 2024 година.

-Канцелариски материјали без ДДВ во износ од 2.118.644,07 денари со ДДВ 2.500.000,00 денари, реализиран договор 2.464.252,47 денари,

-Печатени папки, печатени пликови, печатени табаци за уписници и печатени листови за статистички прегледи без ДДВ 847.457,63 денари со ДДВ 1.000.000,00 денари, реализиран договор 816.832,00 денари,

-Антивирус без ДДВ во износ од 305.084,75 денари со ДДВ 360.000,00 денари, реализиран 319.988,00 денари,

-Пијалаци и засладувачи без ДДВ 254.237,29 денари со ДДВ 300.000,00 денари, не е спроведена во 2025 поради тековен договор, предвидена е во 2026.

-Горива без ДДВ во износ од 1.016.949,15 денари со ДДВ 1.200.000,00 денари, 320.001,00 денари реализација, тековен договор склучен на 24 месеци.

-Тонери без ДДВ 2.118.644,07 со ДДВ 2.500.000,00 денари, претходно започната постапка во Декември 2024 година, договорите се склучени во Февруари 2025 година и истите стоки се обезбедени во 2025 година.

Јавни набавки на услуги

-Поправка и одржување на службени ПМВ на територијата на град Скопје 1.016.949,15 без ДДВ ,1.200.000,00 со ДДВ,427.445,00 денари реализација тековен договор што се уште трае.

-Ресторански и кетеринг услуги без ДДВ 788.135,59 со ДДВ 930.000,00 денари, објавена е во 2026 година.

-Поправка и одржување на системи во зградата на ЈОРСМ без ДДВ 3.389.830,51 денари со ДДВ 4.000.000,00 ден. јавна набавка делива на 10 дела склучени договори за 9 дела освен за 1 Машинска сала која јавна набавка е објавена 3 пати, не е склучен договор. 1.Поправка, сервисирање и одржување на лифтови; -Договор заклучно со 12.11.2026 г. -Вредност на договорот 350.000 ден. со ДДВ. За нови делови вкупно 2.372 ден. 2.Поправка, сервисирање и одржување на уреди за ладење; -Договор заклучно со 23.07.2026 г. Вредност на договорот 150.000 ден. со ДДВ. За нови делови вкупно 17.840 ден. 3. Поправка, сервисирање и одржување на опрема во машинска сала; -Немаме тековен договор. 4.Поправка, сервисирање и одржување на аудиовизуелна опрема; -Договор заклучно со 26.09.2026 г. Вредност на договорот 200.000 ден. со ДДВ. За нови делови вкупно 66.660 ден. 5.Поправка, сервисирање и одржување на електричен дизел агрегат; -Договор заклучно со 28.07.2026 г. Вредност на договорот 150.000 ден. со ДДВ. За нови делови вкупно 36.720 ден. 6.Поправка, сервисирање и одржување на противпожарни апарати; -Договор заклучно со 23.07.2026 г. Вредност на договорот 350.000 ден. со ДДВ. За нови делови вкупно 12 ден. 7.Поправка, сервисирање и одржување на автоматски лизгачки врати, -Договор заклучно со 30.10.2026 г. Вредност на договорот 200.000 ден. со ДДВ. За нови делови вкупно 5.300 ден. 8.Поправка, сервисирање и одржување на системи за: систем за автоматска детекција и дојава на пожар, систем за автоматска детекција и дојава на ЦО и ЛПГ, систем за техничка заштита од кражба, CCTV систем за видео надзор и систем за контрола на пристап и евиденција на работно време,-Договор заклучно со 23.07.2026 г. Вредност на договорот 600.000 ден. со ДДВ. За нови делови вкупно 246.000 ден. 9.Поправка, сервисирање и одржување на електрика, водовод, градежно- занаетчиски работи, столарски работи, општи работи и други работи во врска со тековното одржување во зградата на Јавното обвинителство на РСМ -Договор заклучно со 25.07.2026 г. Вредност на договорот 900.000 ден. со ДДВ. Договорот се извршува сукцесивно, по доставено барање и согласно потребата на ЈОРСМ.10. Поправка, сервисирање и одржување на УПС уреди во зградата на ЈО РСМ -Договор заклучно со 28.07.2026 г. Вредност на договорот 300.000 ден. со ДДВ. За нови делови вкупно 282.467 ден. -Одржување на хардвер и софтвер за електронско водење на предмети и за електронско снимање без ДДВ 5.084.745,76 ден. со ДДВ 6.000.000,00 ден. склучен договор во износ од 5.994.400,00 ден. -Осигурување на зградата, инвентарот и вградената опрема во зградата на ЈО РСМ не е спроведена. -Поштенски услуги 8.000.000,00 ден. склучен тековен договор. -Превентивно и адаптивно одржување на апликативен софтвер за материјално-финансиско работење 362.000,00 ден. склучен тековен договор. -Осигурување на службени ПМВ за ЈОРСМ без ДДВ 100.000,00 ден., 118.000,оо ден. со ддв, склучен договор. -Изработка на правилник, план и проценка на загрозеност во зградата на ЈОРСМ без ДДВ 338.983,05 ден., (400.000,оо ден. со ддв) 2 пати е објавена не е склучен договор.

## ЗАКЛУЧОК

**Од презентираните статистички податоци и нивната анализа во Годишниот извештај за 2025 година произлегува дека Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, вишите јавни обвинителства, основните јавни обвинителства и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, законито, стручно и релативно ажурно ја извршувале својата функција при совладувањето на обемот на работа, обезбедувајќи кривичен прогон на територијата на државата за сите кривични дела, со незголемен обем на вкупен криминалитет во однос на 2024 година.**

### I.Постапување на јавните обвинителства

**1**.Во извештајната 2025 година јавните обвинители во основните јавни обвинителства постапувале против вкупно 32.361 лица познати полнолетни сторители и деца, од кои новопријавени вкупно 19.976 лица полнолетни познати сторители и вкупно 1.124 деца и пренесени во работа од 2024 година вкупно 11.091 лица полнолетни познати сторители и 170 деца.

Покрај познатите сторители, во 2025 година до јавните обвинителства биле поднесени и кривични пријави против вкупно 4.515 непознати сторители.

Според тоа, во извештајната 2025 година јавните обвинители во основните јавни обвинителства постапувале против вкупно 36.876 познати полнотелтни сторители, деца и новопријавени непознати сторители.

Споредбено на 2025 година со обемот на работа во 2024 година, заклучокот е дека обемот на работа е на исто ниво кај полнолетните познати сторители и кај непознатите сторители, а со благо намалување од 10 % кај предметите спрема малолетни лица.

**2**.Во 2025 година јавните обвинители од вкупно 31.067 познати полнолетни сторители на кривични дела ( во 2025 новопријавени 19.976 лица и 11.091 пренесени од 2024 ) решиле кривични пријави против вкупно 20.247 лица или 65,2 % , а на крајот на годината останале во работа кривични пријави против вкупно 10.820 лица или 34,8 % од кои 6.066 лица или 56,1 % кај јавните обвинители и 4.754 лица или 43,9 %  кај други органи.

Генералниот заклучок на ниво на целото јавно обвинителство е дека во 2025 година при исти обем на работа во однос на 2024 година нема подобри резултати и е на исто ниво совладувањето на обемот на работа за познати полнолетни сторители на кривични дела, особено ако се има во предвид фактот дека во април 2025 година капацитетот е зајакнат со нови 25 јавни обвинители или за 9,6 %, кое соодветно не се рефлектирало на зголемување на ажурноста.

**3**.Во извештајната 2025 година јавните обвинители во основните јавни обвинителства со проширена надлежност од вкупниот број 1.294 деца во работа ( во 2025 новопријавени 1.124 и 170 пренесени од 2024 ) решени се пријави спрема 1.129 деца или 87,2 % , а на крајот на годината останале во работа 165 деца или 12,8% од кои во јавното обвинителство се 25 деца или 15,2 % и кај други органи 140 деца или 84,8 %.

Генералниот заклучок е дека кај постапувањето по предмети спрема малолетните лица постигнатата ажурност е на задоволително ниво, за разлика од кај познатите полнолетни сторители.

**4.**Во извештајната 2025 година јавните обвинители во основните јавни обвинителства по кривични пријави против непознати сторители постапувале против вкупно 44.728 непознати сторители ( во 2025 новопријавени 4.515 и 40.213 пренесени од претходни години ) решени се пријави спрема вкупно 9.034 непознати сторители или 20,2 % , а на крајот на годината останале во работа кривични пријави против вкупно 35.694 непознати сторители или 79,8 % што е за 4.519 непознати лица помалку во однос на 2024 година, што е значително подобрување.

Генералниот заклучок е дека кај постапувањето по предмети против непознати сторители постигнатата ажурност е на задоволително ниво.

**5.**Во извештајната 2025 година, постапувајќи против вкупно 31.067 полнолетни лица, основните јавни обвинителства решиле кривични пријави против 20.247 лица или 65,2 % со донесување на јавно обвнителски одлуки и тоа, Обвинителни предлози против 4.438 лица или 21,9 %, Наредби за истрага против 1.832 лица или 9 %, ( по завршување на истрагата се поднесени Обвинителни акти против 1.549 лица ), Предлози за издавање на казнен налог против 4.381 лице или 21,7 %, Предлог спогодба во скратена постапка склучена со 77 лица или 0,4 %, Решенија за отфрлање на пријавите, односно дека не се презема гонење против вкупно 8.554 лица или 42,2% и против 965 лица или 4,8 % пријавите се решени на друг начин.

**6**.Во 2025 година јавните обвинители учествувале на вкупно 19.290 одржани главни расправи пред првостепените судови.

Во 2025 година надлежните првостепени судови донеле одлуки со кои ја завршиле првостепената постапка, пресуди, односно Решенија за запирање на постапката пред почеток на главна расправа, против вкупно 9.729 лица.

Од донесените одлуки во прв степен против вкупно 9.729 лица, осудителни се против вкупно 9.081 лице или 93,3%, ослободителни се против вкупно 223 лица или 2,3 %, одбивателни се против вкупно 245 лица или 2,5 %, запирање по предавање на обвинение пред главна расправа се против вкупно 160 лица или 1,7 %, судски опомени се против вкупно 20 лица или 0,2 %,

Од вкупниот број на 9.081 лица со осудителни пресуди од првостепените судови, според видот на кривичната санкција изречени се казна

затвор против 1.607 лица или 17,7 %, парична казна против 2.582 лица или 28,4 % и условна осуда против 4.892 лица или 53,9 %.

**7**.Во извештајната 2025 година јавните обвинители од сите виши јавни обвинителства и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија постапувале со висок степен на ажурност 94-99 %.

## II.Обезбедување, одземање и конфискација

**1**.Во извештајната 2025 година јавните обвинители од основните јавни обвинителства на подрачјата на Вишите јавни обвинителства Битола, Гостивар и Штип не предлагале на судот да се донесе решение за да се определи привремена мерка за обезбедување на побарувања во кривична постапка, на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје само во ОЈО Скопје предложиле мерка за забрана на отуѓување на парични средства од сметка на правно лица, а исклучок за истакнување се јавните обвинители во ОЈО ГОКК по чии предлози се определени привремени мерки за обезбедување на парични средства и недвижен имот во вкупна вредност од 1.721.970.521 денари или околу 28 милиони евра.

**2**.Во извештајната 2025 година јавните обвинители од основните јавни обвинителства на подрачјата на Вишите јавни обвинителства Битола и Гостивар не предлагале донесување на одлуки за конфискација на имот, на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје биле донесени 19 пресуди со кои е конфискуван имот во вкупен износ од 16.733.494,оо денари, на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип мерка конфискација е изречена вкупно со три пресуди со кои се конфискувани готови парични средства во износ од 820.000,оо денари и се конфискувани повеќе бесправно изградени објекти, додека со постапувањето на ОЈО ГОКК се конфискувани парични средства од вкупно 18.510 евра.

**3**.Во извештајната 2025 година јавните обвинители од основните јавни обвинителства на подрачјата на сите виши јавни обвинителства и ОЈО ГОКК предложиле и првостепените судови со пресудите одземале големи колични и повеќе стотици на различни предмети, наркотици, возила, оружје, недвижности, парични средства и други предмети кои биле предмет на извршување на кривично дело или настанале од истото.

**4**.Во извештајната 2025 година согласно јавно обвинителските одлуки на јавните обвинители од основните јавни обвинителства на подрачјата на сите виши јавни обвинителства и ОЈО ГОКК, осомничените лица во постапката за одложено гонење по чл.43 од ЗКП во полза на Буџетот на РСМ уплатиле 18.119.033,оо денари и во хуманитарни цели на овластени организации и институции уплатиле 759.100,оо денари.

## III.Капацитети на јавното обвинителство

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија имајќи ги во предвид надлежностите по Законот за кривична постапка и улогата на јавниот обвинител во раководење со предистрагата и со правосудната полиција, водење на истрагата, е на став дека е потребно зајакнување на капацитетите на со јавни обвинители, јавнообвинителска служба и технички персонал, како и зајакнување на техничките капацитети со замена и набавка на нова опрема, а особено унапредување на процесот на дигитализација на работењето.

Според постоечката Одлука како предвиден број на јавни обвинители во сите јавни обвинителства е вкупно 261 јавен обвинител. Од тоа, на крајот на 2025 година се пополнети вкупно 194 јавно обвинителски места или 74,3 %.

Според постоечката систематизација како предвиден број на јавнообвинителската служба во сите јавни обвинителства изнесува вкупно 1.126 работни места. Од тоа, на крајот на 2025 година се пополнети вкупно 353 места или 31,35 %.

Произлегува потреба од решавање на просторните услови за неколку јавни обвинителства чии услови не се задоволителни, кај другите состојбата е релативно задоволителна со потреба од вложувања за одржување и поправки.

По однос на финансиските потреби и обемот на нивна реализација е потребно континуирано и конзистентно спроведување на законските одредби.

## IV.Нормативни прашања

Анализата на работењето на јавното обвинителство од нормативен аспект укажува на потреба од подобрување на организационото функционирање што покрај другото подразбира и соодветни измени на подзаконските акти за внатрешно работење и активности за нивно спроведување, но произлегува и мислење од постоење на потреба за законски измени во однос на Законот за јавно обвинителство паралелно со Законот за Советот на јавни обвинители, Законот за јавнообвинителска служба и Законот за Академијата за судии и јавни обвинители.

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**М-р Ненад Савески**